# iPhone
## Прирачник за употреба
за iPhone и iPhone 3G

# Содржина


5 Поглавје 1: Започнете
5 Што ви е потребно
5 Аквивирање на iPhone
6 Надградување од оригиналниот iPhone
6 Внесување SIM картичка
6 Регистрирање на iPhone
7 Синхронизирање со iTunes
11 Пошта, контакти и календар профили
13 Инсталирање конфигурациски профили
14 Исклучување на iPhone од вашиот компјутер

15 Поглавје 2: Основа
15 iPhone на прв поглед
18 Home screen
21 Копчиња
23 Екран на допир
25 Тастатура на екран
29 Стерео слушалки и микрофон
30 Поврзување на интернет
32 Батерија
34 Чистење на iPhone
34 Рестартирање и ресетирање на iPhone

35 Поглавје 3: Телефон
35 Телефонски повици
38 Визуелна говорна пошта
40 Контакти
40 Favorites
40 Рингтонови и Ring/Silent прекинувач
42 Bluetooth уреди
45 Интернационални повици

47 Поглавје 4: Пошта
47 Нагодување на профилот за е-пошта (e-mail account)

47 Праќање е-пошта
48 Проверување и читање е-пошта
51 Организирање на електронската пошта

## 53 Поглавје 5: Safari
53 Разгледување веб страници
56 Веб пребарување
56 Маркери (Bookmarks)
57 Веб клипови

## 58 Поглавје 6: iPod
58 Преземање музика, видео и повеќе
60 Музика и останато аудио
65 Видео
68 Нагодување тајмер за исклучување
68 Промена на копчињата за пребарување

## 70 Поглавје 7: Други апликации
70 Текст
72 Календар
77 Фотографии
81 Камера
82 YouTube
85 Акции
86 Мапи
92 Време
93 Часовник
95 Калкулатор
97 Забелешки
98 Контакти

## 101 Поглавје 8: Нагодувања
101 Авионски мод
102 Wi-Fi
103 VPN
103 Носач
104 Земи нови податоци
104 Звуци и Ring/Silent прекинувач
105 Светло
105 Позадини
105 Општо
112 Пошта, контакти, календари
115 Телефон

117 Safari
118 iPod
120 Фотографии

## 121 Поглавје 9: iTunes и Apple Store
121 iTunes Wi-Fi музичка продавница
125 App Store (App продавница)
130 Синхронизирање на купените содржини
131 Потврда на купеното
131 Дополнување на вашиот акаунт

## 132 Додаток А: Наоѓање и елиминирање на проблемите
132 Општо
134 iTunes и синхронизирање
136 Телефон и говорна пошта
137 Safari, пораки, пошта, и контакти
138 Звук, музика и видео
140 iTunes Store
140 Вадење на SIM картичката
140 Зачувување на фајловите од вашиот iPhone
142 Дополнување и обновување на iPhone софтверот
143 iPhone елементи за пристап

## 145 Додаток Б: Останати извори
145 Безбедност, софтвер и сервисни информации
146 iPhone-оптимизиран прирачник за користење

## 147 Index

# Започнете

1

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: За да избегнете повреди, прочитајте ги сите инструкции за ракување вклучени во овој прирачник, како и информациите за безбедност во Прирачникот за важни информации за производот на www.apple.com/support/manuals/iphone пред да почнете да го користите вашиот iPhone.

## Што ви е потребно

За да го користите вашиот iPhone, потребно ви е:

- Договор за користење безжични услуги од операторот кој обезбедува iPhone услуги во вашата област
- Mac или PC со USB 2.0 приклучок и еден од следниве оперативни системи
- Mac OS X верзија 10.4.10 или понова
- Windows XP Home или Professional со Service Pack 2 или понов
- Windows Vista Home Premium, Business, Enterprise, или Ultimate изданието
- Резолуција на дисплејот на вашиот компјутер наместена на 1 024 x 768 или поголема
- iTunes 8.0 или понов, достапен на www.itunes.com/download
- Профил и сметка на iTunes продавницата (за купување од iTunes Wi-Fi музичката продавница или App продавницата)
- Интернет конекција за вашиот компјутер (се препорачува broadband).

## Активирање на iPhone-от

Пред да почнете со користење на која било од функциите на iPhone, морате да го аквивирате преку склучување договор за услуги со оператор во вашата земја како и да го регистрирате вашиот iPhone во мрежата.

Вашиот iPhone може да бил активиран и при купувањето. Доколку не бил, контактирајте со вашиот iPhone продавач или мобилен оператор.

Повеќе информации за iPhone, погледнете на www.apple.com/iphone.

## Надградување на оригиналниот iPhone

Контактирајте го вашиот мобилен оператор за информациите во врска со надградување на оригиналниот iPhone во iPhone 3G. Можно е при тоа да настануват дополнителни трошоци.

## Внесување на SIM картичката

Доколку вашата SIM картичка не била претходно внесена, морате да го сторите тоа пред да почнете со користење на вашиот iPhone.




**Внес на SIM картичката:**

1 Внесете го крајот на SIM алатката за вадење во отворот каде што се наоѓа држачот на SIM картичката
Притиснете цврсто и туркајте сè додека држачот не излезе. Доколку ја немате оваа алатка, можете да употребите спојувалка.

2 Повлечете го држачот на SIM картичката и поставете ја SIM картичката на држачот. Заоблениот агол на SIM картичката осигурува единствено правилно поставување на картичката.

3 Со држачот на SIM картичката поставен како што е прикажано, внимателно внесете го држачот на SIM картичката сосе инсертиран SIM, во вашиот iPhone.

## Регистрирање на iPhone

Регистрирањето на iPhone со апликацијата iTunes овозможува iTunes да го идентификува вашиот iPhone кога тој е поврзан со вашиот компјутер и да ви помогне да ги организирате содржините. Тогаш можете да ги синхронизирате информациите со вашиот компјутер и содржините од iTunes, како и да креирате back-up на содржините и нагодувањата од вашиот iPhone. Можете да направите и ваш профил и сметка за во iTunes Store, или да посочите на постоен профил за да можете да купувате со iPhone. iTunes исто така го запишува и серискиот број на вашиот iPhone во случај ако ви треба некоја услуга или во случај на губење на iPhone-от.

**Регистрирање на вашиот iPhone:**

1 Преземете ја и инсталирајте ја последната верзија на iTunes од www.itunes.com/download

2 Поврзете го вашиот iPhone на USB 2.0 влез на вашиот Mac или PC компјутер со користење кабел којшто доаѓа со вашиот iPhone.



3 Следете ги упатствата на екранот на апликацијата iTunes за да го регистрирате вашиот iPhone и да го синхронизирате со контактите, календарите и забелешките на вашиот компјутер, како и со музиката, видеата и останатите содржини од вашата база на iTunes. Во Set Up Your iPhone screen, одберете ја опцијата Automatically sync contacts, calendars and Bookmarks секогаш кога ќе го вклучите вашиот iPhone во вашиот компјутер тие содржини автоматски за да се синхронизираат. Или, можете да ги персонализирате нагодувањата за синхронизација во апликацијата iTunes. Погледнете во поглавјето подолу.

## Синхронизирање со iTunes

Со iPhone лесно можете да имате брз пристап до вашите контакти, календари, па дури и до Обележувањата (Bookmarks) во пребарувачите. Апликацијата iTunes може да ги синхронизира овие податоци со вашиот телефон, како и музиката, видеата и сите останати содржини од вашата iTunes база.

### Поставување синхронизација

Можете да нагодите iTunes да синхронизира нешто или сѐ од следново:



- Контакти - имиња, телефонски броеви, адреси, електронски адреси и друго
- Календари - состаноци, настани и случувања
- Нагодување e-mail account
- Веб страници и маркери на веб страници ( bookmarks)
- Мелодии и и рингтонови
- Музики и аудио книги
- Фотографии
- Подкасти
- Филмови и ТВ емисии
- Апликации, купени или преземени од iTunes продавницата.

Можете да ги приспособувате/менувате нагодувањата на синхронизација секогаш кога вашиот iPhone е поврзан за вашиот компјутер.

Рингтоновите, музиката, аудио книгите, подкастите, видео содржините и купените апликации се синхронизираат од вашата iTunes база. Доколку немате содржини во iTunes, iTunes продавницата (достапна во некои одредени земји) ви го олеснува купувањето или претплатувањето на одредени содржини и нивно преземање во iTunes. Можете исто така да додавате музика во вашата iTunes база од ЦД-а. За да дознаете повеќе за iTunes и iTunes продавницата, отворете ја апликацијата iTunes и одберете Help > iTunes Help.

Контактите, календарите и запомнетите веб страници се синхронизираат со апликациите на вашиот компјутер, како што е опишано во следниот пасус.

Контактите и календарите се синхронизираат во двете насоки помеѓу вашиот компјутер и вашиот iPhone. Новите содржини или промени направени на вашиот iPhone се синхронизирани со вашиот компјутер и обратно. Обележаните веб страници исто така двонасочно се синхронизираат. Фотографиите можат да бидат синхронизирани или од апликација или од фолдер. Нагодувањата на e-mail account се синхронизираат само од апликацијата на вашиот компјутер на вашиот iPhone. Ова ви овозможува да го персонализирате вашиот e-mail account на вашиот iPhone, без тоа да влијае на нагодувањата на вашиот компјутер.

***Забелешка:*** Можете да отворите e-mail account директно и на вашиот iPhone. Погледнете Mail, Contacts и Calendar Accounts на страница 11.

Купувањата направени преку iPhone од iTunes Wi-Fi Music Store или од App Store се синхронизираат назад во вашата iTunes база. Исто така можете да купувате или да преземате музика или апликации директно од iTunes Store на вашиот компјутер и да ги синхронизирате на вашиот iPhone. Доколку сакате, можете да го поставите вашиот iPhone да синхронизира само со еден дел од она што го имате на компјутерот. На пример, можеби сакате да синхронизирате само група контакти од вашиот адресар или само непрегледани подкасти.

*Важно:* Можете да се приклучетете и да синхронизирате само со еден iPhone истовремено. Исклучете го едниот пред да го вклучите другиот. Би требало да сте логирани на сопственото корисничко име на компјутерот пред користење на iPhone. Доколку синхронизирате повеќе од еден iPhone или iPod на ист PC и исто корисничко име, морате да ги имате истите нагодувања и за двата.

### Нагодување iTunes синхронизација:

1 Поврзете го вашиот iPhone со компјутер, отворете iTunes (доколку не се отвори автоматски)

2 Во iTunes, одберете iPhone во страничното мени

3 Приспособете ги нагодувањата во секое од подменијата

Погледнете го деловите што следат за нивни опис.

*Забелешка*: Доколку го нагодите iPhone да синхронизира контакти, календари и веб страници со MobileMe или Microsoft Exchange, нивното синхронизирање е исклучено во iTunes. Погледнете Setting Up Accounts на страница 12.

4 Притиснете  Apply во долниот десен агол на екранот.

По правило, автоматската синхронизација е вклучена - Automatically sync when this iPhone is connected.

## Прозорците за нагодување iTunes

Следните пасуси обезбедуваат преглед за секој од прозорците на iPhone за нагодување. За повеќе информации, отворете iTunes и одберете Help > iTunes Help.




### Прозорец Summary

Одберете "Automatically sync when this iPhone is connected" за да ги синхронизирате iTunes и iPhone, автоматски штом се поврзете на вашиот компјутер. Отселектирајте ја оваа опција, доколку сакате да ги синхронизирате самостојно, со кликање на Sync копчето во iTunes. За повеќе информации за спречување на автоматско синхронизирање, погледнете во Preventing Automatic Syncing на страница 11.

Доколку сакате да ги синхронизирате само оние содржини од вашата iTunes база што самите сте ги одбрале, одберете Sync only checked songs and videos.

Одберете Manually manage music and videos за да го исключите нивното автоматско синхронизирање. Погледнете Manually Managing Content на страница 59.

### Прозорец Info

Овој прозорец ви овозможува да ја конфигурирате синхронизацијата на вашите контакти, календари, e-mail account-и и веб пребарувачи.

- Контакти

  Можете да синхронизирате контакти со апликациите како: Mac OS X Address Book, Microsoft Entourage, Yahoo! Address Book, and Google Address Book на Mac,

или со Yahoo! Address Book, Google Address Book, Windows Address Book (Outlook Express), Vista Contacts, или Microsoft Outlook 2003 или 2007 на PC. (На Mac, можете да синхронизирате контакти преку повеќе апликации истовремено. На PC, можете да синхронизирате со само една апликација едновремено). Доколку синхронизирате со Yahoo! Address Book, единствено што треба да направите е да кликнете Configure за да ги внесете вашите нови информации за пријавување кога го менувате вашиот Yahoo! ID или на лозинката, откако ќе го нагодите синхронизирањето.

- Календари

  Можете да синхронизирате календари од апликации како што се iCal или Microsoft Entourage на Mac, или од Microsoft Outlook 2003 или 2007 на PC. (На Mac, можете да синхронизирате календари преку повеќе апликации истовремено. На PC, можете да синхронизирате календари со само една апликација едновремено).

- E-mail Овој прозорец ви овозможува да ја конфигурирате синхронизацијата на вашите контакти, календари, e-mail account-и и веб пребарувачи.
- Контакти
- Можете да синхронизирате контакти со апликациите како: Mac OS X Address Book, Microsoft Entourage, Yahoo! Address Book, and Google Address Book на Mac, или со Yahoo! Address Book, Google Address Book, Windows Address Book (Outlook Express), Vista Contacts, или Microsoft Outlook 2003 или 2007 на PC. (На Mac, можете да синхронизирате контакти преку повеќе апликации истовремено. На PC, можете да синхронизирате со само една апликација едновремено.) Доколку синхронизирате со Yahoo! Address Book, единствено што треба да направите е да клинете Configure за да ги внесете вашите нови информации за пријавување кога го менувате вашиот Yahoo! ID или лозинка, откако ќе го нагодите синхронизирањето.
- Календари
- Можете да синхронизирате календари од апликации како што се iCal или Microsoft Entourage на Mac, или од Microsoft Outlook 2003 или 2007 на PC. (На Mac, можете да синхронизирате календари преку повеќе апликации истовремено. На PC, можете да синхронизирате календари со само една апликација едновремено.)
- E-mail account

  Можете да ги синхронизирате нагодувањата на вашиот e-maill account од Mail на Mac, и од Microsoft Outlook 2003 или 2007 или од Outlook Express на PC - нагодувањата на вашиот e-maill account  едноставно се пренесуваат од вашиот компјутер на телефон. Промените што ги правите на e-maill account на вашиот iPhone не влијаат на account на вашиот компјутер.

  Забелешка: Лозинката за вашиот Yahoo! e-maill акаунт не е зачувана на вашиот компјутер што значи дека нема да биде синхронизирана на вашиот iPhone и

таа ќе мора да ја внесете одново. Во Settings, одберете Mail, Contacts, Calendars, кликнете на вашиот Yahoo! e-maill account и внесете ја лозинката.

- Веб пребарувач

  Можете да ги синхронизирате обележаните страници (bookmarks) на вашиот iPhone со Safari на Mac, или со Safari или Microsoft Internet Explorer на PC.

- Напредни можности

  Овие можности ви дозволуваат да ги заменувате информациите на вашиот iPhone со информации на вашиот компјутер за време на следната синхронизација.

**Прозорец Ringtones**

Користете го прозорецот за рингтонови за да ги селектирате оние рингтонови што сакате да ги синхронизирате на вашиот iPhone. За да научите како да креирате мелодии, рингтонови во iTunes, погледнете Creating Ringtones на страница 41.

**Прозорец Music, Podcats, Video**

Користете ги овие прозорци за да ги одредите медиумите/содржините што сакате да ги синхронизирате. Можете да ја синхронизирате цела база на музика, подкасти и видеа или да селектирате одредени листи на песни или подкасти што сакате да ги имате на вашиот iPhone. Доколку сакате да гледате изнајмени филмови на вашиот iPhone, префрлете ги со користење на видео прозорецот во iTunes.

Ако немате доволно место на вашиот iPhone за сите содржини што ги одбравте, iTunes ќе ве праша дали сакате да креира посебна листа за вас и потоа ја нагодува за да ја синхронизира со вашиот iPhone.

**Прозорец Photos**

Можете да синхронизирате фотографии со iPhoto 4.0.3 или поново, или Aperture на Mac; како и со Adobe Photoshop Album 2.0 или понов, или Adobe Photoshop Elements 3.0 или понов на PC. Исто така можете да ги синхронизирате фотографиите од која било папка во вашиот компјутер што содржи фотографии.

**Прозорец Applications**

Користете го прозорецот за апликации за да посочите која од апликациите од App. Store сакате да ја инсталирате на вашиот iPhone. Која било од апликациите кои се преземени директно на вашиот iPhone е и автоматски зачувана во вашата iTunes база при синхронизирањето. Доколку рачно избришете апликација од iPhone, можете повторно да ја инсталирате од овој прозорец, доколку претходно била синхронизирана.

## Спречување автоматска синхронизација

Ако сакате да го спречите вашиот iPhone автоматски да ја извршува синхронизацијата при вклучување на вашиот iPhone во компјутер, тоа би било поинаку од вообичаениот начин на синхронизирање.

**Исклучете го автоматското синхронизирање на вашиот iPhone:** Приклучете го телефонот на вашиот компјутер. Во iTunes, обележете iPhone во страничното мени, потоа кликнете на Summary tab. Деселектирајте Automatically sync when this iPhone is connected. Секогаш можете да синхронизирате со кликање на обележаното копче.

**Спречете ги автоматските синхронизирања за сите ваши iPhone или iPod уреди:** Во iTunes одберете iTunes > Preferences (на Mac) или Edit > Preferences (на PC), кликнете на Devices и обележете Disable automatic syncing for all iPhones and iPods. Доколку ова поле е селектирано, вашиот iPhone нема да ја почне синхронизацијата автоматски, дури и доколку Automatically sync when this iPhone is connected, е обележано во Summary tab.

**Спречување автоматската синхронизација еднаш, без дополнително менување на нагодувањата:** Отворете iTunes. Потоа, како што ќе го вклучите вашиот iPhone во компјутерот, притиснете и држете на Command-Option (на Mac) или на Shift-Control (на PC) сè додека не го забележите појавувањето на iPhone во страничното мени.

**Мануелно синхронизирање:** Во iTunes, одберете iPhone во страничното мени, потоа кликнете Sync во долниот десен агол на прозорецот. Или, доколку сте ги промениле нагодувањата, кликнете Apply.

## Пошта, контакти и календар профили

iPhone работи со MobileMe, Microsoft Exchange и повеќето од најпопуларните системи за електронска пошта.

### Нагодување account

MobileMe и Microsoft Exchange обезбедуваат не само е-пошта, туку и податоци за контакти и календари кои, исто така, можат да се синхронизираат автоматски во вашиот iPhone. MobileMe може исто така да ги синхронизира запомнетите веб страници на iPhone со Safari на Mac, или со Safari или Microsoft Internet Explorer на PC. Можете да ги нагодите MobileMe, Exchange, како и останати e-mail акаунти директно на вашиот iPhone.

iPhone го користи Exchange ActiveSync протоколот за да синхронизира е-пошта, календари и контакти со следните верзии на Microsoft Exchange:

- Exchange Server 2003 Service Pack 2
- Exchange Server 2007 Service Pack 1

За многу од познатите e-mail account-и , iPhone автоматски ги внесува нагодувањата за вас. Доколку претходно немате создадено e-mail account, можете да направите бесплатен и тоа на www.yahoo.com, www.google.com, или на www.aol.com. Исто така, можете да го пробате и MobileMe, бесплатно, 60 дена. Одете на www.me.com.

### Додавање профил на вашиот iPhone:

1 Од основното мени (Home screen) на вашиот iPhone  Settings.

2 Допрете Mail, Contacts, Calendars и потоа допрете Add Account.

3 Допрете го типот на профилот:

- Microsoft Exchange
- MobileMe
- Google email
- Yahoo! Mail
- AOL
- Останати.

4 Внесете ги податоците за вашиот акаунт и кликнете Save.

Вашиот провајдер или системски администратор може да ви ги обезбеди нагодувањата што ви се потребни.

***Exchange accounts:*** Внесте ја вашата целосна е-адреса, domain (опционално), корисничко име, лозинка и опис. Описот може да биде каков што сакате вие.

iPhone го поддржува Microsoft Autodiscovery сервисот што го користи вашето корисничко име и лозинка за да ја утврди адресата на Exchange Серверот. Доколку адресата на серверот не може да биде одредена, ќе ви биде побарано да ја внесете. (Внесете ја целосната адреса во полето на серверот.) Откако еднаш ќе се поврзете на Exchange серверот, ќе ви биде побарано да ја промените вашата лозинка согласно политиката на серверот.

5 Доколку ги нагодувате Exchange или MobileMe акаунтот, кликнете на содржините што сакате да ги синхронизирате - пошта, контакти, календари и веб страници (само на MobileMe). За Exchange акаунтите, можете да нагодувате колку денови од поштата сакате да синхронизирате на вашиот iPhone. Потоа кликнете Save.

***Важно:*** Доколку синхронизирате контакти или календар преку Exchange или MobileMe акаунтот, синхронизирањето на контактите и календарите во iTunes е исклучено. Која било информација за контактите или календарите на вашиот iPhone ќе биде заменета со контактите и календарите од вашиот Exchange или MobileMe профил.

### Push профили

MobileMe, Microsoft Exchange, и Yahoo! Mail се познати како “push” акаунти. Кога има достапни нови информации, како, на пример, пристигнување нови пораки, информациите автоматски пристигнуваат (втурнуваат) на вашиот iPhone. (Спротивно на тоа се,„земи ги“ услугите, за кои е потребно е-mail софтверот да проверува периодично со вашиот сервис провајдер дали има пристигнато нови

пораки, и потоа да побара тие да бидат испорачани.) MobileMe и Exchange исто така користат push за да ги синхронизираат вашите контакти, календари и веб страници (само MobileMe) доколку овие елементи се одбрани во нагодувањата на акаунтот. Синхронизираните информации автоматски се пренесуваат преку безжична конекција; нема потреба да го поврзувате вашиот iPhone со компјутерот за да синхронизирате. Доколку немате мобилна мрежа, iPhone може да прима „push" податоци преку Wi-Fi конекција кога вашиот iPhone е активен (ако дисплејот е вклучен, или доколку iPhone е приклучен за компјутер или адаптер за струја).

## Инсталирање профили за конфигурација

Доколку се наоѓате во деловна околина, можете да ги нагодувате акаунтите и останато на вашиот iPhone преку инсталирање профили за конфигурација. Профилите за конфигурација даваат можност на системските администратори едноставно и брзо да го нагодат вашиот iPhone да работи со IT системите во вашата компанија, училиште или организација. На пример, профилот за конфигурација може да биде нагоден вашиот iPhone за да има пристап на Microsoft Exchange серверите на работа, со што ќе му овозможи на вашиот iPhone да пристапи до Exchange e-mail, календари и контакти. Профилите за конфигурација можат да конфигурираат повеќекратни нагодувања на вашиот iPhone во исто време. На пример, профилот за конфигурација може да го нагоди вашиот Microsoft Exchange профил, VPN профил, како и сертификати за безбеден пристап до мрежата и информациите на вашата компанија.

Профилот за конфигурација може да го вклучи „passcode" клучот, барајќи ви притоа да создадете и да внесете „passcode" за користење на iPhone.

Вашиот системски администратор може да дистрибуира профил за конфигурација преку e-mail, ставајќи го на безбедна веб страница.

**Инсталирање на профилите за конфигурација**

1 Со користење на вашиот iPhone, отворете електронска порака или преземете го профилот од веб страницата обезбедена од страна на вашиот ситестемски администратор.

2 Кога ќе се отвори профилот за конфигурација, кликнете Install.

3 Внесете ја лозинката и информациите што ви се бараат.

***Важно:*** Можно е да ви биде побарано да потврдите дека профилот за конфигурација е доверлив. Доколку се сомневате, консултирајте се со вашиот системски администратор пред да го инсталирате. Нагодувањата обезбедени од профилот за конфигурација, не можат да бидат променети. Доколку сакате да го сторите тоа, првин морате да го отстраните профилот за конфигурација и да инсталирате нов, подобрен.

**Отстранување профил:** Во Settings, допрете General > Profile, потоа допрете го профилот за конфигурација и кликнете Remove.

Отстранувањето профил за конфигурација ги брише сите нагодувања, како и сите останати информации инсталирани со профилот, на вашиот iPhone.

## Исклучување на iPhone-от од вашиот компјутерот

Вашиот iPhone можете да го исклучите од компјутерот во кое било време, освен кога  iPhone-от се синхронизира со компјутерот. Кога вашиот iPhone се синхронизира со компјутерот, iPhone покажува Sync in progress.„Доколку го исклучите пред завршување на синхронизацијата, дел од податоците може да не бидат префрлени. Кога синхронизацијата е завршена, iTunes ќе покаже „sync is complete."

**Откажување синхронизација:** Повлечете го лизгачот на вашиот iPhone.

Доколку добиете повик за време на синхронизацијата, таа е автоматски откажана, и можете да го исклучите вашиот iPhone и да одговорите на повикот. Поврзете го вашиот iPhone по повикот за да ја завршите синхронизацијата.

# Basics

2

## iPhone at a Glance



# iPhone вклучени додатоци




| Item | What you can do with it |
|---|---|
| **Стерео слушалки со микрофон** | Слушајте музика, видеа и телефонски повици. Користете го вградениот микрофон за да разговарате. Притиснете го копчето „mic" за да одговорите или за да го завршите повикот. Кога слушате iPod, притиснете го копчето еднаш за да пуштите или да паузирате песна, или притисете го два пати за да преминете на следната. |
| **Dock приклучок со USB кабел** | Употребете го кабелот за да го приклучитете вашиот iPhone на компјутерот за да го синхронизирате или да го наполните. Кабелот може да се користите и со дополнителен приклучок или да биде вклучен директно во вашиот iPhone. |
| **USB адаптер за струја** | Поврзете го адаптерот за струја со вашиот iPhone со помош на кабелот кој е вклучен и потоа ставете го вашиот iPhone да се полни. |
| **Платно за чистење** | за бришење на екранот на вашиот iPhone. |
| **Алатка за исфрлање SIM** | За вадење на SIM картичката. |

## Икони што го покажуваат статусот

Иконите во статусното мени, најгоре на екранот, ви даваат информации за вашиот iPhone:

| Икони што го покажуваат статусот | | Значење |
|---|---|---|
| | Мрежен сигнал (Cell signal) | Покажува дали сте во досег на мобилната мрежа и дали можете да воспоставувате и добивате повици. Колку повеќе цртички, толку е појак сигналот. Доколку нема никаков сигнал, цртичките ќе се заменат со "No service." |
| | Авионски мод (Airplane mode) | Покажува дека модот за користење во авион е вклучен – не можете да го користите телефонот, да пристапите на интеренет или да користите Bluetooth®. Не-безжичните карактеристики се достапни при овој мод. Погледнете на страница 101. |
| 3G | 3G | Покажува дека вашиот 3G оператор е достапен и дека од вашиот iPhone можете да се поврзете на интернет преку 3G. Услугата е достапна само на iPhone 3G. Погледнете на страница 30. |
| E | EDGE | Покажува дека вашиот GPRS оператор е достапен и дека од вашиот iPhone можете да се поврзете на интернет преку EDGE.  Погледнете на страница 30. |
| o | GPRS | Покажува дека вашиот GPRS оператор е достапен и дека од вашиот iPhone можете да се поврзете на интернет преку  GPRS. Погледнете на страница 30. |
| | Wi-Fi | Покажува дека вашиот iPhone е приклучен на интернет преку безжична, Wi-Fi мрежа. Колку повеќе цртички, толку посилен мрежен сигнал. Погледнете на страница 24. |
| | Мрежна аквивност (Network activity) | Упатува на "over-the-air" синхронизација или која било друга мрежна активност. Некои апликации од трети страни можат да ја користат оваа икона-индикатор  на нивната активност. |
| VPN | VPN | Покажува дека сте поврзани на мрежа преку  VPN. Погледнете „Network"на страница 106. |
| | Заклучи (Lock) | Покажува дека вашиот iPhone е заклучен. Погледнете на страница 20. |
| | Play | Покажува дека свири песна, аудио книга или подкаст. Погледнете на страница 60. |
| | Alarm | Покажува дека алармот е вклучен. Погледнете на страница 93. |

## Икони што го покажуваат статусот

Иконите во статусното мени, најгоре на екранот, ви даваат информации за вашиот iPhone:

| Икони што го покажуваат статусот | Значење |
|---|---|
| Мрежен сигнал (Cell signal) | Bluetooth е вклучен и уредот, како на пример, слушалките или уредот за во автомобил, се вклучени. Сива икона: Bluetooth е вклучен, но нема вклучени уреди. Без икони: Bluetooth е исклучен. Погледнете на страница 42. |
| Батерија за Bluetooth слушалки (Bluetooth Headset battery) | Го покажува нивото на батерија на iPhone Bluetooth слушалката кога таа е вклучена. Погледнете во "iPhone Bluetooth Headset" на страница 42. |
| Батерија (Battery) | Го покажува нивото на батеријата или статусот при нејзиното полнење. Погледнете на страница 31. |
| TTY | Покажува дека iPhone е поставен да работи со TTY машина. Погледнете на страница 116. |

## Мени Дома (Home screen)

Притиснете на копчето Дома/Home во кое било време, за да ги видите апликациите во вашиот iPhone. Кликнете на која било од иконите на апликациите за да започнете.

### iPhone апликации

Следните апликации се вклучени во вашиот iPhone:

| | |
|---|---|
| Телефон (Phone) | Воспоставувајте повици, со брз пристап до броевите што последни сте ги повикале, омилените броеви и до сите ваши контакти. Или вртете рачно со користење на нумеричката тастатура. Визуелната гласовна пошта ви претставува листа од вашите гласовни пораки. Само кликнете за да преслушате која било од пораките, по редослед кој самиот го сакате. |
| Пошта (Mail) | iPhone работи со MobileMe, Microsoft Exchange, и многу од останатите популарни системи за електронска пошта - вклучувајќи го и Yahoo! Mail, Google email и AOL - како и најиндустриски стандардизираните системи POP3 и IMAP e-mail системи. Прегледувајте PDF документи и останати прилози во вашата пошта. Зачувајте ги прикачените фотографии или графики во вашиот фото албум (Camera Roll album). |
| Сафари (Safari) | Пребарувајте веб страници од вашиот мобилен телефон, со помош на мобилната податочна мрежа или преку WI-FI. Изротирајте го вашиот iPhone за прегледување на цел екран. Допрете два пати за да ја зголемите или да ја намалите сликата - Safari автоматски ја нагодува веб страницата во рамките на екранот на вашиот iPhone, што ви овозможува полесно читање. Синхронизирајте ги Обележаните (bookmarks) со Safari или Microsoft Internet Explorer на вашиот компјутер. Додавајте Safari веб клипови на основниот (Home) екран, за брз пристап до вашите омилени веб страници. Зачувајте ги сликите од веб страниците во вашата фото галерија. |
| iPod | Преслушувајте ги вашите песни, аудио книги и подкасти. Креирајте „on-the-go" листи или користете ја алатката "Genius", автоматски за да креирате листа на песни од вашата база коишто одлично се совпаѓаат. Гледајте филмови и видео подкасти на голем екран. |

| | |
|---|---|
|  Пораки (Text) | Праќајте и добивајте SMS пораки со кого било што ја користи оваа услуга. Разговорите се зачувуваат во слична форма како iChat презентација, за да можете да ја прегледувате историјата на пратени и примени пораки. |
|  Календар (Calendar) | Прегледувајте ги вашите MobileMe, iCal, Microsoft Entourage, Microsoft Outlook, или Microsoft Exchange календари. Внесувајте податоци и настани на вашиот iPhone и тие ќе бидат синхронизирани назад со календарот на вашиот компјутер. Поставете известувања за да ве потсетат на настаните, состаноците и роковите. |
|  Фотографии (Photos) | Прегледувајте фотографии и слики префрлени од вашиот компјутер или зачувани на вашиот iPhone. Прегледувајте ги поставени хоризонтално или вертикално. Зумирајте на која било фотографија, за поглед од блиску. Прегледувајте slideshow. Пратете ги фотографиите преку е-пошта, додадете ги на MobileMe галеријата, доделете ги на вашите контакти или искористете ги како позадина. |
|  Камера (Camera) | Сликајте со 2 megapixel камера и прегледувајте ги фотографиите на својот iPhone, пратете ги по е-пошта или префрлете ги на вашиот компјутер. Фотографирајте ги вашите пријатели и нагодете го вашиот  iPhone да ја покажува фотографијата кога тоа лице ве бара. |
|  YouTube | Пуштајте видеа од онлајн колекцијата на YouTube. Пребарувајте видеа или прегледувајте ги најгледаните, последно прикачените или највисоко оценетите видеа. |
|  Акции (Stocks) | Следете ги своите омилени акции, дополнети автоматски од интернет. |
|  Мапи (Maps) | Погледнете мапа од улиците, поглед од сателит или хибриден поглед од локации од секаде од светот. Зумирајте за поглед одблизу. Пронајдете ја и лоцирајте ја вашата моментална (приближна) локација. Добивајте детални насоки при возење и погледнете ги моменталните состојби и услови во сообраќајот. Пронаоѓајте соработници во околината и јавете им се само со еден клик. |
|  Временска прогноза (Weather) | Добијте ги моменталните временски услови, како и прогноза за претстојните 6 денови. Одберете ги вашите омилени градови за да добиете брз временски извештај во секое време. |
|  Часовник (Clock) | Погледнете го времето во градовите ширум светот – креирајте часовници за вашите омилени. Нагодете еден или повеќе аларми. Користете стоперка или одбројувач на времето. |
|  Сметач (Calculator) | Додавајте, одземајте, множете и делете. Изротирајте го својот iPhone странично за да ги користите многуте математички функции. |

| | |
|---|---|
| Забелешки (Notes) | Прибележувајте во движење – потсетници, листи за набавки, брилијантни идеи. Пратете ги по е-пошта. |
| Нагодувања (Settings) | Нагодете профили и приспособувајте ги сите нагодувања на вашиот iPhone на едно соодветно место. Нагодете го ограничувањето на јачината на звукот како што ви одговара. Нагодете ги вашите ринг тонови, позадини, светлината на екранот, како и нагодувањата за мрежата, телефонот, е-пошта, музиката, видеото, фотографиите и многу повеќе. Нагодете го автоматското заклучување и шифри за безбедност. Ограничете го пристапот до експлицитните содржини од iTunes, како и одредени апликации. Ресетирајте го својот iPhone. |
| iTunes | Пребарувајте ја iTunes Wi-Fi музичката продавница, каталогот или, пак, пребарувајте, пронаоѓајте, гледајте и купувајте нови изданија, топ 10 песни и албуми и многу повеќе. На одредени Starbucks локации можете да дознаете која песна свири во кафулето и веднаш да ја купите. Барајте, прегледувајте и купувајте песни од колекциите на старбакс (Starbucks Collections). |
| App Store | Пребарувајте ја App Store за апликации за вашиот iPhone коишто можете да ги купите или преземете користејќи ја вашата Wi-Fi или мобилна конекција. Читајте или пишувајте сопствени рецензии за вашите омилени апликации. Преземете ги и инсталирајте ги апликациите на вашето основно мени. |
| Контакти (Contacts) | Синхронизирајте ги вашите контакти MobileMe, Mac OS X Address Book, Yahoo! Address Book, Google Address Book, Windows Address Book (Outlook Express), Microsoft Outlook или Microsoft Exchange. Пребарувајте, додавајте, менувајте или бришете контакти, кои повторно се синхронизираат со вашиот компјутер |

[1] Не се достапни во сите региони.
[2] Не сите функции и услуги на Мапи (Maps) се достапни во сите региони.
[3] Достапна е само во САД.

## Приспособување на вашето мени

Можете да го приспособите изгледот на иконите на основното мени – вклучително и иконите на основата – долниот дел од екранот. Ако сакате, можете да ги наредите во неколку основни менија.

**Преуредување на иконите:**

1 Допрете ја и држете која било икона од основното мени (Home screen) сè додека иконите не почнат да мрдаат.

2 Наместете ги иконите влечејќи ги.

3 Притиснете го копчето Home ▢ за да го зачувате преуредувањето.

Можете, исто така, да додавате линкови до вашите омилени веб страници на основното мени. Погледнете на Web Clips на страница 57.

**Создавање дополнителни Home екрани (основни менија):** Додека ги редите иконите, влечете ја иконата кон десниот агол на екранот сè  додека не се појави нов екран.



Кликнете за да се вратите назад и за да додавате други икони. Можете да креирате до девет екрани. Бројот на точките над Dock-от покажува колку екрани имате и индицира кој екран го гледате во моментот.

**Префрлување на друг екран:** Кликнете лево или десно, или допрете на левиот или десниот ред точки.

**Ресетирање на основниот изглед на Home screen:** Одберете Settings > General > Reset и допрете Home Screen Layout.

## Копчиња

Неколку копчиња ги прават едноставни вклучувањето и исклучувањето на вашиот iPhone, нагодувањето на јачината на звукот и преместувањето помеѓу опцијата sвонење и без звук.

### Sleep/Wake копче

Кога не го користите својот iPhone, но, сепак, сакате да добивате повици и пораки, можете да го заклучите.

Кога вашиот iPhone е заклучен, ништо не се случува доколку го допрете екранот. Сè уште можете да слушате музика и да го нагодувате звукот, да го користите копчето на слушалките за да пуштите или да паузирате песна или за да одговорите или завршите повик.

По правило, доколку не го допрете екранот една минута, iPhone-от автоматски ќе се заклучи.




| | |
|---|---|
| **Заклучување на iPhone:** | Притиснете го Sleep/Wake копчето. |
| **Отклучување на iPhone:** | Притиснете го Home копчето, или пак Sleep/Wake, па повлечете по лизгачот. |
| **Целосно исклучување на iPhone:** | Притиснете и држете го Sleep/Wake копчето неколку секунди додека не се појави црвениот лизгач, а потоа повлечете го. Кога iPhone-от е исклучен, дојдовните повици се упатуваат кон говорната пошта. |
| **Вклучување на iPhone:** | Притиснете и држете го Sleep/Wake копчето, сè додека не се појави логото на Apple. За информациите околу промената на времето на заклучување, погледнете во "Auto-Lock" на страница 108. Информациите за тоа како да го нагодите iPhone да бара лозинка за вклучување или исклучување, погледнете на "Passcode Lock" на страница108. |

## Копчиња за глас

Кога зборувате на телефон или слушате песни, гледате филмови или друго, со страничните копчиња на вашиот iPhone можете да ја нагодувате јачината на звукот. Во спротивно, со копчињата се регулира нивото на јачина на ѕвонењето, предупредувањата и останатите звучни сигнализации.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: За важни информации околу избегнување на оштетување на слухот, погледнете во Водичот за важни информации за производот на www.apple.com/support/manuals/iphone

За да го приспособите тонот, користете ги копчињата странично на вашиот iPhone.




За да нагодите граница на јачината за музика и филмови, погледнете во "Music" на страница 118.

## Ѕвони/Без звук (Ring/Silent Switch)

Преместете го Ring/Silent копчето за да менувате помеѓу Ѕвони/Без звук.




Кога е наместен на профил ѕвонење, вашиот iPhone ги свири сите звуци. Кога е наместен без звук, тој воопшто не испушта звуци. Единствени звуци кои се слушаат е нагодениот аларм. По правило, кога добивате повик, вашиот iPhone вибрира без разлика дали е нагоден да ѕвони или не. Доколку телефонот е нагоден да ѕвони, можете да го исклучите ѕвонењето, со притискање на Sleep/Wake копчето или на едно од копчињата за звук, еднаш. Со притискање втор пат, го праќате повикот кон говорната пошта. За сите информации околу промената на нагодувањата за вибрирање, погледнете во "Sounds and the Ring/Silent Switch" на страница 104.

# Екран на допир

Функциите на екранот на вашиот iPhone динамично се менуваат во зависност од функцијата што ја извршувате.

## Отворање апликации

**Отворете апликација:** Допрете ја иконата.



**Враќање на основното мени:** Притиснете го Home копчето под дисплејот.

## Движење (Scrolling)

Повлекувајте нагоре или надолу за да движите. На некои екрани, како на пример веб страниците, можете да движите и странично.




Помрднувањето на вашиот прст нема да одбере или да вклучи ништо на екранот. Кликајте нагло за да движите брзо.




Можете да почекате да запре движењето, или да кликнете каде било на екранот, за да го запрете веднаш. Кликањето или допирањето на екранот, за да го сопрете движењето, нема да одбере или да активира ништо на телефонот.

За да се движите брзо до почетокот на листата, веб страницата или е-пошта, едноставно кликнете на статусниот бар (поле).

## Листи (Lists)

Некои од листите имаат регистар од десната страна.

**Пронајдете ги податоците од регистарот:** Кликнете на буква за да одите директно на одбраната содржина што почнува на таа буква... Движете го прстот преку регистарот за да пребарувате низ листата.




**Одберете апликација:** Кликнете на содржината од листата. Во зависност од листата, кликањето може да прави различни функции / на пример, може да отвори нова листа, може да пушти песна, може да отвори е-пошта, или може да ги прикаже информациите за некој контакт за да може да му се јавите.

**Враќање на претходната листа:** Кликнете на копчето Назад, во горниот лев агол.

## Зголемување и намалување на сликата (Zooming In or Out)

Кога прегледувате фотографии, веб страници, е-пошта или мапи, можете да ја зголемувате или намалувате големината на сликата. Спојте ги прстите или одвојувајте ги. За фотографии и веб страници кликнете два пати брзо за да зголемите и уште два пати брзо за да намалите. За мапи, кликнете два пати за да зголемите и кликнете еднаш со два прста за да намалите.



## Тастатура на екран

Користете ја тастатурата на екранот за да внесувате текст, како, на пример, информации за контактите, пораките или веб адресите.

## Пишување

Во зависност од апликацијата што ја користите, интелигентната тастатура автоматски ќе ви сугерира корекции како што пишувате за да ви помогне да избегнете грешни зборови.

**Внесување текст:**

1 Допрете во полето за текст, на пример нов контакт, за да ја отворите тастатурата.

2 Почнете да пишувате со показалецот.

Како ќе се подобрувате, ќе можете да пишувате и со палците. Како што пишувате, секоја буква се појавува над вашиот прст. Доколку допирате погрешно копче, можете да го помрднете прстот до точното. Буквите не се внесени сѐ додека не го тргнете прстот од копчето.




| | |
|---|---|
| **Пишување со големи букви.** | Кликнете на копчето Shift пред да напишете некоја буква. |
| **Брзо кликнете пауза или space** | Брзо кликнете пауза или space или со кликање два пати на копчето space. (Овие нагодувања, можете да ги исклучите во Settings > General > Keyboard.) |
| **Вклучете големи букви** | со кликање два пати на копчето Shift. Кога тоа ќе посини, сите букви се големи. Кликнете повторно на истото копче за да ја исклучите опцијата за големи букви. (И оваа функција можете да ја исклучетете во > General > Keyboard.) |
| **Броеви, интерпункциски знаци и симболи /** | Кликнете на копчето за броеви .?123. Кликнете на копчето за симболи #+= за дополнителни знаци и симболи. |
| **Пишувајте букви или симболи кои не се на тастатурата.** | Притиснете и држете ја саканата буква или симбол и потоа пролизгајте за да пронајдете варијација. |

## Интернационални тастатури

iPhone обезбедува тастатури коишто ви дозволуваат да пишувате текст на повеќе различни јазици.

За листа на поддржани тастатури погледнете на www.apple.com/iphone/specs.html.

### Вклучете ги и исклучете ги интернационалните тастатури

1 Во Settings, одберете General > International > Keyboards.

2 Вклучете ја тастатурата што ја сакате. За јазиците за кои треба повеќе од една тастатура, како кинески и јапонски, се покажува бројот на достапни тастатури. Кликнете за да одберете соодветна тастатура.

| | |
|---|---|
| **Движење/менување помеѓу тастатурите кога е вклучена повеќе од една тастатура** | Кликнете 🌐 за да промените тастатури. Кога ќе кликнете на симболот, името на ново активираната тастатура веднаш се појавува. |
| **Внесување јапонска Kana тастатура** | Користете ја Kana тастатурата за да одбирате слогови. За повеќе варијанти на слогови, кликнете на стрелката и одберете друг слог или збор од прозорецот. |
| **Внесување јапонски QWERTY тастатура** | Користете ја QWERTY тастатурата за да внесувате шифри за јапонски слогови. Како што пишувате, се појавуваат предложените слогови. Кликнете на слогот за да го одберете. |
| **Внесување корејска тастатура** | Користете ја корејската тастатура во два дела за да пишувате Hangul букви. За да пишувате двојни согласки или сложени вокали, притиснете и држете ја буквата и потоа излизгајте за да ја одберете посакуваната двојна буква. |
| **Внесување поедноставен корејски Pinyin** | Користете го екранот на допир да внесете кинески карактери со вашите прсти. Како што ги пишувате линиите од карактерите, iPhone ги препознава и ви дава листа на карактери со кои се совпаѓаат, каде што карактерот со кој постои најголемо совпаѓање е на врвот на листата; кога ќе изберете карактер, карактерот којшто е сличен се појавува во листата како дополнителен избор. |

Кога поедноставениот или традиционалниот ракописен кинески е вклучен, можете да внесувате кинески карактери со вашиот прст, како на сликата:



## Речник (Dictionary)

За многу јазици, iPhone има речници за да ви помогнат при пишувањето. Соодветниот речник се активира автоматски соодветно на избраната тастатура.

За листа на поддржувани јазици, погледнете на, www.apple.com/iphone/specs.html.

iPhone користи активен речник со кој предлага корекции или го довршува зборот што го пишувате. Не мора да го прекинете вашето пишување за да го прифатите предложениот збор.




Предложен збор

**Прифаќање или одбивање сугестии од речникот:**

- За да одбиете предложен збор, завршете со пишувањето на зборот како што сакате и потоа кликнете “x”, за да ја отфрлите сугестијата пред да почнете да пишувате друго. Секој пат кога одбивате да прифатите сугестија за еден збор, веројатно дека iPhone ќе го прифати зборот како таков.
- За да го прифатите предложениот збор, кликнете Space, интерпункциски знак или знакот за назад.

*Забелешка:* Доколку пишувате на јапонски или на кинески, кликнете на една од предложените алтернативи:

**Корегирајте текст:** Допрете и држете за да го зголемите текстот , а потоа повлечете до позицијата каде што сакате да инсертирате.



## Стерео слушалки со микрофон

Слушалките вклучени со вашиот iPhone вклучуваат и микрофон, како и вградено копче, кое ви овозможува едноставно да одговарате на повиците, како и да го контролирате аудио и видео плејбекот.

Вклучете ги слушалките за да слушате музика или телефонски повик. Соговорниците ве слушаат преку вградениот микрофон. Притиснете на копчето “mic” за да ја контролирате музиката и за да возвратите на повиците, дури и кога вашиот iPhone е заклучен.




| | |
|---|---|
| **Паузирајте песна или видео** | Притиснете го mic копчето еднаш. Притиснете го уште еднаш за да продолжите. |
| **Преминете на следна песна** | Притиснете два пати брзо. |
| **Одговорете на дојдовен повик** | Притиснете еднаш. |
| **Завршете го тековниот разговор** | Притиснете еднаш. |

| | |
|---|---|
| **Одбијте дојдовен повик** | Притиснете и држете околу две секунди и потоа пуштете. Кога ќе пуштите две тивки титкања ќе ви потврдат дека сте го одбиле повикот. |
| **Префрлете од дојдовен повик на повик на чекање и ставете го моменталниот повик на чекање** | Притиснете еднаш. Притиснете уште еднаш за да се вратите назад на претходниот повик. |
| **Префрлете на дојдовен повик или повик на чекање или завршете го моменталниот повик** | Притиснете и држете околу две секунди и потоа пуштете. Кога ќе пуштите, два ниски тона ќе ве известат дека сте го завршиле првиот повик. |

Ако добиете повик додека слушалките се вклучени, ѕвонењето можете да го слушнете преку звучникот на iPhone и преку слушалките.

# Поврзување на интернет

iPhone се поврзува на интернет автоматски, секогаш кога користите Mail, Safari, YouTube, Акции, Мапи, Време, the App Store или iTunes Wi-Fi Music Store.

## Како iPhone се поврзува на интернет

iPhone се поврзува на интернет користејќи или Wi-Fi мрежа или мобилна податочна (data) мрежа. iPhone го прави следново, по ред, сѐ додека не се конектира:

- Се поврзува на последната Wi-Fi мрежа што сте ја користеле, а којашто е достапна.
- Доколку не е достапна ниту една од Wi-Fi мрежите што сте ги користеле, iPhone покажува листа на Wi-Fi коишто се достапни. Кликнете на мрежата и, доколку е потребно, внесете лозинка за да влезете. Мрежите кои бараат лозинка за да им се приклучите, тоа го прикажуваат веднаш до нив. Можете да го заштитите iPhone од автоматско прикажување на сите достапни мрежи. Погледнете "Wi-Fi" на страница 102.
- Доколку ниедна Wi-Fi мрежа не е достапна или доколку одберете да не се приклучетете ниту на една, iPhone се конектира на интернет преку мобилната податочна (data) мрежа (3G, E, или o). Преку овој вид мрежа не можете да пристапите на iTunes Wi-Fi Music Store.

Доколку нема достапни Wi-Fi мрежи, и доколку мобилната податочна (data) мрежа исто така е недостапна, iPhone не може да пристапи на интернет.

***Забелешка:*** Доколку го користите оригиналниот iPhone, не можете да користите интернет преку мобилната податочна (data) мрежа додека разговарате. Морате да имате Wi-Fi конекција за да користите интернет апликации, додека зборувате на телефонот.

Многу Wi-Fi мрежи можат да се користат бесплатно и тие во некои региони вклучуваат Wi-Fi hotspots обезбедени од iPhone застапникот. Некои Wi-Fi мрежи бараат надоместок. За да се приклучите на Wi-Fi мрежа, на одреден hotspot каде што се бара надоместок, можете да отидете на Safari за да отворите страница којашто ќе ви дозволи да се запишете за услугата.

## Приклучување на Wi-Fi мрежа

Wi-Fi нагодувањата ви овозможуваат да вклучите Wi-Fi и да се приклучите на Wi-Fi мрежи.

**Вклучете Wi-Fi:** Одберете Settings > Wi-Fi и вклучете ја Wi-Fi.

**Приклучување на Wi-Fi мрежа:** Одберете Settings > Wi-Fi, почекајте за момент додека iPhone ги открие достапните мрежи во околината, и потоа одберете мрежа (може да се појават дополнителни трошоци за користење на некои Wi-Fi мрежи). Доколку е потребно, внесете лозинка и допрете на Join (мрежите кои бараат лозинка, се појавуваат со икона од катанец).

Кога еднаш ќе се приклучетете на Wi-Fi мрежа мануелно, iPhone автоматски се поврзува на неа секогаш кога е достапна. Доколку е достапна повеќе од една претходно користена мрежа, iPhone ќе се приклучи на последната користена.

Кога вашиот iPhone е поврзан на Wi-Fi мрежа, Wi-Fi иконата на статусната плочка, во горниот дел од екранот, ја покажува јачината на конекцијата. Колку повеќе линии гледате, толку е посилна конекцијата. За информации за конфигурирање на Wi-Fi нагодувањата, погледнете на "Wi-Fi" на страница 102.

## Мобилен мрежен пристап

3G, EDGE и GPRS дозволуваат интернет конекција преку мобилната мрежа што е достапна преку вашиот мобилен оператор. Проверете ги мрежните покривања на операторот во вашата област за достапност.

Ќе знаете дека вашиот iPhone е поврзан на интернет преку мобилна мрежа, доколку во статусното поле на горниот дел од екранот се појави некоја од следниве икони: 3G (3G), EDGE (E) или GPRS (o).

*Забелешка:* Доколку го користите оригиналниот iPhone, може да се случи да не можете да добивате повици, додека телефонот активно префрла податоци преку мобилна мрежа – преземање веб страница, на пример. Дојдовните повици тогаш се пренасочуваат на говорната пошта.

**Вклучување или исклучување 3G:** Во Settings, одберете General > Network и допрете Enable 3G. Ако се наоѓате надвор од мрежата на вашиот оператор, можете да пристапите на интернет преку друг оператор. За да овозможи пошта, прегледување страници, или други услуги секогаш кога тоа е можно, вклучете Data Roaming.

**Вклучување Data Roaming:** Во Settings, допрете General > Network и вклучете Data Roaming.

***Важно:*** Може да се појават трошоци за роаминг. За да одбегнете роаминг и наплата за него, осигурајте се дека опцијата Data Roaming е исклучена.

## Интернет пристап во авион

Авионскиот мод ги исклучува сите радио трансмитери на iPhone, за да се одбегнат мешањата и пречките со авионските уреди. Во некои региони каде што е дозволено од страна на авио операторот, и со соодветните закони и регулативи, можете да го вклучите Wi-Fi додека iPhone е во авионски мод за да:

- Праќате и примате пошта и пораки
- Пребарувате на интернет
- Синхронизирате контакти и календари
- Прегледувате видеа на YouTube
- Добивате статус за акциите на берзата
- Добивате локации на мапи
- Добивате извештаи за времето
- Купувате музика и апликации.

За повеќе информации, погледнете во "Airplane Mode" на страница 101.

# Батерија

iPhone има внатрешна батерија на полнење.

## Полнење на батеријата

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** За важни безбедносни информации за полнењето на вашиот iPhone, погледнете во Important Product Information Guide на www.apple.com/support/manuals/iphone

**Полнење на батеријата:** Поврзете го вашиот iPhone на струја користејќи го USB кабелот и струјниот адаптер, вклучени во пакувањето.



**Полнење на батеријата и синхронизирање на iPhone:** Поврзете го iPhone на вашиот компјутер користејќи го вклучениот USB кабел. Или, поврзете го вашиот iPhone со вашиот компјутер, со помош на кабелот и Dock-от (куќиштето), достапни одделно.

Освен ако вашата тастатура нема  high-powered USB 2.0 приклучок, морате да го поврзете вашиот iPhone на USB 2.0 приклучокот на компјутерот.



*Важно:* iPhone 3G не може да се полни со FireWire адаптер или FireWirebased полнач за во автомобил. Доколку вашиот  iPhone е поврзан со компјутер кој е исклучен, неактивен или на stand by, батеријата може да се истроши.

Иконата во горниот десен агол на екранот го покажува статусот на полнење на батеријата.



Полнење                Наполнето

Доколку ја полните батеријата додека го синхронизирате или го користите вашиот iPhone, тоа може да трае подолго.

*Важно:* Доколку батеријата на iPhone е празна, можат да се покажат некои од следниве слики кои индицираат дека на вашиот iPhone му треба полнење до десет минути, пред да можете да го користите. Доколку iPhone е екстремно празен, дисплејот може да биде празен две минути пред да се појави една од “low-battery” сликите.



или



## Продолжување на животниот век на батеријата

iPhone користете литиум-јонска батерија. За да научите повеќе како да го продолжите животниот век на батеријата на вашиот iPhone, одете на www.apple.com/batteries

### Замена на батеријата

Батериите на повторно полнење имаат ограничен број кругови за полнење и може да дојде до потреба од нивна промена. Батеријата на вашиот iPhone не може да ја менува секој, таа може да биде заменета од авторизиран сервисер. За повеќе информации, погледнете на www.apple.com/support/iphone/service/battery

## Чистење на вашиот iPhone

За да го чистите вашиот iPhone, исклучете ги сите кабли и исклучете го вашиот iPhone (притиснете и држете на копчето Sleep / Wake и потоа излизгајте го лизгачот на еканот). Користите мека, влажна и мазна крпа. Избегнувајте да ги наводенувате отворите. Не користете средства за чистење прозорци или останати средства за домаќинство, аеросоли, алкохол, амонјак или други абразиви за да го чистите вашиот iPhone.

## Рестартирање и ресетирање на вашиот iPhone

Доколку нешто не функционира како што треба, рестартирањето или ресетирањето на вашиот iPhone веројатно ќе ги реши проблемите.

**Рестартирање на вашиот iPhone:** Притиснете и држете на „Sleep/Wake" копчето додека не се појави црвениот лизгач. Securities Зализгајте со прстот по лизгачот и исклучете го iPhone-от. За повторно да го вклучите, притиснете и задржете на Sleep/Wake до појавување на логото на Apple

**Ресетирање на вашиот iPhone:** Притиснете и држете на Sleep/Wake копчето, истовремено со копчето Home, најмалку десет секунди, додека не се појави логото на Apple. За повеќе информации и сугестии, погледнете во додатокот A (Appendix A, "Troubleshooting," на страница 132).

# Телефон

# 3



Воспоставувањето повик на вашиот iPhone е едноставно, како и самото кликање на име или број од вашите контакти, кликање на некој од вашите омилени или на некој од последните воспоставени повици, за да го повторите повикот. Визуелната говорна пошта ја прикажува листата на вашите пораки за да можете да ги преслушувате по редоследот што самите го сакате. Нагодувањето на конференциски повик е брзо и едноставно.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: За важните информации за безбедно возење, погледнете во Водичот со важни информации за производот на www.apple.com/support/manuals/iphone

## Телефонски повици

Иконата за мрежен сигнал на горниот дел од екранот покажува дали сте во рамките на мрежното покривање и дали можете да примате или да воспоставувате повици. Колку повеќе цртички има, толку е појак сигналот.

### Воспоставување повици




Копчињата на дното на екранот ви даваат брз пристап до вашите омилени, или до последните воспоставени повици, до контактите и до нумеричката тастатура за рачно повикување.

| | |
|---|---|
| Повикување број од листата на контакти | Кликнете на Контакти, одберете контакт, и потоа кликнете го бројот. |
| Повикување омилен број | Кликнете на Favorites , потоа одберете контакт. |
| Возвраќање на неодамнешен повик | Кликнете на Recents, потоа кликнете го името или бројот од листата. |
| Вртење број | Кликнете на Keypad, внесете го бројот, и потоа кликнете на Call (Повикај). |

**До Favorites од каде било:** Кликнете два пати на копчето Дома (Home button).

**Повикување на последниот повикуван број:** Кликнете Keypad, потоа кликнете Call (Повика) Кликнете повторно Call, за да го повикате бројот.

## Примање повици

Кога примате повик, кликнете на Answer (Одговори). Доколку вашиот iPhone е заклучен, повлечете по лизгачот. Доколку ги користите стерео слушалките, притиснете го "mic" копчето, за да одговорите на повикот.




**Исклучување на звукот за време на повикот:** Притиснете го "Sleep/Wake" копчето или копчето за јачина на звукот. Можете да одговорите на повикот и откако ќе го исклучите ѕвонењето сè додека не се активира гласовната пошта.

**Одбивање повик:** Направете нешто од следново за да го упатите повикот директно кон говорната пошта:

- Притиснете го Sleep/Wake два пати брзо.




- Притиснете и држете на "mic" копчето на слушалките околу секунда-две. Два ниски звука ќе ви потврдат дека повикот е одбиен.
- Кликнете на Decline (Одбиј), доколку вашиот iPhone е активен кога пристигнува повикот.

Блокирање повици и одржување на Wi-Fi пристапот на интернет: Во Settings, вклучете (Airplane Mode, и потоа кликнете на Wi-Fi и вклучете го.

## За време на повик

За време на повикот, екранот ги прикажува сите негови можности.




Придушување на повикот: Кликнете на Mute (Придуши). Сѐ уште можете да го слушнете оној кој ве повикува, но тој не може да ве слушне вас.

Користење на тастатурата за да внесете информации: Кликнете на Keypad (тастатура).

Користење интерфон или Bluetooth уред: Кликнете Speaker (Звучник). Копчето е обележано како Audio Source( Аудио извор), кога Bluetooth уредот е достапен, што ви овозможува да го селектирате Bluetooth уредот, iPhone-от или интерфонот.

Прегледување информации на контактите: Кликнете на Contacts (Контакти).

Ставање на повикот на чекање (on hold): Кликнете на Hold (чекање) и ниту една од страните нема да може да го слуша разговорот.

Воспоставување друг повик: Кликнете на Add Call (Додади повик).

**Користење други апликации за време на повик:** Притиснете го копчето Home (Дома) и потоа кликнете на иконата од апликации.

**Завршување повик:** Кликнете End Call (Заврши повик). Доколку ги користите вашите стерео слушалки, можете да го притиснете копчето "mic".

## Втор повик

За време на повик, можете да воспоставите или да примите и втор повик. Доколку примите втор повик, вашиот iPhone титка и ги покажува информациите на вториот повикувач, како и листата на можни опции.

**Одговорање втор повик:**

- За да го игнорирате повикот и да го упатите кон говорна пошта, кликнете Ignore (Игнорирај).
- За да го ставите првиот повик на чекање и да одговорите на вториот, кликнете на Hold Call (Чекање на повик)+ Answer (Одговори).
- За да го завршите првиот повик и да одговорите на вториот, кликнете End Call (Заврши повик) + Answer (Одговори).

**Воспоставување втор повик:** Кликнете на Add Call (Додади повик). Првиот повик е ставен на чекање.
**Промени помеѓу повици:** Кликнете Swap (Промени). Активниот повик е ставен на чекање.
**Креирајте конференциски повик:** Кликнете Merge Calls (Соедини повици). Погледнете во "Конференциски повици" подолу.

## Конференциски повици

Можете да зборувате со повеќе од едно лице истовремено, да соедините и до пет повици, во зависност од вашиот оператор.

**Креирајте конференциски повик:**

1 Воспоставете повик.

2 Кликнете Add Call (Додади Повик и воспоставете уште еден повик. Првиот повик е ставен на чекање.

3 Кликнете на Merge Calls (Соедини повици). Повиците се соединети во една линија и секој може да се слуша со останатите.

4 Повторете ги чекорите 2 и 3 за да додавате и до 5 повици.

| | |
|---|---|
| **Исфрлете еден повик** | Кликнете на Conference (Конференција) и кликнете до повикот. Потоа кликнете End Call (Прекини повик). |
| **Зборувајте приватно со еден од повиците** | Кликнете на Conference (Конференција) и потоа кликнете Private (Приватен), веднаш до повикот. Кликнете Merge Calls (Соедини Повици) за да продолжите со конференцијата. |
| **Додадете дојдовен повик** | Кликнете на Hold Call (Задржи повик)+ Answer (Одговори), и потоа кликнете Merge Calls (Соедини повици). |

Вашиот iPhone секогаш има втора линија која е достапна во случај на конференциски повик.

## Итни повици

И кога вашиот iPhone е заклучен со лозинка, сè уште можете да воспоставувате итни повици.

**Воспоставување итен повик кога вашиот iPhone е заклучен:** Кликнете на Emergency Call (Итен повик), и потоа завртете го бројот со користење на тастатурата.

*Важно:* Не би требало да се потпирате на безжични уреди при значајни повици, како, на пример, итни медицински случаи. Мобилните телефони можно е да не функционираат на секоја локација. Броевите на итните служби се разликуваат по региони и понекогаш итниот повик не може да се воспостави поради недостапноста на мрежата или поради пречки во околината. Одредени мобилни мрежи можат да не ги прифаќаат итните повици од вашиот iPhone доколку тој нема SIM картичка, или доколку вашата SIM картичка е заклучена или сè уште го немате активирано вашиот iPhone.

# Визуелна говорна пошта

На вашиот iPhone, визуелната говорна пошта ви дозволува да прегледувате листа на пораки, како и да одберете која од нив да ја преслушате или избришете, без при тоа да морате да ги слушате инструкциите или претходно добиените пораки.

***Забелешка:*** Визуелната говорна пошта може да не е достапна во сите региони. Доколку таа не е достапна, кликнете на Voicemail (Говорна пошта) и следете ги гласовните инструкции за да ги добиете вашите пораки.




Бројот на пропуштени повици и непреслушани говорни пораки се појавува на иконата со телефон на основното мени.

## Нагодување Говорна пошта

Првиот пат кога ќе кликнете на Voicemail (Говорна пошта), вашиот iPhone бара од вас да креирате лозинка, како и да снимите гласовна порака.

Промена на пораката:

1 Кликнете Voicemail (Говорна пошта), кликнете Greeting (Порака ), и потоа кликнете Custom.

2 Кликнете Record (Сними) кога сте подготвени да започнете.

3 Кога ќе завршите, кликнете Stop (Стоп). За да преслушате, кликнете Play. Повторно за да снимате, повторете ги чекорите 2 и 3.

4 Кликнете Save (Зачувај).

| | |
|---|---|
| **Користење на автоматската порака на операторот** | Кликнете Voicemail (Говорна пошта), кликнете Greeting (Порака) и потоа кликнете Default. |
| **Поставување звучно известување за нова говорна порака** | Во Settings одберете Sounds (Звуци) и вклучете New Voicemail. Звучните известувања се појавуваат по еднаш за секоја нова порака. Доколку звонењето на телефонот е исклучено, односно телефонот е во Silent Mode, звучните известувања нема да бидат прикажани. |
| **Промена на лозинката за говорната пошта** | Во Settings, одберете Phone > Change Voicemail Password. |

## Проверка на говорната пошта

Со кликање на Phone, вашиот iPhone го покажува бројот на пропуштените повици или непреслушаните говорни пораки.

**Број на непреслушани говорни пораки**




**Број на пропуштени повици**

Кликнете на Voicemail за да ја погледнете листата на вашите пораки.

Непреслушани пораки

Play/Pause

Scrubber bar

Возвратете го повикот




Интерфон (Доколку Bluetooth уредот е поврзан, ова копче се нарекува Audio). Кликнете го за да одберете Bluetooth уред, iPhone, или звучник.

Информации за контактот

Прескокнувајте во кој било дел од порака: Повлечете по лизгачот.

**Преслушување пораки:** Допрете ги пораките. (Доколку веќе сте ја слушнале пораката, кликнете на неа, за да ја преслушате повторно.) Користете ги контролите за да паузирате ‖ и да продолжите ▶ со преслушување.

Откако ќе ја преслушате пораката, таа е зачувана сè додека операторот автоматски не ја избрише.

**Проверка на говорни пораки од друг телефон:** Завртете го вашиот телефонски број или бројот на операторот за далечински пристап каде може да преслушувате пораки.

## Бришење пораки

Одберете порака и потоа кликнете Delete (Избриши). Избришаните визуелни говорни пораки се зачувани на вашиот iPhone сè додека тие не бидат перманентно избришани од операторот.

| | |
|---|---|
| Преслушување на избришаните пораки | Кликнете на Deleted Messages (на крајот на листата), и потоа кликнете на пораката. |
| Враќање на избришаните пораки | Кликнете на Deleted Messages (на крајот на листата), и потоа кликнете на пораката и кликнете Undelete. |

## Добивање информации за контактите

Визулената говорна пошта ги зачувува датумот и времето на повикот, должината на пораката, како и сите други достапни информации за контактот.

**Прегледување на информациите на контактот:** Кликнете веднаш до пораката.

Можете да ги користите информациите за да пратите е-порака или SMS до повикувачот, како и да ги обновите и надополните информациите за контактот.

# Контакти

Од инфо екранот на контактот, едноставен допир ви овозможува да воспоставите повик, да креирате нова е-порака, да пронајдете локација или адреса и многу повеќе. Погледнете во Контакти на страница 98.

# Favorites

Favorites ви овозможува брз пристап до најкористените броеви.

**Додавање број во листата на омилени:** Кликнете Contacts и одберете контакт. Потоа кликнете на "Add to Favorites" и одберете го бројот што сакате да го додадете.

Додавање неодамнешен број кон листата на омилени: Кликнете Recents и потоа кликнете веднаш до јавувачот, и кликнете "Add to Favorites."

**Одење во Favorites:** Два пати кликнете го копчето Home. (Погледнете во "Home Button" на страница 109.)

| | |
|---|---|
| **Јавување на контакт од Favorites** | Кликнете Favorites и одберете контакт. |
| **Бришење контакт од Favorites** | Кликнете Favorites и одберете Edit. Потоа веднаш кликнете на контактот ⊖ или на бројот и кликнете Remove (Отстрани). |

| | |
|---|---|
| Преуредување на Favorites листа | Кликнете Favorites и одберете Edit. Потоа повлечете ≡ на контактот на местото кадешто сакате да биде ставен. |

# Рингтонови и Ring/Silent прекинувач

Вашиот iPhone доаѓа со рингтонови коишто можете да ги користите за дојдовни повици, за аларм или, пак, за тајмер. Исто така, можете да креирате или да купувате рингтонови или песни од iTunes.

## Менување на Ring во Silent или ставање на телефонот на вибрации

Прекинувачот од страна на вашиот iPhone овозможува едноставно вклучување и исклучување на тоновите.

**Исклучете ги и вклучете ги тоновите:** Преместете го страничниот прекинувач кој се наоѓа странично на вашиот iPhone.




Забелешка: Алармите на часовникот сè уште се функционални и кога тоновите на телефонот се исклучени.

**Нагодување на iPhone на вибрации:** Во Settings, одберете Sounds (Звуци). Одвоените контроли ви овозможуваат да нагодите вибрации подеднакво и за модот на ѕвонење и за немиот мод. За повеќе информации, погледнете во Поглавјето 8, “Settings,” на страница 101.

## Нагодување рингтонови

Можете да нагодите единствен (default) рингтон за повиците, како и за алармите или тајмерите. Исто така, можете да нагодите и различни рингтонови за различни контакти, за да препознавате кој ве бара.

**Нагодување default рингтон:** Во Settings, одберете Sounds (Звуци) > Ringtone, и потоа одберете го посакуваниот рингтон.

**Доделување рингтон на контакт:** Од Phone, кликнете Contacts и одберете контакт. Потоа кликнете Ringtone и одберете го посакуваниот рингтон.

## Креирање рингтонови

Можете и да креирате рингтонови со помош на iTunes користејќи притоа песни купени од iTunes Store (продавницата не е достапна во сите земји). За секој купен рингтон, ќе ви биде наплатено на вашиот профил во iTunes продавницата.

Креирање рингтон:

1 BoiTunes на вашиот компјутер, изберете iTunes > Preferences и осигурајте се дека е избрано Ringtones во основната плочка (General pane).
2 Осигурајте се дека сте конектирани на интернет.
3 За да го идентификувате купувањето коешто можете да го направите за да креирате рингтонови, одберете View > View Options и потоа одберете Ringtone. Долку се појави порака, кликнете Check Songs.) Подоцна за да го идентификувате купувањето, одберете iTunes > Check for Updates.
4 Одберете ја песната што сакате да ја користите и потоа одберете Store > Create Ringtone.
5 Со избирање на дел од обележаната површина на дното на iTunes прозорецот изберете 30 секунди од песната.
6 За да направите рингтонот да почнува или да завршува со втишување, одберете ги "fade" можностите.
7 За да го промените времето пред повторно отпочнување на рингтонот, одберете Interval (интервал) во Looping pop-up менито.
8 За да го преслушате рингтонот, одберете Preview.
9 Кликнете Купи (Buy).

***Важно:*** Откако ќе кликнете Купи, можете да го промените името или која било друга информација на рингтонот, не не можете да изберете друг дел од песната. Можете да синхронизирате рингтонови креирани со iTunes со кој било iPhone што го поседувате, како и да ги пуштате на најмногу пет авторизирани компјутери. Откако ќе го синхронизирате вашиот iPhone, можете да го доделите рингтонот на еден или повеќе контакти од вашиот именик. Исто така, можете да креирате сопствени рингтонови со помош на апликацијата Garage Band. Погледнете во Garage Band Help за повеќе информации.

## Bluetooth уреди

Можете да зборувате на iPhone hands-free со помош на дополнителната iPhone Bluetooth Слушалка. Исто така, можете да го користите вашиот iPhone и со други Bluetooth слушалки или Bluetooth уреди за во автомобил.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: За важните информации околу избегнување на губењето на слухот, како и за безбедно возење, погледнете во Водичот со важни информации за производот (Important Product Information Guide) на www.apple.com/support/manuals/iphone.

## iPhone Bluetooth слушалка

iPhone Bluetooth слушалката којашто е достапна одделно, обединува автоматско одбирање и едноставно управување. Морате да ја сложите слушалката со вашиот iPhone пред да почнете со нејзино користење.

Сложување (спарување) на слушалката со вашиот iPhone: Поврзете ги вашиот iPhone и слушалката со дадениот iPhone Bluetooth Travel Cable, потоа приклучете го кабелот во вашиот компјутер.

Вашиот iPhone и слушалката автоматски ќе се сложат кога ќе бидат поврзани на кабелот за пренос (travel cable). Откако првиот пат ќе ја поврзете слушалката, оставете ја да се наполни околу еден час, сè додека статусната сијаличка не светне зелено. Кога вашиот iPhone и слушалката ќе бидат поврзани со компјутер, вашиот iPhone ќе го прикажува нивото на батеријата на слушалката.

За да можете  да одговарате и да воспоставувате повик,  морате да ја поврзете слушалката со вашиот iPhone.

Поврзување на слушалката со вашиот iPhone: Притиснете го копчето на слушалката.




Воспоставување или одговарање на повик:

1 Сместете ја слушалката во увото со микрофонот насочен кон вашата уста.




2 Воспоставете повик на вашиот iPhone, или притиснете го копчето на слушалката за да одговорите на дојдовниот повик.



| | |
|---|---|
| **Завршување на повикот** | Притиснете го копчето на слушалката. |
| **Нагодување на јачината на звукот** | Користете ги копчињата за јачина на вашиот iPhone. |
| **Одбијте дојдовен повик** | Притиснете го копчето околу една секунда сè додека не слушнете краток звук (титкање). |
| **Преземето го дојдовниот повик или повикот на чекање и ставете го моментален повик на чекање** | Притиснете го копчето. |
| **Преземето го дојдовниот повик или повикот на чекање и прекинете го моменталниот повик** | Притиснете и држете го копчето околу една секунда, сè додека не слушнете звук. |
| **Проверка дали слушалката е вклучена** | Притиснете го копчето. Доколку слушалката е вклучена, статусната сијаличка ќе затрепка во зелена боја и слушалката ќе испушти краток звук. |
| **Вклучување на слушалката** | Притиснете и држете го копчето околу три секунди, сè додека не забележите дека статусната сијаличка ќе затрепка во зелена боја или додека не слушнете четири тонови. |
| **Исклучување на слушалката** | Притиснете и држете го копчето околу четири секунди, сè додека не забележите дека статусната стејаличка свети во жолтеникава боја и не слушнете четири опаѓачки тонови. |

За повеќе информации, погледнете во iPhone Bluetooth Headset User Guide.

## Слушалки и уреди за во автомобили од други производители

Со вашиот iPhone може да се користат и други Bluetooth слушалки и уреди за во автомобил. Тие подеднакво мораат да бидат сложени (спарени) со вашиот iPhone пред да отпочнете со вашите повици.

**Сложување/спарување со вашиот iPhone:**

1. Следете ги инструкциите коишто доаѓаат со уредот за да го поставите да биде видлив или за да може да се пронаоѓа со други Bluetooth уреди.
2. Во Settings, одберете General > Bluetooth и вклучете Bluetooth.
3. Одберете го уредот на вашиот iPhone и внесете ја лозинката или PIN бројот.

Погледнете ги инструкциите во врска со лозинката или PIN бројот, коишто доаѓаат со вашиот уред. Откако ќе го сложите/спарите вашиот Bluetooth уред за да работи со вашиот iPhone, морате да воспоставите конекција за да може вашиот iPhone да го користи уредот за примање/воспоставување на повиците.

Поврзување со iPhone: Погледнете ја документацијата којашто доаѓа со слушалката или со уредот за во автомобил. Кога вашиот iPhone е поврзан со Bluetooth уред, појдовните повици се упатени преку самиот уред. Дојдовните повици се упатени преку уредот, доколку на повиците одговорите преку него, или  преку вашиот iPhone (доколку на повиците одговорите од самиот iPhone).

### Bluetooth статус

На статусната плочка (status bar) на вашиот iPhone се појавува Bluetooth икона, лоцирана на врвот на екранот:

- *(сино)* или *(бело)*: Bluetooth е вклучен и уредот е поврзан со вашиот iPhone. (Бојата зависи од моменталната боја на статусната плочка.)
- *(сиво)*: Bluetooth е вклучен, но уредот не е поврзан. Доколку сте го сложиле вашиот уред со вашиот iPhone, тој може да е надвор од покривање или да е исклучен.
- *Никаква Bluetooth икона:* Bluetooth е исклучен.

Иконата која го покажува и статусот на батеријата ( ) на уредот исто така се појавува кога вашиот iPhone е поврзан со iPhone Bluetooth слушалка.

### Упатување повици преку iPhone

Кога вашиот iPhone е поврзан со Bluetooth уред, можете да ги слушате повиците преку вашиот iPhone на следниве начини:

- Одговорете на повикот со допирање на екранот на допир на вашиот iPhone.
- За време на повикот, допрете Audio на вашиот iPhone. Одберете iPhone за да ги слушате повиците преку вашиот iPhone или Speaker Phone за да го користите интерфонот на телефонот.
- Исклучете го вашиот Bluetooth. Во Settings, одберете General > Bluetooth и повлечете до опцијата Исклучете (Off).
- Исклучете го уредот или отстранете го надвор од покривањето. Мора да бидете во растојание од 9 метри (30 feet ) со цел вашиот Bluetooth уред да биде непречено поврзан со вашиот iPhone. За да ја исклучетете iPhone Bluetooth слушалката, притиснете и држете го копчето сè додека не слушнете опаѓачки звуци.

### Одвојување на уред од iPhone

1. Во Settings, одберете General > Bluetooth и потоа вклучете го вашиот Bluetooth.
2. Одберете го уредот што сакате да го разложите и кликнете Unpair.

## Интернационални повици

iPhone е UMTS/HSDPA (850, 1 900, 2 100 MHz), како и GSM (850, 900, 1 800, 1 900 MHz) телефон, кој осигурува широка интернационална покриеност.

### Воспоставување интернационални повици од вашата Home Area

Околу информациите за воспоставување интернационални повици од вашата локација, вклучувајќи ги при тоа тарифите и останатите цени и давачки коишто можат да произлезат, контактирајте ја веб страницата на вашиот мобилен оператор (www.t-mobile.com.mk)

## Користење на вашиот iPhone во странство

Можете да го користите вашиот iPhone за да воспоставувате повици во многу земји ширум светот. Првин мора да ја активирате роаминг услугата кај  вашиот мобилен оператор.

**Овозможување интернационален роаминг:** Исконтактирајте го вашиот мобилен оператор.

**Нагодување на вашиот iPhone за поставување точен префикс при повикување од друга земја:** Во Settings, допрете Phone, и потоа вклучете го International Assist. Ова ви овозможува да повикувате броеви во вашата земја, користејќи ги броевите од листата на контакти, омилените броеви, без притоа да додавате префикс или кодот на вашата земја.

**Избирање оператор:** Во Settings, допрете Carrier, и потоа одберете го операторот што го преферирате. Оваа можност е достапна единствено доколку патувате надвор од мрежното покривање на вашиот оператор. Можете да воспоставувате повици единствено со оператори што имаат роаминг договор со вашиот мобилен оператор, преку кој е достапен вашиот iPhone. За подетални информации, погледнете во делот "Оператор" "Carrier" на страница 103.

Важно: Можно е да произлезат роаминг трошоци за повици и пренос на податоци. За да ги избегнете роаминг трошоците, исклучете го (Data Roaming).

**Вклучување и исклучување на Data Roaming:** Во Settings, одберете General > Network, па одберете Turn Data Roaming on/off. Автоматското (Default) нагодување на вашиот телефон е со исклучен Data Roaming.

Исклучувањето на Data Roaming ви помага да ги избегнете дополнителните трошоци за пренос на податоци во роаминг, додека патувате надвор од вашата земја (надвор од мрежата на вашиот оператор) со тоа што оневозможува пренос на податоци по пат на мобилна мрежа. Можете да пристапите на интернет доколку имате Wi-Fi конекција. Доколку Wi-Fi мрежниот пристап не е достапен, не можете:

- Да добивате говорни пораки (не е достапно во сите области)
- Да примате или да праќате е-пораки
- Да пребарувате на интернет
- Да ги синхронизирате вашите контакти, календари или обележани страници (bookmarks), со помош на MobileMe или Exchange
- Да примате или да праќате SMS пораки
- Да прегледувате видеа од YouTube
- Да добивате информации за акциите
- Да добивате локации на мапите
- Да добивате извештаи за временската прогноза
- Да купувате музика или апликации

Доколку вашиот Data Roaming е исклучен, вие сè уште можете да воспоставувате и да примате телефонски повици, како и да добивате SMS пораки. Дополнително можат да се појават роаминг трошоци за повиците. Визуелната говорна пошта се испорачува доколку тоа не се наплаќа; доколку вашиот оператор наплатува за испорака на говорните пораки во роаминг, исклучувањето на Data Roaming го спречува примањето на визуелните говорни пораки сè додека функцијата не биде повторно вклучена или додека не пристапите во област која е во покривањето на мрежата на вашиот оператор.

За да овозможите електронска пошта, пребарување на интернет како и останати услуги, вклучете го Data Roaming.

Важно: Доколку функцијата Data Roaming е вклучена, може да наидете на трошоци за време на роаминг надвор од мрежната покриеност на вашиот мобилен оператор и тоа за користење на која било од наведените услуги, како и за воспоставување на говорната пошта. За таа цел, контактирајте го вашиот мобилен оператор за сите трошоци во роаминг. www.t-mobile.com.mk

**Добивајте гласовни пораки кога вашата визуелна говорна пошта не е достапна:** Повикајте го сопствениот број или притиснете и држете на “1” на вашата тастатура.

**Одбегнување на роаминг трошоци со помош на користење на Airplane модот:** Во Settings, допрете Airplane Mode за да го вклучите и потоа допрете Wi-Fi и вклучете Wi-Fi. Погледнете “Airplane Mode” на страница 101.

# Пошта

# 4



Поштата работи со MobileMe, Microsoft Exchange и со поголем дел од популарните е-пошта системи - вклучувајќи ги и Yahoo! Mail, Google email и AOL - како и со останатите стандардни POP3 и IMAP е-пошта системи. Можете да праќате и да примате вметнати слики и графики, да разгледувате PDF документи и други прикачени фајлови.

## Нагодување профил за е-пошта (e-mail account)

Вашиот профил за е-пошта (e-mail account) на iPhone-от можете да го нагодите на некој од следниве начини:

- Во iTunes, искористете ги референтните икони за да ги синхронизирате нагодувањата на профилот за е-пошта од вашиот компјутер. Видете “Синхронизирање со iTunes” на страница 7.
- Нагодете го профилот директно на iPhone-от. Видете “Нагодување акаунт” на страница 12.

## Праќање е-пошта

Можете да праќате е-пошта секому што има е-адреса.

Креирање и праќање порака:

1 Допрете .

2 Напишете име или е-адреса во „To“ полето, или допрете  за да додадете име од вашите контакти.

Како што ја пишувате е-адресата, подолу се појавуваат адресите од вашата контакт листа коишто се совпаѓаат со неа. Допрете ја адресата што сакате да ја додадете. За да додадете повеќе имиња, допрете Return или 

**Забелешка:** Ако составувате порака од вашиот Microsoft Exchange акаунт и имате пристап до листата адреси на вашето претпријатие Global Adress List (GAL),

совпаѓачките адреси од контактите во вашиот iPhone ќе се појават први, а потоа совпаѓачките адреси од GAL-от.

3 Допрете Cc/Bcc/From ако сакате да пратите копија /Cc (или невидлива копија/Bcc на други контакти, или за да го смените акаунтот од којшто ја праќате пораката. Ако имате повеќе од еден профил за е-пошта, можете да го допрете „From“ полето за да го промените профилот од којшто праќате.

4 Внесете наслов, а потоа внесете ја вашата порака.
За да се движите од едно поле во друго, допрете Return.

5 Допрете Send.

| | |
|---|---|
| **Праќање слика во порака** | Во Photos, изберете слика, допрете ја иконата потоа допрете E-mail Photo.<br>Сликата е пратена од вашата основна (default) е-адреса (видете “Пошта” на страница 113). |
| **Зачувување недовршена (draft) порака што ќе ја завршите подоцна** | Допрете Cancel, потоа допрете Save. Пораката е зачувана во Drafts сандачето. |
| **Одговарање на порака** | Допрете ја иконата . Допрете Reply за да одговорите само на праќачот или допрете Reply All за да им одговорите и на праќачот и на сите кои ја примиле пораката во копија. Напишете го вашиот одговор, и потоа допрете Send.<br>Со ова не се препраќаат фајловите или сликите прикачени на првобитната порака. |
| **Проследување на пораката** | Отворете порака и допрете ја иконата , потоа допрете Forward. Додадете една или повеќе е-адреси, напишете ја вашата порака и потоа допрете Send.<br>Кога проследувате порака, можете да ги вклучите и фајловите или сликите прикачени на првобитната порака. |
| **Праќање порака некому во полето за адреса** | Отворете ја пораката и допрете име или е-адреса, а потоа допрете E-mail. |

# Проверка и читање е-пошта

Mail иконата го покажува вкупниот број непрочитани пораки во сите ваши сандачиња. Може да имате други непрочитани пораки во други сандачиња.




број на непрочитани пораки
во вашите сандачиња.

На секој екран на акаунтот, можете да го видите бројот на непрочитани пораки во секое сандаче посебно.




Допрете некое сандаче за да ги видите пораките во него. Непрочитаните пораки имаат сина точка до нив.




Кога отворате некое сандаче, поштата го вчитува бројот на најнови пораки како што е назначено во Пошта нагодувањата, во случај пораките да не се автоматски веќе вчитани. (Видете "Пошта", на страница 113.)

**Вчитување дополнителни пораки:** Листајте до дното на листата на пораки и допрете „Load More Messages".

**Читање порака:** Допрете сандаче, потоа допрете порака. Во пораката допрете ▲ или ▼ за да ја погледнетете следната или претходната порака.

| | |
|---|---|
| **Зголемување дел од пораката** | Допрете два пати во полето на пораката за да зголемите. Допрете два пати уште еднаш за да се вратите во првобитната положба. |
| **Менување на големината на текст колоната за да влезе во рамките на екранот** | Допрете го текстот два пати. |
| **Менување на големината на пораката рачно** | Зголемувајте и намалувајте со движење на прстот. |

| | |
|---|---|
| **Следење линк** | Допрете на линкот.<br>Текстуалните линкови најчесто се подвлечени и во сина боја. Многу слики се исто така линкови. Линкот може да ве одведе до веб страница, да отвори мапа, да повика телефонски број, или да отвори нова, автоматски адресирана е-порака.<br>Веб, телефонските и линковите за мапи водат кон Safari, Phone или Maps на iPhone-от. За да се вратите во е-пошта, притиснете на Home и допрете Mail. |
| **Видете ја крајната адреса на линкот** | Допрете и држете на линкот. Адресата се појавува веднаш до вашиот прст. |

iPhone-от поголемиот дел од прикачените слики (JPEG, GIF и TIFF) ги прикажува во линија со текстот на е-писмата. На iPhone може да се слушаат различни прикачени аудио фајлови (како на пример MP3, AAC, WAV и AIFF). Можете да преземате и да прегледувате фајлови (како на пример PDF, вебpage, текст, Pages, Keynote, Numbers, како и Microsoft Word, Excel и PowerPoint документи) прикачени на пораките што ги примате.

**Отворање прикачен фајл:** Допрете на прикачениот фајл.Тој се презема на вашиот iPhone и потоа се отвора.




Допрете на прикачениот фајл
за да го преземете

Прикачените фајлови може да ги гледате во хоризонтална (landscape) или во вертикална (portrait) положба. Ако форматот на фајлот не е поддржан од iPhone, ќе можете да го видите името на фајлот, но нема да можете да го отворите. iPhone ги поддржува следниве видови на документи:

| | |
|---|---|
| **.doc** | Microsoft Word |
| **.docx** | Microsoft Word (XML) |
| **.htm** | веб страница |
| **.html** | веб страница |
| **.key** | Keynote |

| | |
|---|---|
| .numbers | Numbers |
| .pages | Pages |
| .pdf | Preview, Adobe Acrobat |
| .ppt | Microsoft PowerPoint |
| .pptx | Microsoft PowerPoint (XML) |
| .txt | text |
| .vcf | contact information |
| .xls | Microsoft Excel |
| .xlsx | Microsoft Excel (XML) |

**Зачувување на прикачена слика во албумот Camera Roll:** притиснете и држете на сликата, потоа допрете “Save Image”.

| | |
|---|---|
| **Проверка на нови пораки** | Изберете сандаче или допрете во секое време. |
| **Видете ги сите примачи на порака** | Допрете Details.<br>Допрете име или е-адреса за да ги видите контакт информациите на примателот. Потоа допрете на телефонскиот број, е-адресата или текст пораката за да контактирате со лицето. Допрете Hide за да ги скриете примателите. |
| **Додавање примател на е-пошта во вашата листа на контакти** | Допрете на пораката и, ако е потребно, допрете Details за да ги видите примателите. Потоа допрете име или е-адреса и допрете Create New Contact или “Add to Existing Contact”. |
| **Обележување порака како непрочитана** | Отворете ја пораката и допрете “Mark as Unread”. До пораката во листата на сандачето ќе стои сина точка , сè додека пораката не ја отворите повторно. |

**Отворање покана за состанок:** Допрете на поканата.




Можете да добиете контакт информации за организаторот и другите присутни на состанокот, да нагодите известување, да додадете забелешки за настанот и да додадете коментари кои ќе бидат вклучени во вашиот е-одговор до организаторот. Можете да ја прифатите, да ја прифатите со двоумење или да ја одбиете поканата. Видете “Одговарање на поканите за состаноци” на страница 74.

**Вклучување или исклучување на функцијата “Push”:** Во Settings, изберете Fetch New Data, потоа изберете Push. Видете “Земање нови податоци” на страница 104.

## Организирање е-пошта

Можете да бришете пораки една по една, или да одбележите цела група и да ја избришете одеднаш. Можете исто така и да ги преместувате пораките од едно сандаче или папка во друго.

**Бришење на пораката:** Отворете ја пораката и допрете 🗑. Или допрете Edit, потоа допрете ⛔ што се појавува веднаш до пораката.

Исто така, можете да бришете порака директно од листата на пораки во сандачето, со поминување лево или десно преку насловот на пораката, а потоа допрете Delete.




За да се појави копчето Delete поминете лево или десно преку пораката

**Бришење на повеќе пораки одеднаш:** Кога гледате листа на пораки, допрете Edit, селектирајте ги пораките што сакате да ги избришете, и потоа допрете Delete.




**Преместување порака во друго сандаче или папка:** Додека ја прегледувате пораката, допрете 📁, и потоа изберете сандаче или папка.

**Преместување на повеќе пораки одеднаш:** Додека ја прегледувате листата на пораки, допрете Edit, селектирајте ги пораките што сакате да ги преместите, потоа допрете Move и одберете сандаче или папка.

# Safari

# 5



Safari ви овозможува да пребарувате на интернет и да прегледувате веб страници на вашиот iPhone, исто како да сте на вашиот компјутер. На iPhone-от можете да креирате маркери (bookmarks) и да ги синхронизирате со маркерите на вашиот компјутер. Додајте веб клипови за брз пристап до вашите омилени веб страници директно од Home екранот.

## Разгледување веб страници

Веб страниците можете да ги гледате и во вертикална (portrait) и во хоризонтална (landscape) положба. Ротирајте го iPhone-от и веб страницата ќе ротира исто така, автоматски приспособувајќи ја големината на страницата.



### Отворање веб страници

Отворете веб страница: Допрете во полето за адреса, потоа внесете ја веб адресата и допрете Go. Ако полето за адреса не е видливо, допрете на статус линијата на горниот дел од екранот брзо за да се придвижите до полето за адреса во најгорниот дел на веб страницата.

Како што пишувате, ќе ви се појавуваат веб адреси кои почнуваат со тие букви. Тоа се страници коишто се маркирани или коишто неодамна ги имате отворено. Допрете некоја адреса за да отидете на таа страница. Продолжете да пишувате ако сакате да внесете веб адреса што не е на листата.

**Бришење на текстот во полето за адреса:** Допрете го полето за адреса, потоа допрете ⊗.

## Зумирање и движење

**Зголемување или намалување на видното поле:** Допрете два пати на некоја колона на веб страницата за да ја зголемите колоната. Повторно допрете два пати за да ја намалите.




Со движење со прст можете рачно да  зголемувате и да намалувате.

| | |
|---|---|
| Движење низ веб страница | Влечете нагоре, надолу, или странично. Додека се движите можете да допирате и да влечете каде било на страната без да се активираат линковите. |
| Движење во рамка на веб страницата | Користете два прста за придвижување во рамките на веб-страницата. Користете еден прст за придвижување на целата веб-страница. |
| Брзо придвижување до најгорниот дел на веб страницата | Допрете ја статусната линија на горниот дел на екранот на вашиот iPhone. |

## Web навигација

Линковите на веб страниците вообичаено ве носат на друго место на мрежата.

**Следење линк од веб страница:** Допрете го линкот.

Линковите на iPhone-от можат исто така да иницираат телефонски  повик, да прикажат локација во мапите, или да креираат автоматски адресирана е-порака. За да се вратите во Safari откако линкот отворил друга апликација, само притиснете го Home ▢ копчето и допрете Safari.

## Разгледување веб страници

Веб страниците можете да ги гледате и во вертикална (portrait) и во хоризонтална (landscape) положба. Ротирајте го iPhone-от и веб страницата ќе ротира исто така, автоматски приспособувајќи ја големината на страницата.

| | |
|---|---|
| Видете ја адресата на линкот | Притиснете и задржете го прстот на линкот. Адресата се појавува веднаш до вашиот прст. Можете да притиснете и да задржите на некоја слика за да видите дали има линк на неа. |
| Запирање на вчитување веб страница | Допрете ✕. |
| Повторно вчитување веб страница | Допрете ↻. |
| Враќање на претходната или одење на следната страница | Допрете ◀ или ▶ на дното на екранот. |
| Враќање неодамна прегледувана страница | Допрете 📖 и допрете History. За да ја исчистите листата со претходно прегледани страници, допрете Clear. |
| Праќање адреса на веб страница преку е-пошта | Допрете ✚ и допрете "Mail Link to this Page". |
| Зачувување слика или фотографија во албумот Camera Roll | Притиснете и задржете на сликата, и потоа допрете Save Image. |

## Отворање повеќе страници истовремено

Можете да отворите до осум веб страници одеднаш. Некои линкови автоматски отвораат нова страница наместо да ја заменат тековната.

Бројот во иконата за страници ⧉ на дното на екранот покажува колку страници имате отворено. Ако внатре нема број, тоа значи дека е отворена само една страница. На пример:

⧉ = една страница е отворена

⧉3 = три страници се отворени

Отворање нова страница: Допрете ⧉ и допрете New Page.

Менување на тековната страница: Допрете ⧉ и повлечете лево или десно. Допрете ја страницата што сакате да ја видите.



Затворање страница: Допрете ⧉ и допрете ⊗. Не можете да ја затворите страницата доколку е единствена што ја имате отворено.

## Внесување текст и пополнување формулари

Некои веб страници имаат текст полиња и формулари за да се пополнат.

| | |
|---|---|
| Отворање тастатура | Допрете во внатрешноста на текст полето. |
| Движење кон следно текст поле: | Допрете го следното текстуално поле, или допрете на копчето Next или Previous. |
| Пратете го формуларот: | Откако ќе завршите со пополнување на формуларот, допрете Go или Search. Поголемиот дел од страниците исто така имаат линк што можете да го допрете за да го пратите формуларот. |
| Затворање на тастатурата без да се прати формуларот: | Допрете Done. |

# Пребарување на интернет:

Стандардно, Safari пребарува користејќи Google. Можете да пребарувате користејќи го и Yahoo!.

**Пребарување на интернет:**

1 Допрете 🔍 за да го добиете полето за пребарување.

2 Внесете збор или фраза која го опишува тоа што го барате, а потоа допрете Google.

3 Допрете линк во листата на резултати од пребарувањето за да отворите веб страница.

**Нагодување на Safari за да го користи Yahoo! како пребарувач:** Од Home екранот одберете Settings > Safari > Search Engine, а потоа изберете Yahoo!.

# Маркери (Bookmarks)

Можете да ги обележетите веб страниците на кои подоцна би се вратиле.

**Маркирање на веб страница:** Отворете ја страницата и допрете +. Потоа допрете Add Bookmark. Кога зачувувате некој маркер, можете да го смените неговиот наслов. Автоматски, маркерите се зачувуваат на најгорниот дел на Bookmarks. Допрете Bookmarks за да изберете друга папка.

Ако користите Safari на Mac, или Safari или Microsoft Internet Explorer на PC, можете да ги синхронизирате маркерите со веб пребарувачот на вашиот компјутер.

**Синхронизирање на маркерите со вашиот компјутер:**

1 Поврзете го iPhone-от со вашиот компјутер.

2 Во iTunes, изберете iPhone во страничното мени.

3 Кликнете на Info табот, изберете "Sync … bookmarks" под Web Browser, и потоа кликнете Apply.

Видете „Синхронизирање со iTunes" на страница 7.

**Синхронизирање со MobileMe:** Во iPhone Settings, изберете Bookmarks на вашиот MobileMe профил. Видете "Нагодување акаунт" на страница 12.

**Отворање маркирана страница:** Допрете , а потоа изберете маркер или допрете на некоја папка за да ги видите маркерите внатре.

**Уредување маркирани страници или папка со маркери:** Допрете , изберете ја папката што сакате да ја уредите или во која се наоѓа маркерот што сакате да го менувате, и потоа допрете Edit. Потоа направете една од следниве работи:

- *За креирање нова папка, допрете New Folder.*
- *За бришење маркер или папка, допрете , а потоа допрете Delete.*
- *За промена на положбата на маркерот или папката, повлечете .*
- *За менување на името или адресата, или за да го ставите во друга папка, допрете го маркерот или папката.*

Кога ќе завршите, допрете Done.

## Веб клипови

За брз пристап кон вашите омилени веб страници додадете веб клипови на Home екранот. Веб клиповите се појавуваат како икони на Home екранот, и можете да ги наредите заедно со другите икони. Погледнете "iPhone Апликации" на страница 18.

**Додавање веб клип:** Отворете веб страница и допрете +. Потоа допрете "Add to Home Screen".

Кога отворате веб клип, Safari автоматски зумира и ве пренесува на делот од веб страницата кој бил прикажан кога сте го зачувале веб клипот. Прикажаното поле исто така се користи за креирање на иконата за веб клипот на вашиот Home екран, освен ако веб страницата не доаѓа со своја посебна икона.

Кога додавате веб клип, можете да го менувате неговото име. Ако името е предолго (повеќе од 10 карактери), на Home екранот може да се покаже во скратена форма.

Веб клиповите не се маркери и не се синхронизираат со MobileMe или iTunes.

**Бришење веб клип:**

1. Притиснете и задржете која било икона на Home екранот сè додека иконата не почне да се ниша.
2. Допрете го "x" во аголот на веб клипот што сакате да го избришете.
3. Допрете Delete, а потоа притиснете го Home  копчето за да ги зачувате промените

# iPod 6

Вашиот iPhone се синхронизира со апликацијата iTunes на вашиот компјутер за да можете да ставате песни, видеа и други содржини што ги имате во вашата iTunes медиотека. За информации околу додавање музика или други медиуми во вашата iTunes медиотека, отворете iTunes и одберете Help > iTunes Help.

## Преземање музика, видео и многу повеќе

За да снимите музика, видеа и подкасти (podcasts) на вашиот iPhone, можете да ја нагодите апликацијата iTunes на вашиот компјутер да ги синхронизира содржините од вашата медиотека, или пак, медиските фајлови внесени во вашиот iPhone можете да ги средите рачно.

### Синхронизирање содржини од iTunes

Можете да ставите музика, видео и многу повеќе на вашиот iPhone, со синхронизирање на содржините од iTunes. Можете да ги синхронизирате сите медиуми со кои располагате, или можете да одберете одредени песни, видеа или подкасти.

**Нагодување на iTunes за синхронизација со вашите iPod содржини:**

1. Поврзете го iPhone со вашиот компјутер.
2. Во iTunes, одберете iPhone во страничното мени.
3. На табовите Music, Podcasts и Video, одберете ја содржината којашто сакате да ја префрлите на вашиот iPhone. На пример, можете да ја нагодите апликацијата iTunes да синхронизира одбрана музичка плејлиста, како и најновите три епизоди од вашиот омилен видео подкаст.
4. Кликнете Apply.

*За да го нагодите iTunes автоматски да ги синхронизира содржините и информациите од вашиот iPod,* кликнете на табот Summary и одберете "Automatically sync when this iPhone is connected."

На вашиот iPhone ќе бидат префрлени само оние песни и видеа што се кодирани во формат што вашиот iPhone ги поддржува. За информации кои формати вашиот iPhone ги поддржува, погледнете во поглавјето „Песни, видеа или останати нешта што не можат да се пуштат" на страница 139.

Доколку има повеќе песни во вашата iTunes медиотека, од она што може да го собере во вашиот iPhone, iTunes ќе ви понуди да креира посебна плејлиста што би ја синхронизирале со вашиот iPhone. iTunes ќе ја пополни плејлистата со избор од вашата медиотека. Вие можете да додавате или да бришете песни од плејлистата и повторно да синхронизирате.

Доколку преслушувате дел од подкаст или аудио книга, местото до каде што сте застанати ќе биде запомнето доколку направите синхронизација на содржините со iTunes. Ако сте започнале со слушањето на iPhone, можете да продолжите оттаму од каде што сте застанале со помош на iTunes на вашиот компјутер – и обратно.

За повеќе информации околу користењето на iTunes за снабдување со музика и останати медиуми на вашиот компјутер, погледнете во делот „Што ви е потребно" на страница 5.

## Рачно средување на содржините

Карактеристиката рачно средување ви овозможува да ја одберете само онаа музика, видео или подкаст кои што сакате да ги имате на вашиот iPhone.

**Нагодување на вашиот iPhone за рачно средување на содржините:**

1. Поврзете го iPhone со вашиот компјутер.
2. Во iTunes, одберете iPhone во страничното мени.
3. Кликнете на табот Summary и одберете "Manually manage music and videos."
4. Кликнете Apply.

**Додавање содржини на вашиот iPhone:** Повлечете песна, видео или подкаст или целосна плејлиста од вашата iTunes медиотека до вашиот iPhone (во страничното мени). Со помош на командата Shift-click или Command-click на вашиот компјутер, селектирајте повеќе содржини коишто сакате истовремено да ги додадете.

iTunes ги синхронизира содржините моментално. Доколку ја исклучите опцијата "Manually manage music and videos," содржините коишто сте ги внеле рачно, ќе бидат отстранети од вашиот iPhone при следната синхронизација на содржини преку iTunes.

**Отстранување содржини од iPhone:** Додека iPhone е поврзан со вашиот компјутер, одберете ја иконата iPhone на страничното мени на iTunes. Кликнете на триаголникот за прикажување на содржината лево од иконата за да се прикаже содржината. Одберете го видот на содржини, на пример, музика или филмови, потоа одберете ги содржините што сакате да ги избришете и притиснете го копчето за бришење на вашата тастатура.

Отстранувањето на содржините од вашиот iPhone не го подразбира и бришењето и од вашата iTunes медиотека.

*Важно:* Доколку избришете содржина од iTunes, таа ќе се избрише и од вашиот iPhone при следното синхронизирање.

### Пренесување купени содржини на друг компјутер

Содржините од вашиот iPhone коишто биле купени преку апликацијата iTunes можете да ги пренесувате од еден компјутер, во iTunes медиотека на друг авторизиран компјутер. Компјутерот мора да биде авторизиран за да пушта содржини од вашиот iTunes акаунт. За да го авторизирате компјутерот, отворете ја апликацијата iTunes од компјутерот и одберете Store > Authorize Computer.

**Пренесување купени содржини:** Поврзете го вашиот iPhone на другиот компјутер. iTunes ќе ве праша дали сакате да ги префрлитете купените содржини.

### Конвертирање видеа за iPhone

На iPhone можете да додавате и други видеа покрај оние што сте ги купиле од iTunes Store, како на пример видеа што сте ги креирале во iMovie на вашиот Mac компјутер или пак, видеа што сте ги презеле од интернет и сте ги додале во iTunes.

Доколку се обидете да додадете видео од iTunes на iPhone и доколку се појави порака која вели дека видеото не може да се пушти на вашиот iPhone, би требало да го конвертирате видеото.

**Конвервирање видео за да функционира на iPhone:** Одберете го видеото во вашата iTunes медиотека и одберете Advanced > "Create iPod или iPhone Version." Потоа префрлете го конвертираното видео на вашиот iPhone.

## Музика и друг аудио материјал

Multi-Touch екранот со висока резолуција, го прави слушањето музика на iPhone подеднакво визуелно доживување, колку што е и музичко. Можете да се движите низ вашите плејлисти, или да ја користите опцијата Cover Flow за да прелиствате низ насловите на албумите во вашата колекција.

*ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:* За важни информации околу заштита на слухот, погледнете во *Водичот со важни информации за производот (Important Product Information Guide)* на www.apple.com/support/manuals/iphone

### Слушање песни

**Прегледајте ја вашата колекција:** Допрете Playlists, Artists или Songs. Допрете More за да ги прегледате Albums, Audiobooks, Compilations, Composers, Genres или Podcasts.

**Слушање песна:** Допрете ја песната.

## Плејбек контроли

Кога пуштате песна, се појавува екранот Now Playing.




| | |
|---|---|
| Паузирање на песната: | Допрете ❚❚ . или притиснете го копчето “mic” на слушалките на вашиот iPhone. |
| Продолжете со слушање: | Допрете на ▶ или држете на копчето “mic”  на слушалкита на вашиот iPhone. |
| Зголемување или намалување на јачината на звукот: | Повлечете го лизгачот за јачина или употребете ги копчињата што се наоѓаат странично на вашиот iPhone. |
| Рестартирајте песна или поглавје од аудио книга или подкаст: | Допрете ⏮ . |
| Прескокнете на следната или на претходната песна или поглавје од аудио книгата или подкастот: | Допрете ⏮ два пати за да се вратите на претходната песна. Допрете ⏭ за да отидете на следната песна или два пати брзо притиснете го копчето mic на слушалките на вашиот iPhone. |
| Премотувајте кон назад или кон напред: | Допрете ги и држете ги иконите ⏮ или ⏭ Колку подолго ги држите контролите, толку е побрзо премотувањето на песната. |
| Враќање кон листата за прегледување во вашиот iPod: | Допрете ја иконата ⬅ . Или поминете со прстот кон десно врз насловната на албумот. |
| Враќање кон Now Playing екранот: | Допрете Now Playing. |
| Прикажување на текстовите на песните: | Допрете ја насловната на албумот додека песната е во тек. (Текстот ќе се појави само ако претходно сте го додале на песната со помош на инфо-прозорецот на песната во апликацијата iTunes.) |

Плејбек контролите можат да се појават во кое било време додека слушате музика и користите друга апликација – па дури и кога вашиот iPhone е заклучен – со двојно кликање на копчето Home. Видете повеќе во “Home Button” на страница 109.

Доколку користите некоја апликација, плејбек контролите ќе се појават врз активната апликација. По користење на контролите, можете да ги скриете или допрете Music за да преминете на Now Playing екранот. Доколку вашиот iPhone е заклучен, контролите се појавуваат на екранот, а потоа автоматски исчезнуваат штом ќе завршите со нивното користење.

## Дополнителни контроли

Од екранот Now Playing, допрете ја насловната на албумот.

Ќе се појават контролите Repeat, Genius, и Shuffle, како и хоризонтално мени во горниот дел на екранот. Можете да го видите изминатото време, преостанатото време, како и бројот на песната. Се појавува и текстот на песната доколку претходно сте го додале на самата песна во апликацијата iTunes.




| | |
|---|---|
| Нагодување на вашиот iPhone да повторува песни: | Допрете ја иконата . Допрете ја истата икона повторно за да го нагодите вашиот iPhone да ја повторува само дадената песна.<br> = iPhone е нагоден да ги повторува сите песни од албумот или листата.<br> = iPhone е нагоден да повторува одредена песна повторно и повторно.<br> = iPhone не е нагоден да повторува песни. |
| Прескокнете кој било дел од песна: | Повлечете го “playhead” кругот по хоризонталната лента. |
| Креирајте Genius плејлиста: | Допрете ја Genius иконата . Се појавува Genius плејлистата. Видете повеќе во “Употреба на Genius на iPhone” на страница 64. |
| Нагодување на iPhone да ги меша песните: | Допрете ја Shuffle иконата . Допрете ја иконата  повторно вашиот iPhone за да ги пушта песните по нормален редослед.<br> = iPhone е нагоден да ги меша песните.<br> = iPhone е нагоден да ги пушта песните по нормален редослед.<br>Мешање песни од која било плејлиста, албум или друга листа на песни: Допрете Shuffle на врвот на листата. На пример, за да се мешаат сите песни од вашиот  iPhone, одберете Songs > Shuffle.<br>Без разлика дали вашиот iPhone е нагоден на мешање или не, доколку допрете Shuffle на врвот на листата на песни, iPhone ќе почне да ги пушта песните од таа листа по случаен редослед. |

## Прегледување на насловите на албумите со помош на Cover Flow

Кога прегледувате музика, можете да го ротирате вашиот iPhone хоризонтално, за да ја прегледувате содржината на iTunes со помош на Cover Flow и да ја прегледувате вашата музика по насловните корици на албумите.



| | |
|---|---|
| Прегледување содржини со Cover Flow: | Ротирајте го вашиот iPhone во било која страна. |
| Прегледување насловни на албуми: | Повлечете или поминете со прстот кон лево или кон десно. |
| Видете ги песните во албумот: | Допрете на насловната на албумот или допрете ја инфо иконата ⓘ. |




| | |
|---|---|
| Пуштање песна: | Допрете ја песната. Повлечете нагоре или надолу за да се движите низ листата на песни. |
| Враќање на насловната на албумот: | Допрете ја линијата со името. Или, повторно допрете ⓘ. |
| Пуштање или паузирање тековна песна: | Допрете ▶ или ❚❚. Или притиснете го копчето mic, доколку користите стерео слушалки. |

## Прегледување на сите песни во албумот

**Прегледајте ги сите песни од албумот кој ја содржи тековната песна:** Допрете ја иконата од Now Playing екранот. Допрете на песна за да ја пуштите. Допрете ја иконката од албумот за да се вратите на екранот Now Playing.




Во екранот за прегледување на песните, можете да направите рејтинг на песни. Рејтинзите можете да ги користите за да креирате паметни плејлисти во iTunes, коишто динамички се ажурираат за да ги вклучуваат, на пример, највисоко рангираните песни.

**Рангирајте песна:** Повлечете со вашиот прст по менито за рангирање за да ѝ доделите на песната од нула до пет звезди.

# Користење на опцијата Genius на вашиот iPhone

Genius автоматски креира плејлиста од песни од вашата медиотека, коишто одлично се согласуваат со песната што се слуша во моментот. Тоа е како да имате вграден DJ кој го знае вашиот вкус доволно добро за да го направи вистинскиот микс за вас. За да го користите Genius на вашиот iPhone, најпрво морате да ја нагодите опцијата Genius во iTunes, потоа да го синхронизирате вашиот iPhone со iTunes. Genius е бесплатна услуга, но потребно е да имате сметка во iTunes Store. Можете да креирате Genius плејлисти во iTunes и да ги синхронизирате со вашиот iPhone. Исто така можете да креирате Genius плејлисти директно на вашиот iPhone.

**Креирајте Genius плејлиста на вашиот iPhone:**

1 Изберете Playlists и потоа изберете на Genius.

2 Изберете песна од листата. Genius креира плејлиста со дополнителни песни врз основа на таа песна.

Можете исто така да креирате и Genius плејлиста врз основа на песната што свири. Од екранот Now Playing, изберете ја насловната на некој од албумите за да се прикажат дополнителните контроли, потоа изберете .

Зачувајте ја Genius плејлиста:  Во плејлистите, изберете Save. Плејлистата е зачувана во Playlists со насловот на песната што сте го одбрале.

Можете да креирате и да зачувате онолку Genius плејлисти колку што сакате. Доколку зачувате Genius плејлиста којашто е креирана на iPhone, таа ќе се синхронизира со iTunes при следното приклучување.

**Обновување на Genius плејлиста:** Во плејлистата изберете Refresh.

Со обновувањето на плејлистата се создава плејлиста со различни песни, врз основа на онаа што веќе ја имате одбрано. Можете да ја обновите која било Genius плејлиста, без разлика дали била креирана во iTunes, па синхронизирана во iPhone, или креирана директно на iPhone.

**Одредете нова Genius плејлиста според нова песна:** Во плејлистата, допрете New, и потоа одберете нова песна.

**Бришење претходно зачувана Genius плејлиста:** Во плејлистата што е зачувана директно на ваштиот iPhone, допрете Edit, и потоа допрете Delete Playlist.

Откако еднаш Genius плејлистата ќе биде синхронизирана со iTunes, нема да можете да ја избришете директно од вашиот iPhone. Можете да го користите iTunes за да го менувате името на плејлистата, за да го запрете синхронизирањето, или за да ја избришете плејлистата.

## Креирање On-The-Go плејлисти

**Направете "on-the-go" плејлиста:**

1 Допрете Playlists и потоа допрете On-The-Go.

2 Прегледајте ги песните со користење на копчињата на дното на екранот. Допрете на која било песна или видео за да ги додадете во плејлистата. Допрете Add All Songs на врвот на некоја листа на песни за да ги додадете сите песни во листата.

3 Откако ќе бидете готови, допрете Done.

Кога креирате "on-the-go" плејлиста, и потоа го синхронизирате вашиот iPhone со компјутерот, плејлистата е зачувана на вашиот iPhone, како и во медиотеката на вашата iTunes апликација, а потоа избришана од вашиот iPhone. Првата се зачувува како  "On-The-Go 1," следната како "On-The-Go 2," и така натаму. За да ја вратите плејлиста повторно на вашиот iPhone, одберете iPhone во iTunes страничната лента, и кликнете на табот Music, и  изберете синхронизирање на плејлистата.

**Измени во "on-the-go" плејлистата:**  Допрете Playlists, допрете On-The-Go, допрете Edit, и потоа направете една од следниве работи:

- За да придвижите песна погоре или подолу во листата, повлечете ја иконата ≡ што се наоѓа веднаш до песната.
- За да избришете песна од плејлистата, допрете ја иконата ⊖ што се наоѓа веднаш до песната и потоа допрете Delete. Бришењето песна од "on-the-go" плејлистата, не ја брише песната од вашот iPhone.
- За да избришете цела плејлиста, допрете Clear Playlist.
- За да додадете повеќе песни, допрете на +.

# Видео

Со iPhone, вие можете да прегледувате видео содржини како што се филмови, музички спотови и видео подкасти. Доколку видеото содржи поглавја, можете да

прескокнете кон следното или да се навратите на претходното поглавје, како и да ја повикате листата и да одберете да го пуштите кое било поглавје. Доколку видеото има можност да биде и на друг јазик, можете да одберете аудио јазик или прикажување со титл.

## Гледање видео

**Пуштете го видеото за гледање:** Допрете Videos и изберете го саканото видео.

**Прикажување на плејбек контролите:** Допрете на екранот за да ви се покажат сите контролни копчиња. Повторно допрете го екранот, за да се скријат.

## Контролирање на видео плејбекот

Видеата се пуштаат на целиот екран за да се искористат предностите на дисплејот во целост.




Run од Gnarls Barkley е достапен на iTunes во одредени земји

| | |
|---|---|
| Пуштање или паузирање видео: | Допрете ▶ или ❚❚. |
| Зголемување или намалување на јачината на звукот: | Повлечете по долната хоризонталната лента за јачина. |
| Повторно пуштање видео: | Повлечете го “playhead” копчето по горната хоризонтална лента крајно лево, или допрете ја иконата ⏮, доколку видеото не содржи поглавја. |
| Прескокнување кон следно или претходно поглавје (ако има): | Допрете ⏮ за да се навратите на претходното поглавје. Допрете ⏭ за да преминете на следно поглавје. |
| Пуштање конкретно поглавје (ако има): | Допрете ☰ и одберете поглавје од листата. |
| Премотување кон напред или кон назад: | Допрете и држете на ⏮ или ⏭. |
| Прескокнување на кој било дел од видеото: | Влечете го playhead копчето долж горната хоризонтална лента. |

| | |
|---|---|
| Стопирање видео пред да заврши: | Допрете Done. Или притиснете го копчето Home ▢. |
| Менување на големината на видеото за да го исполни екранот или за да се вклопи во екранот: | Допрете ја иконата ⤡ за да го зголемите видеото на целиот екран. Допрете повторно на ⤡ за да го намалите и да се вклопи во екранот. Истото можете да го сторите и со двојно кликање на видеото за да менувате помеѓу видео вклопено во екранот и видео на цел екран.<br>Откако ќе го зголемите видеото за да го пополни целиот екран, можно е страните или горниот дел да се изгубат од видното поле. Кога ќе изберете видеото да се вклопи во екранот, можно е да има црни површини од страна или над и под видеото. |
| Одбирање алтернативен аудио јазик (ако има): | Допрете на 💬 и потоа одберете јазик од аудио листата. |
| Прикажување или скривање титл (ако има) | Допрете 💬, потоа одберете јазик, или Off, од Subtittles листата. |

## Прегледување изнајмени филмови

Можете да изнајмувате филови од iTunes Store и да ги гледате на вашиот iPhone. За да изнајмувате филмови и да ги префрлате на iPhone, ја користите апликацијата iTunes. (Изнајмувањето филмови не е достапно во сите земји.)

Изнајмените филмови можете да ги гледате само ограничено време. Времето кое ви останува за гледање на изнајмените видеа, се појавува во близина на насловот на филмот. Филмовите автоматски се бришат откако ќе измине нивниот рок. Проверете го рокот на важност во iTunes Store пред да изнајмите филм.

**Префрлање на изнајмените филмови на iPhone:** Поврзете го iPhone со вашиот компјутер. Потоа одберете iPhone во страничната лента на апликацијата iTunes, кликнете Video, и одберете ги изнајмените видеа што сакате да ги префрлите. Вашиот компјутер мора да е поврзан на интернет.

**Гледање изнајмен филм:** На iPhone, одберете iPod > Videos и одберете го филмот што сакате да го гледате.

## Гледање видеа на ТВ

iPhone можете да го поврзете и со вашиот телевизор и видеата да ги гледате на голем екран. Употребете го Apple Component AV кабелот, Apple Composite AV кабелот, или некој друг авторизиран iPhone компатибилен кабел. Овие кабли можете да ги користите и со Apple универзална приклучна станица (Apple Universal Dock) за да го поврзете iPhone со вашиот телевизор. (Apple Universal Dock вклучува далечинки управувач што ви овозможува да управувате со плејбекот од далечина.) Apple каблите и приклучните станици се достапни за купување одделно на www.apple.com/ipodstore.

## Бришење видеа од iPhone

Видеата можете да ги избришете од вашиот iPhone за да ослободите простор.

**Бришење видео:** Во листата на видеа, поминете со прстот преку видеото кон лево или кон десно и потоа допрете Delete.

Кога ќе избришете видео (некое друго, а не изнајмен филм) од вашиот iPhone, тоа не е избришано и од вашата iTunes медиотека и подоцна можете повторно да го синхронизирате на вашиот iPhone. Доколку не сакате видеото да биде синхронизирано назад на вашиот iPhone, назначете го тоа во апликацијата iTunes (да не се синхронизира видеото). Видете повеќе на "Што ви е потребно" на страница 5.

*Важно:* Доколку избришете изнајмен филм од вашиот iPhone, тој е трајно избришан и не може да биде префрлен назад на вашиот компјутер.

# Нагодување тајмер за исклучување (Sleep Timer)

Можете да го подестите вашиот iPhone во одреден временски период да ја стопира песната или видеото што е пуштено.

**Нагодување на тајмерот:** Од Home екранот одберете Clock > Timer, потоа кликнете за да ги нагодите часот и минутите. Допрете When Timer Ends и одберете Sleep iPod, допрете Set и потоа допрете Start тајмерот за да отпочне да одбројува.

Откако одбројувањето ќе заврши, iPhone ја стопира песната или видеото, ги затвора сите отворени апликации и автоматски се заклучува.

# Менување на копчињата за прелистување

Можете да ги замените копчињата за пребарување на Playlists, Artist, Songs, или Videos, што се наоѓаат на дното на екранот, со оние што најчесто ги користите. На пример, доколку често слушате подкасти, а не гледате многу видеа, можете да го замените копчето Videos со копчето Podcasts.

Промена на копчињата за прелистување: Допрете More и потоа допрете Edit, потоа повлечете го копчето кон дното на екранот врз она копче што сакате да биде заменето.




Можете да ги влечете копчињата на дното на екранот во лево или во десно за да го промените нивниот распоред. Допрете Done откако ќе завршите. Допрете More во кое било време за да пристапите кон копчињата што ги заменивте.

# Останати апликации

7

## Текстуални SMS пораки



Можете да праќате SMS пораки кон секој кој има телефон што поддржува SMS. Примателот е известен за пораката и може да ја прочита и да одговори во кое било време. Исто така, можете да праќате SMS пораки до повеќе лица во исто време.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: За важни информации околу безбедност при возење, погледнете во Водичот со важни информации за производот на www.apple.com/support/manuals/iphone

### Праќање и добивање SMS пораки

Можете да добивате и да праќате SMS пораки секогаш кога сте во мрежно покривање. Ако можете да воспоставувате повици, можете и да праќате пораки.

До зависност од вашата тарифа, можно е да ви биде наплатено за пораките што ги праќате или примате.

**Праќање нова SMS порака:** Допрете на , потоа внесете телефонски број или име, или допрете за да внесете контакт од вашата контакт листа. Испишете ја пораката и допрете Send.

SMS иконата за пораки на основниот екран (Home screen) го покажува вкупниот број на непрочитани текстуални пораки што ги имате во моментот.



Вашата SMS конверзација е зачувана во листата на текстуални пораки. Конверзациите кои содржат непрочитани пораки имаат сина точка веднаш до нив. Допрете име од листата за да ја прегледате или за да ја дополните конверзацијата.




iPhone ги прикажува последните 50 пораки од некоја конверзација. За да ги видите претходните пораки, движете се кон врвот и изберете "Show Earlier Messages."

**Праќање SMS до повеќе лица истовремено:** Допрете и потоа еден по еден додадете ги контактите на кои сакате да им пишете. Доколку рачно внесете број (наместо да го одберете од листата на контакти), морате да допрете Return пред да го внесете следниот контакт.

Одговорите од примателите ќе ги добиете само вие. Останатите контакти на кои сте ја пратиле пораката нема да видат ниту еден друг одговор.

**Одговорање на SMS или праќање некому (или на група луѓе) кому (или на кои) веќе сте праќале порака:** Допрете на името или на телефонскоит број во Text Messages листата, испишете ја пораката и кликнете Send.

**Бришење на конверзација од Text Messages листата:** Допрете Edit, и потоа допрете веднаш до конверзацијата и допрете Delete. Конверзацијата можете да ја избришете и со поминување со прстот кон лево или кон десно врз неа, а потоа допрете Delete.




**Праќање SMS на вашите омилени или неодамна користени броеви:**

1 Од Home екранот допрете Phone, и потоа допрете Favorites или Recents.

2 Допрете веднаш до името или до бројот и допрете Text Message.

3 Доколку се појават повеќе броеви, допрете го оној број на кој сакате да му пишете.

## Користење контакт информации и линкови

**Повикајте или пратете мејл некому кому сте му пишале SMS:** Допрете порака во Text Messages листата на текстуални пораки и движете се до врвот на конверзацијата.

- *За да повикате некого,* допрете Call.

- *За да пратите е-пошта,* допрете Contact Info, и потоа допрете ја е-адресата.

**Следење линк во порака:** Допрете на линкот.

Линк може да отвори веб страница во Safari, да иницира телефонски повик, да отвори автоматски адресирана порака во Mail, или да прикаже локација во Maps. За да се вратите кон вашите SMS пораки, притиснете го копчето Home и изберете Text.

**Додавање информации во линк кон контакт, или прегледување на контакт информациите на лицето поврзано со линкот:** Допрете которая се наоѓа веднаш до пораката.

Внесување на контакт кому сте пишале SMS, во вашата контакт листа: Допрете на телефонскиот број во Text Messages листата, потоа допрете "Add to Contacts."

## SMS Преглед

Вашиот iPhone, автоматски дава преглед на новите SMS пораки кога телефонот е заклучен или кога користите некоја друга апликација. Оваа опција можете да ја вклучите или да ја исклучите во Settings (Preview on или off).

**Вклучување и исклучување на SMS прегледот:** Во Settings, одберете General > Passcode Lock и потоа допрета Show SMS Preview.

## Известувања

**Нагодувања на звучно известување при добивање нова SMS порака:** Во Settings, одберете Sounds, и потоа вклучете ја или исклучете ја можноста New Text Message.

***Важно:*** Доколку Ring/Silent прекинувачот е исключен, нема да добивате звучни известувања при добивање SMS.

**Прикажување нова SMS кога iPhone е заклучен:** Во Settings, одберете General > Passcode Lock и потоа допрете за да го ја вклучите можноста "SMS preview".

# Календар




Календарот ви овозможува да ги гледате вашите настани во континуирана листа, распределена по ден или по месец. Синхронизирајте го вашиот iPhone со календарот на вашиот компјутер. Креирајте, менувајте или откажувајте состаноци на вашиот iPhone, и синхронизирајте ги назад со вашиот компјутер. Доколку имате Microsoft Exchange акаунт, можете да примате и да одговарате на покани за состаноци.

## Синхронизирање на календари

**Можете да го синхронизирате календарот, на еден од следниве начини:**

- Во апликацијата iTunes, искористете ги референтните икони за да синхронизирате со iCal или Microsoft Entourage на Mac, или во Microsoft Outlook 2003 или 2007 на вашиот PC компјутер, кога го поврзувате вашиот iPhone со вашиот компјутер. Погледнете "Синхронизирање со iTunes" на страница 7.
- Во iPhone Settings одберете Calendar во вашиот MobileMe или Microsoft Ex change акаунт за да ги синхронизирате информациите од вашиот календар безжично. Погледнете "Нагодување акаунти" на страница 12.

## Додавање настани во календарот на вашиот iPhone

Исто така, можете да внесувате или да менувате настани во календарот директно во вашиот iPhone.

**Додавање настан:** Допрете на +, внесете информации за настанот, а потоа допрете Done.

Можете да внесувате која било од следниве информации:

- Наслов
- Локација
- Време на започнување и завршување (или вклучете го All-day, доколку е целодневен настан)
- Повторување на време - нема повторување, или секој ден, седмица, две седмици, месец, или година
- Известување за времето на настанот — од пет минути па сѐ до два дена пред настанот

  Кога нагодувате известување, се појавува опција да нагодите и второ известување. Откако известувањето ќе се исклучи, вашиот iPhone прикажува порака. Можете да го нагодите вашиот iPhone и да испушта звук (погледнете подолу).

  *Важно:* Некои оператори не го поддржуваат мрежното време на секоја локација. Доколку патувате, можно е вашиот iPhone да не ве извести во точното локално време. За да го нагодите рачно точното време, погледнете во "Дата и време" на страница 110.
- Забелешки

За да одберете во кој календар сакате да го додадете настанот, допрете Calendar. Календарите кои се "Read-only" нема да се прикажат на листата

| | |
|---|---|
| **Промени во настан:** | Допрете го настанот и потоа допрете Edit. |
| **Бришење на настан:** | Допрете го настанот, допрете Edit, и потоа движете се надолу и допрете Delete Event. |

## Одговарање на покани за состаноци

Доколку имате Microsoft Exchange акаунт нагоден на вашиот iPhone со вклучени Календари, можете да добивате и да одговарате на покани за состаноци на луѓето од вашата организација. Кога ќе добиете покана, состанокот се појавува во вашиот календар со точкаста линија околу него. Иконата во долниот десен агол на екранот го прикажува вкупниот број нови покани што ги имате, како и на иконата од Календар на основното мени (Home screen).







Број на покани
за состаноци

**Одговарање на покана од календарот:**

1 Допрете на поканата за состанок во календарот, или допрете за да се прикаже Event екранот и потоа допрете ја поканата.



- Допрете “Invitation from” за да добиете контакт информации за организаторот на состанокот. Допрете на е-адресата за да пратите порака на организаторот. Доколку организаторот е во вашата листа на контакти, можете и да изберете на контактот да му се јавите или да му пратите SMS.
- Допрете на Attendees за да видите кои други лица се поканети на состанокот. Допрете на името за да ги видите контакт информациите на учесникот на состанокот. Допрете на е-адресата за да пратите порака на учесникот на состанокот. Доколку учесникот е во вашата листа на контакти, може со допир на контактот да му се јавите или да му пратите SMS порака.
- Допрете на Alert за да го нагодите вашиот iPhone да направи звучно известување пред состанокот.
- Допрете Add Comments за да додадете коментари во e-mail одговорот на организаторот на состанокот. Вашите коментари ќе се појават и на инфо екранот за состанокот.

Забелешките се прават од страна на организаторот на состанокот.

2. Допрете Accept, Maybe, или Decline. (Прифаќам, Можеби или Одбивам)

Кога прифаќате, прифаќате со двоумење или одбивате покана, се праќа мејл на организаторот на состанокот во кој се вклучени коментарите што сте ги додале.

Доколку прифатите или прифатите со двоумење некој состанок, вашиот одговор може подоцна да го промените. Допрете Add Comments доколку сакате да ги промените вашите коментари.

Разменетите покани за состаноци исто така се пратени како е-пораки, што ви овозможува инфо екранот за состанокот да го отворите од Mail.

**Отворете покана за состанок како е-пошта:** Допрете ја поканата.




## Известувања

**Нагодете известувања во календарот:** Во Settings, одберете Sounds, а потоа изберете Calendar Alerts on за да ги вклучите известувањата. Доколку Calendar Alerts се на „off“ т.е. исклучени, вашиот iPhone прикажува порака пред самиот почеток на настанот, но не прави звук.

Важно: Доколку Ring/Silent прекинувачот е исклучен, нема да има звучно известување.

**Звучни известувања за покани:** Во Settings, одберете “Mail, Contacts, Calendar.” Во Calendar, допрете на New Invitation Alert и изберете „on“.

## Прегледување на вашиот календар

Можете да ги прегледате настаните во вашиот календар во листа, по ден или по месец. Настаните од секој од вашите синхронизирани календари се појавуваат во еден ист календар во вашиот iPhone.

**Промена на начинот на прегледување:** Допрете List (листа), Day (ден), или Month (месец).

- *Прегледување по листа:* Сите ваши состаноци и настани се појавуваат во листа по која можете да се движите горе-долу.
- *Прегледување по денови:* Движете се нагоре или надолу за да ги прегледате настаните во денот. Допрете ◀ или ▶ за да ги видите настаните од претходниот или следниот ден.
- *Прегледување по месеци:* Допрете на ден за да ги прегледате настаните од тој ден. Допрете на ◀ или ▶ за да го видите претходниот или следниот месец.




**Погледнете детали околу настан:** Допрете на настанот.

**Нагодете го вашиот iPhone да ги приспособува термините на настаните со одбраната временска зона:**

1. Во Settings, одберете > Date & Time.
2. Вклучете ја поддршката за временски зони – Time Zone Support е на „on“.
3. Допрете на Time Zone и побарајте некој поголем град во посакуваната временска зона.

Кога поддршката за временски зони е вклучена, календарот ги прикажува датите и времето на настани според временската зона на градот што сте го избрале. Доколку поддршката за временски зони е исклучена (Time Zone Support е на „off“), Календарот ги прикажува настаните во временската зона на вашата моментална локација, како што е одредено од времето на мрежата.

# Фотографии



iPhone ви овозможува да ги носите вашите фотографии со вас, за да можете да ги споделувате со вашето семејство, со пријателите и колегите. Можете да синхронизирате фотографии од вашиот компјутер, да ги користите како позадина на вашиот екран или да ги доделите на контактите за да ги идентификувате кога ви ѕвонат.

## Синхронизирање фотографии со вашиот компјутер

iTunes може да ги синхронизира фотографиите со помош на следниве апликации:

- *Mac:* апликацијата iPhoto 4.0.3 или понова, или апликацијата Aperture
- *PC:* Adobe Photoshop Album 2.0 или понов, или Adobe Photoshop Elements 3.0 или понов.

Погледнете "Што ви е потребно" на страница 5.

## Прегледување фотографии

Фотографиите синхронизирани од вашиот компјутер можат да бидат прегледувани во менито Photos (Фотографии). Исто така, можете да ги прегледувате и фотографиите што сте ги направиле со вградената камера.

Прегледување фотографии:

1 Во Photos:

- Допрете Photo Library за да ги прегледате сите ваши фотографии
- Допрете на кој било фото албум, или допрете на Camera Roll за да ги прегледате фотографиите шти сте ги направиле со вашиот iPhone.

2 Допрете на иконката од сликата за да ја погледнете фотографијата на цел екран.

**Прикажување и скривање на контролните копчиња:** Допрете ја фотографијата на цел екран за да се појават контролите. Допрете повторно за да се изгубат.



**Гледајте ја фотографијата во хоризонтална положба:** Свртете го вашиот iPhone на страна. Фотографијата автоматски се свртува и ако е во хоризонтална положба (landscape формат) ќе се прошири на целиот екран




**Зголемувајте дел од фотографија:** Допрете два пати на местото што сакате да го зголемите. Повторно допрете два пати за да се вратите во првобитната положба. Со движење со прстите можете исто така да зголемувате или да намалувате.




**Движење низ фотографија:** Повлечете ја фотографијата.

**Погледнете ја претходната или следната фотографија:** Повлечете кон лево или кон десно. Или допрете на екранот за да се покажат контролите и потоа допрете на ➡ или ⬅.



## Slideshows

Можете да ги прегледувате вашите фотографии на slideshow, заедно со позадинска музика.

**Прегледување на фотографиите во slideshow:** Одберете фото албум и допрете на ▶.

Исто така можете да допрете на ▶ за да започне slideshow додека гледате одредена фотографија. Доколку не ја гледате иконата ▶, допрете ја фотографијата и на екранот ќе се појават контролите.

**Запирање на slideshow:** Допрете на екранот.

**Нагодување на slideshow:** Во Settings, одберете Photos и нагодете ги следниве опции:

- За да ја нагодите временската должина на прикажување на фотографиите во slideshow, допрете на Play Each Slide For и одберете го посакуваното време.
- За да нагодите да има ефекти при менување од фотографија на фотографија, допрете на Transition и одберете го видот на ефект.
- За да нагодите дали вашиот slideshow ќе се повторува, вклучете или исклучете Repeat (Repeat on или off).
- За да нагодите дали фотографиите ќе се менуваат по неопределен редослед, вклучете ја или исклучете ја опцијата Shuffle. (Shuffle on или off)

**Слушање музика за време на slideshow:** Во iPod, пуштете песна, потоа одберете го менито Photos на основниот екран и пуштете slideshow.

## Позадина на екранот

Забележувате слика како позадина на екранот штом ќе го отклучите вашиот iPhone или додека разговарате со некого од кого немате фотографија во висока резолуција.

**Поставување фотографија како позадина на екранот:**

1 Одберете која било фотографија и допрете на , а потоа допрете на Use As Wallpaper.

2 Влечете ја фотографијата по позадината или пак, растегнете ја со прстите за да ја зголемите или да ја намалите фотографијата, сè додека не го добиете посакуваниот изглед.

3 Допрете Set Wallpaper.

Исто така, можете да одбирате од неколку позадински фотографии вклучени во вашиот iPhone, така што ќе одберете Settings > Wallpaper > Wallpaper from the Home screen.

## Зачувување фотографии од е-пошта или веб страница

Фотографии прикачени на е-пошта или веб страница можете да ги додадете во вашата Фото галерија (Foto Library).

**Додавање фотографија во вашата фото галерија:** Притиснете и задржете на фотографијата, а потоа допрете Save Image.

Фотографијата е додадена кон албумот Camera Roll. Можете и да ги префрлите фотографиите од вашиот Camera Roll албум во апликацијата за фотографии на вашиот компјутер, со едноставно поврзување на вашиот iPhone со вашиот компјутер.

## Праќање фотографија по е-пошта

**Праќање фотографија по е-пошта:** Одберете која било фотографија и допрете  и потоа допрете Email Photo. iPhone мора да е нагоден за е-пошта. Погледнете во “Организирање е-пошта” на страница 51.

## Праќање фотографија до MobileMe галерија

Доколку поседувате MobileMe акаунт, можете да праќате фотографии директно од вашиот iPhone до галеријата што претходно сте ја креирале. Можете да праќате фотографии и до нечија друга MobileMe галерија, доколку тоа лице има овозможено таква опција.

Пред да пратите фотографија кон галеријата, мора да:

- Нагодите MobileMe акаунт на вашиот iPhone
- Објавите MobileMe галерија и да дозволите преземање слики преку е-пошта
- Пристапите на Wi-Fi мрежа која е поврзана на интернет.

За повеќе информации околу креирањето галерии, погледнете на MobileMe Help.

**Пратете фотографија на својата галерија:** Одберете која било фотографија и допрете , а потоа допрете Send to Gallery.

## Доделување фотографија на контакт

Можете да доделите фотографија на контакт од вашата листа. Кога тоа лице ве повикува, вашиот iPhone ја прикажува неговата фотографија.

**Доделување фотографија на контакт:**

1 Одберете Camera од основното мени и фотографирајте некого. Или одберете која било фотографија што веќе ја имате на iPhone и допрете .

2 Допрете Assign to Contact и одберете контакт.

3 Позиционирајте и нагодете ја големината на фотографијата сѐ додека не изгледа како што сакате. Повлечете ја фотографијата до екранот и помрднувајте со прстите за да ја зголемите или намалите.

4 Допрете Set Photo.

Можете и да доделите фотографија на некој контакт во Contacts со допирање на Edit и потоа допирање на иконата од фотографијата.

# Камера



iPhone ви овозможува да фотографирате со вградената 2 мега-пикселна камера.

## Фотографирање

За да направите фотографија, само насочете и допрете. Камерата е на задниот дел на iPhone, така што можете да ја гледате посакуваната фотографија на екранот.

Фотографиите од камерата се обележани со локациски податоци, доколку опцијата Location Services е вклучена. Локациските податоци можете да ги користите со некои апликации и веб сајтови за споделување фотографии, за да одредите и запишете каде сте ја направиле вашата фотографија. Доколку опцијата Location Services е исклучена, ќе биде побарано да ја вклучите. Доколку не сакате да вклучите локациски податоци во вашите фотографии, тогаш не ви треба да биде вклучена опцијата Location Services при фотографирање. Погледнете во “Локациски услуги” на страница 107.

**Фотографирање:** Во менито Camera, насочете го вашиот iPhone и допрете на иконата .

Доколку фотографирате со телефонот свртен хоризонтално, фотографиите автоматски ќе бидат зачувани како хоризонтални (landscape).

**Креирајте фотографија од екранот на вашиот iPhone:** Брзо притиснете и отпуштете ги копчињата Sleep/Wake и Home копчето во исто време. Светлото на екранот ви дава до знаење дека е направена фотографија од екранот. Фотографијата е додадена во албумот Camera Roll.

## Прегледување фотографии

**Погледнете ги фотографиите што сте ги креирале:** Во Camera, допрете на . Или во Photos, допрете Camera Roll.

**Бришење фотографија:** Во Camera, допрете на фотографија и потоа допрете на . Или во Photos, допрете ја фотографијата во албумот

Camera Roll и потоа допрете ја иконата .

**Префрлање фотографии од вашиот iPhone на вашиот компјутер:** Поврзете го вашиот iPhone со вашиот компјутер.

- Mac: Одберете ги фотографиите што ги сакате и кликнете на копчето Import. Во Aperture, можете да одберете проект или папка во која би ги сместиле фотографиите пред да ги префрлите.
- PC: Следете ги инструкциите што доаѓаат со вашата камера или фото апликација.

# YouTube

YouTube содржи кратки видеа што ги ставаат луѓе ширум светот. (Не е достапен на сите јазици и можно е да не е достапен во сите земји.)

## Наоѓање и прегледување видеа

Можете да прелистувате на YouTube или да ги побарате видеата што сакате да ги гледате.

**Прелистување видеа:** Допрете Featured, Most Viewed или Bookmarks. Или допрете на More, за да прелистувате по категориите Most Recent, Top Rated, или History.

- Препорачани (Featured): Видеа видени и препорачани од страна на членови на YouTube.
- Најгледани (Most Viewed): Видеа кои се најгледани од посетителите на YouTube. Допрете на All за да ги проследите најгледаните видеа на сите времиња, или допрете Today или This Week за најгледаните видеа во денот или во неделата.
- Маркирани (Bookmarks): Видеа што ги имате обележано.
- Најнови (Most Recent): Видеа неодамна поставени на YouTube.
- Највисоко рангирани (Top Rated): Видеа што се најдобро оценети од гледачите на YouTube. За да рангирате видео, одете на www.youtube.com.
- Историја (History): Видеа што сте ги прегледувале неодамна.

**Пребарување видеа:**

1. Допрете Search, а потоа допрете на полето за пребарување на YouTube.
2. Внесете збор или фраза што го опишува она што го барате и потоа допрете Search. YouTube ќе ви ги прикаже резултатите базирани на наслови на видеа, описи, забелешки или имиња на корисници.

**Пуштање видео:** Допрете го видеото.

Видеото почнува да се презема на вашиот iPhone и се појавува статус лентата која го покажува процентот на преземање. Кога доволен дел од видеото е преземен, тоа се пушта. Исто така, можете да допрете на ▶ за да почне видеото.

## Контроли на видео плејбек

Откако видеото ќе започне да се емитува, контролите исчезнуваат за да не му пречат на видеото.

**Прикажување или скривање на видео контролите:  Допрете на екранот**




| | |
|---|---|
| **Пуштајте или паузирајте видео:** | Допри ▶ или ❚❚ |
| **Зголемете ја или намалете ја јачината на звукот:** | Повлечете по лизгачот за јачина или употребете ги копчињата за јачина на страничниот дел на вашиот iPhone. |
| **Започнување видео од почеток:** | Допрете ⏮. |
| **Прескокнување кон следно или претходно видео:** | Допрете два пати на иконата за да прескокнете на претходното видео. Допрете два пати на иконата ⏭ за да прескокнете кон следното видео. |
| **Премотување кон напред и кон назад:** | Допрете и држете на ⏮ или ⏭ |
| **Прескокнете на кој било дел од видео:** | Повлечете го playhead копчето долж  горната хоризонтална лента (Scrubber bar). |
| **Стопирајте видео пред да заврши:** | Допрете Done. Или притиснете го копчето ▢ Home. |
| **Менување на големината на видеото за да го исполни екранот или за да се вклопи во екранот:** | Допрете го видеото два пати. Исто така, можете да ја допрете иконата за да го исполни целиот екран. Допрете ја иконата за да го вклопи видеото во екранот. |
| **Маркирање видео:** | Допрете веднаш до видеото и допрете Bookmark. Или пуштете го видеото и допрете . Допрете Bookmarks за да ги видите обележаните видеа. |
| **Праќање линк до видео по е-пошта:** | Допрете ја иконата веднаш до видеото и допрете Share. Или пуштете го видеото и потоа допрете ја иконата ✉. |
| **Прегледување детали за видеата и прелистување сродни видеа:** | Пуштете го целото видеото, допрете Done додека видеото е сè уште во тек, или допрете веднаш до видеото од листата. iPhone ќе ги прикаже рејтинзите, описот, датата кога е поставено и многу други информации. Исто така, можете да ја видите и листата на сродни видеа коишто можете да ги гледате. |

## Менување на копчињата за пребарување

Можете да ги замените копчињата за пребарување Featured, Most Viewed, Bookmarks или Search, што се наоѓаат на дното на екранот, со оние што најчесто ги користите. На пример, доколку често гледате највисоко рангирани видеа, а не гледате многу препорачани видеа, можете да го замените копчето Fetaured со копчето Top Rated.

**Промена на копчињата за пребарување:** Допрете More и потоа допрете Edit, и повлечете го копчето кон дното на екранот врз она копче што сакате да биде заменето.




Можете да ги влечете копчињата на дното на екранот во лево или во десно за да го промените нивниот распоред. Кога ќе завршите, допрете Done.

Кога пребарувате видеа, допрете на More за да пристапите кон копчињата за пребарување коишто не се гледаат.

## Поставувајте ваши сопствени видеа на YouTube

За информации како да ставите ваши сопствени видеа на YouTube, одете на www.youtube.com и изберете Help.

# Акции



Апликацијата Stocks (Акции) ви овозможува да ги прегледувате најновите цени на акции коишто сте ги селектирале.

## Прегледување цени на акции

Цените на акциите се ажурираат секој пат кога ќе го отворите менито Stocks додека сте приклучени на интернет. Тие можат да бидат со задоцнување од 20 минути.

**Додавање акции, индекси или фондови кон читачот на акции:**

1. Допрете ја иконата и потоа допрете +.
2. Внесете симбол, име на компанија, индекс или име на фонд и потоа допрете Search.
3. Одберете податок во листата за пребарување.

**Прикажување на растот на акцијата во подолг или пократок период:** Допрете го симболот на акцијата, и потоа изберете 1d, 1w, 1m, 3m, 6m, 1y или 2y. Графиконот се приспособува на 1 ден, 1 недела, еден, три или шест месеци, една или две години.

**Бришење акции:** Допрете и допрете веднаш до акцијата и потоа допрете Delete.

**Преуредување акции:** Допрете. Потоа повлечете ја иконата што се наоѓа до акцијата на ново место во листата.

**Прикажување монетарни или процентуални промени:** Допрете на бројот што ја прикажува промената. Допрете го повторно за да се вратите назад. Или допрете ја иконата и допрете % или Numbers (броеви).

## Добивање повеќе информации

**Погледнете информации околу акциите на Yahoo.com:** Одберете ја акцијата и допрете !. Можете да гледате вести, информации, веб страници поврзани со акциите и многу повеќе.

# Акции



Мапите овозможуваат приказ на улични мапи, сателитски фотографии и хибридни слики на локации во многу земји во светот. Можете да добиете детални инструкции при возење, а во некои области и информации за сообраќајот. Исто така, во некои области, можете да ја пронајдете и да ја следите вашата моментална (приближна) локација и да ја користите за да добиете насоки при возење до или од некое место.

*ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:* За важните информации околу внимателно возење и безбедна навигација, погледнете во Водичот со важни информации за производот на www.apple.com/support/manuals/iphone

## Наоѓање и прегледување локации

**Наоѓање локација и прегледување мапа:**

1 Допрете го полето за пребарување за да ја повикате тастатурата.

2 Испишете адреса, крстосница, област, обележје, маркер, контакт или поштенски број.

3 Допрете Search.

Со игличка се обележува локацијата. Допрете на игличката за да го видите името или описот на локацијата.




Допрете за да добиете информации за локацијата, да добиете насоки за движење, или за да ја додадете локацијата на вашата bookmarks или контакт листа

**Пронајдете ја вашата моментална локација и вклучете го модот за следење:** Допрете на иконата .

iPhone го користи Location Services за да ја одреди вашата моментална (приближна) локација. Location Services ги користи расположливите информации од мобилните мрежни податоци, локалните Wi-Fi мрежи (доколку ви е вклучен Wi-Fi) и GPS (доколку имате iPhone 3G; GPS не е на располагање на сите локации). Колку се попрецизни информациите, толку попрецизно е одредувањето на вашата локација. Оваа карактеристика не е достапна во сите региони.

1 Мапите, насоките за движење и локациските информации зависат од собраните податоци и услугите обезбедени од трети страни. Овие информациски услуги се предмет на промена и можно е да не се достапни во сите географски подрачја, што резултира со тоа мапите, насоките за движење или инфомациите за локацијата да бидат недостапни, непрецизни или нецелосни.. За подетални информации, погледнете www.apple.com/iphone. Со цел да се прикаже вашата локација, се собираат податоци во формат кој лично не ве идентификува. Доколку не сакате да се собираат ваквите информации, немојте да ја користете оваа алатка. Некористењето на алатката не влијае на функционалноста на вашиот iPhone.

Доколку Location Services е исклучен, ќе биде побарано да го вклучите. Вашата моментална локација нема да можете да ја одредите и да ја следите доколку опцијата Location Services е исклучена на „off". Погледнете "Локациски услуги" на страница 107.

Доколку имате iPhone 3G, се појавува син маркер што ја покажува вашата локација кога се користи GPS за пронаоѓање на вашата локација. Во спротивно, се појавува круг за покажување вашата приближна локација. Како што се движите наоколу, iPhone ја ажурира вашата локација, приспособувајќи ја мапата така што индикаторот на вашата локација останува во центарот на екранот. Доколку повторно допрете на иконата  или доколку ја повлечете мапата, вашиот iPhone ќе продолжи да ја ажурира вашата локација, но ќе престане да ја нагодува централно, и со тоа информацијата за локацијата може да се помести надвор од екранот.

Забелешка: За да го зачувате животниот век на вашата батерија, исклучете го Location Services на „off" кога не го користите. Во Settings, одберете General > Location Services.




**Користење на игличката:** Допрете ја иконата  и потоа допрете Drop Pin.




Игличката ќе се спушти на мапата и потоа можете да ја повлекувате по која било локација што ќе ја одберете.

**Брзо движење на игличката во моментално прикажаната област:** Допрете ја иконата и потоа допрете Replace Pin.

| | |
|---|---|
| **Зголемување одреден дел од мапата (Zoom in):** | Допрете ја мапата со два прста и раширувајте ги. Или допрете два пати на делот што сакате да го зголемите. Со повторно допирање два пати, зголемувате уште повеќе |
| **Намалување на видното поле (Zoom out):** | Допрете ја мапата со обратно движење на прстите. Или допрете ја мапата со два прсти истовремено. Допрете повторно со двата прста за да намалите уште повеќе. |
| **Движете се кон друг дел од мапата:** | Повлекувајте нагоре, надолу, кон лево или кон десно. |

**Сателитска или хибридна слика:** Допрете ја иконата и потоа допрете Satellite или Hybrid, за да видите сателитска снимка или комбинирана улична мапа со сателитски снимки.




Допрете на Map за да се вратите на мапата.

Погледнете ја локацијата на адресата на некој од вашите контакти

| | |
|---|---|
| **Погледнете ја локацијата на адресата на некој од вашите контакти** | Допрете ја иконата во полето за пребарување, потоа допрете Contacts и одберете некој контакт.<br>За да ја лоцирате адресата на овој начин, контактот мора да има најмалку една адреса. Доколку контактот има повеќе од една адреса, морате да ја одберете онаа што сакате да ја лоцирате. Исто така, можете да ја барате локацијата на некоја адреса со допирање на адресата директно од менито Contact. |
| **Додавање локација во вашата контакт листа** | Пронајдете локација, допрете ја игличката што ја прикажува, допрете веднаш до името или описот, потоа допрете Create New Contact или "Add to Existing Contact." |

## Маркирање локации

Можете да обележувате локации што сакате подоцна повторно да ги најдете.

**Маркирање локација:** Пронајдете локација, допрете на игличката што ја обележува, допрете веднаш до името или описот, потоа допрете “Add to Bookmarks.”

Прегледување маркирани или неодамна прегледувани локации: Допрете ја иконата во полето за пребарување, потоа допрете Bookmarks или Recents.

Добивање насоки за движење

Можете да добивате насоки за возење кон одредена десинација чекор-по-чекор.

## Добивање насоки за движење

Можете да добивате насоки за возење кон одредена десинација чекор-по-чекор.

**Добивање насоки**

1. Допрете Directions.
2. Допрете ги почетната и крајната локација во полињата Start и End. Вашиот iPhone автоматски започнува со вашата моментална приближна локација (доколку е достапна). Допрете ја иконата во кое било поле и одберете маркирана локација од Bookmarks (вклучувајќи ја и вашата моментална приближна локација и спуштената игличка, кога е возможно), Recents, или Contacts.

   На пример, доколку адресата на вашиот пријател се наоѓа во вашата контакт листа, можете да допрете на Contacts и да го допрете името на вашиот пријател, наместо да ја внесувате адресата.

   За да се вратите на насоките, допрете .
3. Допрете Route, и потоа направете една од следниве работи:

   - *За да ги гледате насоките, чекор по чекор,* допрете Start, и потоа допрете за да го видите следниот чекор од патувањето. Допрете за да се вратите.



- *За да ги видите сите насоки во листата,* допрете ја иконата и потоа допрете List. Допрете на која било содржина од листата за да ја видите мапата што ќе ви го прикаже следниот чекор од патувањето.

Приближното време за возење, се појавува во горниот дел од екранот. Доколку се достапни информациите за сообраќајот, времето на возење се нагодува соодветно. Насоки можете да добивате и така што ќе ја најдете локацијата на мапата, ќе ја допрете игличката што се појавува, ќе допрете и потоа изберете Directions To Here (насоки до овде) или Directions From Here (насоки од овде).

**Промена на почетна и завршна точка, за движење во спротивна насока:** Допрете ја иконата .

Доколку не можете да ја видите , допрете List, и потоа допрете Edit.

**Прегледување неодамна гледани локации:** Допрете ја иконата во полето за пребарување, потоа допрете Recents.

## Прикажување на состојбата во сообраќајот

Кога е достапно, на мапата може да се покажаува и состојбата во сообраќајот .

**Прикажување или скривање на состојбите во сообраќајот:** Допрете ја иконата , потоа допрете на Show Traffic (прикажува) или на Hide Traffic (не прикажува).

Сотојбатата на автопатите е прикажана во различни бои, соодветно на метежот во сообраќајот.




Доколку на екранот не се гледаат автопатите во боја, или треба да ја намалите сликата (одзумирате) до степен каде што можете да ги видите главните патишта, или пак, состојбите на сообраќајот не се достапни за таа област.

## Наоѓање и контактирање со фирми

**Пронаоѓање некоја фирма/дејност во определена област:**

1 Најдете ја локацијата — на пример, град или држава или адреса на улица – и придвижете се до таа локација на мапата.

2 Внесете го видот на дејноста во текстуалното поле и допрете Search.

Се појавуваат иглички на сите локации што се совпаѓаат. На пример, доколку го лоцирате вашиот град и внесете “movies” (филмови) и допрете на Search, игличките ќе ги одбележат сите кина во вашиот град.

Допрете ја игличката што  обележува некоја дејност за да ги видите името и описот на фирмата.

Пронаоѓање дејности без претходно пронаоѓање на локацијата: Внесете информации од типот:

- restaurants san francisco ca (ресторани Сан Франциско Калифорнија)
- apple inc new york

**Контактирање некоја фирма/дејност или добивање насоки:** Допрете на игличката што ја обележува бараната дејност, потоа допрете веднаш до името.




**Потоа, можете да го сторите следново:**

- Допрете на телефонскиот број за да го повикате, изберете адреса за да пратите е-пошта или веб страница за да ја посетите.
- За насоки, допрете Directions To Here (до таму) или Directions From Here (од овде).
- За да ја додадете фирмата во вашата контакт листа, придвижете се надолу и допрете Create New Contact или “Add to Existing Contact.”

**Прегледување на фирмите најдени со пребарувањето:** Од менито Map одберете List. Допрете на фирмата за да ја видите нејзината локацијата. Или допрете на веднаш до дејноста за да ги видите информациите за неа.

# Време



Користете ја апликацијата Време (Weather) за да ја добиете моменталната температура, како и прогнозата за следните шест денови за еден или повеќе градови ширум светот.

## Гледање временски состојби

Допрете Weather во основното мени за да ја видите моменталната временска сосотојба за избраниот град.




Доколку плочката за време е светлосина, тоа значи дека е ден во одбраниот град - помеѓу 6:00 наутро и 6:00 попладне. Доколку плочката е темновиолетова, значи дека во градот е ноќ - помеѓу 6:00 попладне и 6:00 наутро

**Додавање град:**

1 Допрете ја иконата ⓘ и допрете +.

2 Внесете име на град или поштенски број и допрете Search.

3 Одберете град од листата за пребарување.

**Промена на градот:** Помрднете лево или десно или допрете лево или десно на линијата точки. Бројот на точки под временската плочка покажува колку градови имате меморирано.

Преуредување на распоредот на градови: Допрете ⓘ, потоа повлечете ја ≡ што се наоѓа до градот до позицијата на која сакате да го ставите.

**Бришење град:** Допрете на иконата ⓘ и потоа допрете ⊖ веднаш до градот и допрете Delete.

Прикажување на температурите во Фаренхајтови или во Целзиусови степени: Допрете на ⓘ и потоа изберете °F или °C.

## Добивање повеќе информации за времето

Можете да видите и подетален временски извештај вести или веб страници поврзани со одреден град и многу повеќе.

**Видете повеќе информации за некој град на Yahoo.com:** Допрете ја иконата Y!.

# Часовник



Часовникот ви овозможува да го следите времето на различни места, да нагодите аларм, да користите стоперка или да нагодите одбројувач (тајмер).

## Часовници во светот

Можете да додавате часовници за да го гледате времето во другите поголеми градови и временски зони ширум светот.

**Гледање часовници:** Допрете на World Clock.

Доколку часовникот е бел, тоа значи дека во моментот е ден во конкретниот град. Доколку е црн, тогаш е ноќ. Доколку имате повеќе од четири часовника, помрднете по екранот за да ги видите сите.

**Додавање часовник:**

1 Допрете World Clock.

2 Допрете +, потоа впишете го името на градот.

Градовите кои се совпаѓаат со оној што го впишувате, ќе се појават долу.

3 Допрете на градот за да го додадете во листата на часовници.

Доколку градот што го барате не се појавува во листата, обидете се со некој поголем град од истата временска зона.

**Бришење часовник:** Допрете World Clock и потоа допрете Edit. Потоа допрете веднаш до часовникот и изберете Delete.

**Преуредување на часовниците:** Допрете World Clock и потоа Edit. Потоа повлечете ја иконата ≡ што се наѓа веднаш до часовникот на ново место на листата.

## Аларми

Можете да нагодувате повеќекратни аларми. Нагодете го алармот да се повторува во деновите што ќе ги назначите, или да ви заѕвони само еднаш.

Нагодување аларм:

1 Допрете на Alarm и допрете +.

2 Одредете кои било од следниве нагодувања:

- За да го нагодите алармот да се повторува во одредени денови, допрете Repeat и одберете ги деновите.
- За да одберете рингтон за алармот, допрете Sound.

- За да нагодите дали алармот ќе ви даде опција повторно да се активира за краток временски интервал, допрете Snooze и вклучете ја („snooze on") или исклучете ја („snooze off") оваа опција. Доколку опцијата Snooze е вклучена и вие изберете Snooze кога алармот е активиран, тој престанува и повторно се активира за десет минути.
- За да му дадете опис на алармот, допрете Label. Вашиот iPhone ќе го прикаже описот кога алармот се активира.

Доколку најмалку еден аларм е нагоден, иконата се појавува на статус лентата на вашиот iPhone.

*Забелешка:* Некои оператори не поддржуваат мрежно време на сите локации. Доколку патувате, известувањата на вашиот iPhone можно е да бидат погрешни, во споредба со локалното време. За таа цел, погледнете во "Дата и време" на страница 110.

**Вклучување и исклучување аларм:** Допрете Alarm и вклучете или исклучете го кој било аларм. Доколку алармот е исклучен (на „off"), тој нема повторно да се вклучи сѐ додека вие не го вклучите повторно.

Доколку алармот е нагоден да заѕвони само еднаш, тој автоматски се исклучува по ѕвонењето. Можете повторно да го вклучите за да биде активен.

**Промена на нагодувањата за алармот:** Допрете Alarm, допрете Edit, потоа допрете до алармот што сакате да го промените.

**Бришење аларм:** Допрете Alarm и допрете Edit, потоа допрете до алармот и допрете Delete.

## Стоперка

1 Користење на стоперката за време на настан:

2 Допрете Stopwatch.

Допрете Start за да ја вклучите стоперката.

- За да го измерите изминатото време, допрете Lap по секој циклус.
- За да паузирате, допрете Stop. Допрете Start за да продолжите со мерењето.
- За да ја ресетирате стоперката, допрете Reset кога стоперката е на пауза.

Доколку ја активирате стоперката и се префрлите на друга iPhone апликација, таа ќе продолжи со одбројување во позадина.

## Одбројувач (тајмер)

**Нагодување на тајмерот:** Допрете Timer и потоа поминете преку него за да го нагодите бројот на часови и минути. Допрете Start одбројувачот за да почне да одбројува.

**Одбирање звук:** Допрете When Timer Ends.

**Нагодување на тајмерот за исклучување:** Нагодете го одбројувачот, потоа допрете When Timer Ends и одберете Sleep iPod.

Кога имате нагодено тајмер за исклучување, вашиот iPhone ги стопира музиката или видеото што е во тек откако ќе заврши  одбројувањето.

Доколку го активирате тајмерот и отидете на некоја друга апликација на вашиот iPhone, тој ќе продолжи со одбројување во позадина.

# Часовник



## Користење на калкулаторот

Користете ги броевите и функциите во калкулаторот исто како што тоа би го правеле на обичен калкулатор. Кога допирате на типките додади, извади, помножи или подели, околу нив се појавува бел прстен за да ви даде до знаење која операција ќе се извршува.

Свртете го вашиот iPhone на страна за да добиете проширен научен калкулатор.

## Стандардни мемориски функции

- C: Допрете за да го избришете прикажаниот број.
- MC: Допрете за да ја избришете меморијата.
- M+: Допрете за да го додадете прикажаниот број на бројот во меморијата. Доколку нема број во меморијата, допрете за да го зачувате прикажаниот број во меморијата.
- M-: Допрете за да го извадите прикажаниот број од бројот во меморијата.
- MR: Допрете за да го замените прикажаниот број со број од меморијата. Доколку типката има бел прстен околу, значи дека има број зачуван во меморијата.

Зачуваните броеви остануваат во меморијата кога се префрлате од стандарден кон научен калкулатор.

## Копчиња на научниот калкулатор

Свртете го вашиот iPhone хоризонтално за да се прикаже научниот калкулатор.




| | |
|---|---|
| **2nd:** | Ги менува тригонометриските функции (sin, cos, tan, sinh, cosh и tanh) на нивните инверзни функции (sin-1, cos-1, tan-1, sinh-1, cosh-1, и tanh-1). Тоа исто така ги менува и функциите ln во log2, како и ex во 2x. Допрете на функцијата 2nd повторно за да ги вратите копчињата на нивните основни функции. |
| ( | Отвора заграда. |
| ) | Затвора заграда. |

| | |
|---|---|
| % | Калкулира проценти, додава маржа или пресметува попусти. За да пресметате процент, користете го со функцијата множење (x). На пример, за да пресметате 8% од 500, внесете<br>500 x 8% = (што дава) 40.<br>За да ја зголемите сумата или за да ја намалите за одреден процент, користете ги типките (+) или (-). На пример, за да го пресметате вкупниот трошок за материјал од 500 $ со 8% данок, внесете<br>500 + 8% = (што дава) 540. |
| 1/x | Дава реципрочна вредност во децимална форма. |
| $x^2$ | Вредноста ја крева на квадрат. |
| $x^3$ | Вредноста ја крева на куб. |
| $y^x$ | Едната вредност ја зголемува на втората вредност. На пример, за да се пресмета $3^4$, внесете 3 yx 4 = (што дава) 81. |
| x! | Калкулира фактор од некоја вредност. |
| √ | Калкулира квадратен корен. |
| $^x\sqrt{y}$ | Калкулира корен на x од y. На пример, за да се пресмета 4√81, внесете 81 x√y 4 = (што дава) 3. |
| log | Калкулира логаритам со основа 10 од некој број. |
| sin | Калкулира синус од некој број. |
| sin-1 | Калкулира инверзна вредност на синус од некој број. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| cos | Калкулира косинус од некој број. |
| cos-1 | Калкулира инверзна вредност на косинус од некој број. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| tan | Калкулира тангенс од некој број. |
| tan-1 | Калкулира инверзна вредност на тангенс од некој број. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| ln | Калкулира природен логаритам на бројот. |
| log2 | Калкулира логаритам со основа 2. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| sinh | Калкулира хиперболичен синус на некој број. |
| sinh -1 | Калкулира инверзен хиперболичен синус на некој број. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| cosh | Калкулира хиперболичен косинус од некој број. |
| cosh-1 | Калкулира инверзен хиперболичен косинус од некој број. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| tanh | Калкулира хиперболичен тангенс од некој број. |
| tan-1 | Калкулира инверзен хиперболичен тангенс од некој број. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| ex | Се користи за да се крене константата „e" (2.718281828459045...) на одреден степен. |
| 2x | Се користи за да се крене 2 на одреден степен. (На располагање ако 2nd копчето е вклучено.) |
| Rad | Го менува начинот на изразување на тригонометриските функции во радијани. |

| | |
|---|---|
| **Deg** | Го менува начинот на изразување на тригонометриските функции во степени. |
| ϖ | Ја венува вредноста на константата ϖ (3.141592653589793...) |
| **EE** | Оператор кој ја помножува моментално прикажаната вредност за 10 кренатa на степен на следната вредност што ќе ја внесете. |
| **Rand** | Дава случаен број помеѓу 0 и 1. |

# Забелешки



## Пишување и читање забелешки

Забелешките се листаат според датумот кога се додадени, со најновата забелешка на врвот. Можете да ги видите првите неколку зборови од секоја забелешка во листата.

**Додавање забелешка:** Допрете + и потоа напишете ја вашата забелешка и допрете Done.

**Читање на забелешката:** Допрете ја забелешката. Допрете ја иконата ➡ или ⬅ за да ја видите претходната или следната забелешка.

**Менување на забелешките:** Допрете каде било на забелешката за да ја повикате тастатурата.

**Бришење на забелешките:** Допрете ја забелешката и потоа допрете ја иконата 🗑.

## Праќање забелешки по е-пошта

**Праќање на забелешка:** Допрете ја забелешката, потоа допрете ✉ .

За да пратите забелешка по е-пошта, вашиот iPhone мора да биде нагоден за да праќање е-пошта. Погледнете "Организирање е-пошта" на страница 51.

# Контакти



## Внесување и синхронизирање контакти

Можете да додавате контакти на вашиот iPhone на следниве начини:

- Во iTunes, синхронизирајте ги контактите со апликациите на вашиот компјутер (погледнете “Синхронизирање на iTunes” на страница 7);
- Нагодете го MobileMe или Microsoft Exchange акаунтот на вашиот iPhone, со овозможени календари (погледнете “Нагодување акаунти” на страница 12);
- Инсталирајте профил кој нагодува Exchange акаунт, со овозможени календари (погледнете “Инсталирање конфигурациски профили” на страница13);
- Внесете контакти директно во вашиот iPhone;
- Префрлете контакти од вашата SIM картичка.

**Префрлање контакти од SIM картичка:** Во Settings, допрете “Mail, Contacts,

Calendars,” и потоа допрете Import SIM Contacts.

Контакт информациите од SIM картичка се внесуваат во вашиот iPhone. Доколку имате овозможено календари и за MobileMe и за Microsoft Exchange, ќе бидете прашани кон кој акаунт сакате да ги додадете контактите од вашата SIM картичка.

## Пребарување контакти

Контактите во вашиот iPhone можете да ги пребарувате по име, презиме или по име на компанија. Доколку имате Microsoft Exchange акаунт нагоден на вашиот iPhone, ќе можете да ја пребарувате и листата на адреси на вашата компанија Global Address List (GAL) .

Кога внесувате податоци за пребарување, контактите што се совпаѓаат со информациите, автоматски се појавуваат како што пишувате.

**Пребарувајте контакти:** Во Contacts, допрете на полето за пребарување на врвот на секоја контакт листа и внесете име, презиме или име на компанија.

**Пребарувајте GAL:** Допрете Groups, допрете Directories на дното на листата, потоа внесете име, презиме или име на компанија.

GAL контактите не можете да ги менувате или да ги зачувувате на вашиот iPhone.

## Уредување на контактите во iPhone

**Додавање на контакт на iPhone:** Допрете Contacts и потоа допрете +.

| | |
|---|---|
| Бришење контакт: | Во Contacts, одберете го контактот и допрете Edit. Движете се надолу и допрете на Delete Contact. |
| Додавање контакт со тастатурата: | Допрете ја тастатурата, внесете број, потоа допрете на . Допрете Create New Contact и внесете ги податоците за контактот или допрете “Add to Existing Contact” и одберете контакт. |
| Менување на информациите за контакт: | Во Contacts, одберете контакт и потоа одберете Edit. За да додадете содржина, допрете , за да избришете содржина, допрете . |
| Внесете пауза во бројот: | Допрете ја иконата и потоа допрете Pause. Можно е телефонскиот систем да бара една или повеќе паузи пред, на пример, да повика некоја екстензија. Паузите се појавуваат како запирки кога бројот е зачуван. |
| Додавање број кој неодамна ве повикувал и е во вашата листа на контакти: | Допрете Recents и допрете . Потоа допрете Create New Contact, или допрете “Add to Existing Contact” и одберете контакт. |

**Доделување фотографија на контакт:**

1. Допрете на Contacts и одберете контакт.
2. Допрете Edit и допрете Add Photo, или допрете ја постојната фотографија.
3. Допрете Take Photo за да ја употребите камерата. Или допрете Choose Existing Photo и одберете фотографија.
4. Влечете и приспособувајте ја големината на фотографијата како што сакате.
5. Допрете Set Photo.

**Користење на инфо екранот на контактот:** Допрете Contacts и одберете контакт. Потоа изберете некоја информација.




Веднаш до телефонскиот број се појавува ѕвезда што означува дека телефонскиот број се наоѓа во листата на вашите омилени броеви.

**Погледнете го сопствениот број:** Допрете Contacts и движете се до врвот на листата (не е на располагање во сите региони).

# Нагодувања

# 8



Нагодувањата ви овозможуваат да ги приспособите апликациите на вашиот iPhone, да нагодите датум и време, да ја конфигурирате вашата мрежна конекција и да внесете други преференции на вашиот iPhone.

## Airplane Mode (авионски мод)

Airplane mode (авионскиот мод) ги онеспособува безжичните функции на вашиот iPhone за да се избегне интерференцијата со работењето на авионот и и останатите електронски опреми.

**Вклучување на Airplane Mode (авионскиот мод):** Допрете Settings и изберете on кај Airplane Mode.

Кога е вклучен Airplane Mode (авионскиот мод), во статусната линија на горниот дел од екранот се појавува следната икона. Од вашиот iPhone не се емитираат никакви телефонски, радио, Wi-Fi, или Bluetooth сигнали, а GPS приемот е исклучен, со што се оневозможуваат поголем дел од функциите на вашиот iPhone. Нема да можете да:

- Воспоставувате и добивате повици
- Добивате визуелна говорна пошта
- Праќате или примате е-пошта
- Пребарувате на интернет
- Ги синхронизирате вашите контакти, календари или обележувачи (само од MobileMe) со MobileMe или Microsoft Exchange
- Праќате и примате текстуални пораки
- Гледате YouTube видеа
- Добивате информации за акции
- Добивате локации на мапа
- Добивате временска прогноза
- Купувате музика или апликации.

Доколку е дозволено со законска регулатива и од страна на авионскиот оператор, можете да продолжите да го користите вашиот iPhone за:

- Слушање музика и гледање видеа
- Слушање на визуелната говорна пошта
- Проверување на вашиот календар
- Слушање аларми
- Користење стоперица или одбројувач
- Користење калкулатор
- Пишување забелешки
- Читање SMS пораки и е-пошта зачувани во вашиот iPhone.

Во некои региони каде што е дозволено од авио-операторот и законската регулатива, можете да вклучите Wi-Fi, со што ви е овозможено да:

- Примате и праќате е-пошта
- Пребарувате на интернет
- Ги синхронизирате вашите контакти, календари или обележувачи (само од MobileMe) со MobileMe или Microsoft Exchange
- Гледате YouTube видеа
- Добивате информации за акции
- Добивате локации на мапа
- Добивате временска прогноза
- Купувате музика или апликации.

## Wi-Fi

Wi-Fi нагодувањата одредуваат дали вашиот iPhone користи локални Wi-Fi мрежи за да се конектира на интернет. Доколку немате достапни Wi-Fi мрежи, или вие ја имате исклучено опцијата Wi-Fi, тогаш вашиот iPhone се конектира на интернет преку вашата мобилна податочна мрежа, кога таа е на располагање. Можете да користите Mail, Safari, YouTube, Stocks, Maps, Weather и AppStore преку мобилната податочна мрежа, но не и iTunes Music Strore.

**Вклучување и исклучување на Wi-Fi:** Изберете Wi-Fi и изберете On или Off за вклучување, односно исклучување.

**Приклучување на Wi-Fi мрежа:** Изберете Wi-Fi, почекајте додека вашиот iPhone ги пронајде мрежите што се достапни, и потоа одберете мрежа. Ако е потребно, внесете лозинка и допрете Join. (Мрежите за кои е потребна лозинка се појавуваат со следната икона веднаш до нив.)
По првото мануелно приклучување на Wi-Fi мрежата, вашиот iPhone автоматски се приклучува на истата мрежа секогаш кога таа е достапна. Ако сте користеле повеќе од една мрежа, вашиот iPhone автоматски се приклучува на последната користена мрежа.

Кога вашиот iPhone е приклучен на Wi-Fi мрежа, Wi-Fi иконата во статусната линија во горниот дел на екранот ја покажува јачината на сигналот. Колку повеќе линии има на иконата, толку е посилен сигналот.

**Нагодување на вашиот iPhone да ве прашува дали сакате да се приклучите на нова мрежа:** Допрете Wi-Fi и вклучете ја или исклучете ја опцијата “Ask to Join Networks”.

Кога пробувате да се поврзете на интернет, користејќи на пример Safari или Mail, а во исто време Wi-Fi мрежата што сте ја користеле претходно не е достапна, оваа опција му препорачува на вашиот iPhone да побара друга мрежа. Вашиот iPhone прикажува листа на достапни мрежи (мрежите за кои е потреба лозинка се појавуваат со икона со катанец). Доколку опцијата “Ask to Join Networks” е исклучена, морате рачно да се приклучите на мрежа за да се поврзете на интернет, во случај кога претходно користена мрежа и мобилната податочна мрежа не се достапни.

**Заборавање одредена мрежа, така што вашиот iPhone не се приклучува на мрежата автоматски:** Изберете Wi-Fi и допрете ја стрелката што се покажува веднаш до мрежата што сте ја користеле претходно. Потоа допрете “Forget This Network”.

**Приклучување на затворена Wi-Fi мрежа:** За да се приклучите на Wi-Fi мрежа која не е на листата на достапни мрежи, изберете Wi-Fi > Other и внесете го името на мрежата. Ако за мрежата е потребна лозинка, допрете Security, допрете го типот на безбедност што го користи мрежата, и внесете ја лозинката.

**За да се приклучите на затворена мрежа, мора претходно да ги имате следниве информации:** името на мрежата, лозинката и типот на безбедност на самата мрежа.

За некои Wi-Fi мрежи потребно е да се внесат или да се направат дополнителни нагодувања, како на пример ID на клиентот или фиксни IP адреси. Прашајте го вашиот мрежен администратор кои нагодувања да ги направите.

**Приспособување на нагодувањата за поврзување со Wi-Fi мрежа:** Изберете Wi-Fi, потоа допрете ја стрелката што се појавува веднаш до мрежата.

## VPN

Ова опција се појавува доколку имате конфигурирано VPN на вашиот iPhone, дозволувајќи ви да го вклучувате и исклучувате VPN-от. Видете “Мрежа” на страница 106.

## Оператор

Овие опции се појавуваат кога сте надвор од мрежата на вашиот оператор и кога други мрежи се достапни за користење повици, визуелна говорна пошта и интернет поврзување преку мобилна мрежа. Можете да воспоставувате повици само преку оператори кои имаат договор за roaming со вашиот оператор. За оваа услуга можно е да произлезат дополнителни трошоци. Roaming услугите може да бидат наплатени од операторот што сте го избрале, преку вашиот оператор.

За подетални информации околу покривање надвор од мрежата и како да вклучите roaming, контактирајте со вашиот оператор или одете на веб страницата на вашиот оператор www.t-mobile.com.mk.

**Бирање оператор за телефонски повици:** Изберете Carrier и изберете ја мрежата што сакате да ја користите.

Кога ќе изберете мрежа, вашиот iPhone ја користи само таа мрежа. Ако мрежата е недостапна на екранот на вашиот iPhone се појавува "No Service" и притоа не можете да примате и да воспоставувате повици и визуелна говорна пошта, или да се поврзете на интернет преку мобилната податочна мрежа. Нагодете во Network Settings на Automatic вашиот iPhone за да избере мрежа за вас.

## Прифаќање нови податоци

Овие опции ви дозволуваат да го вклучите или да го исклучите Push за MobileMe, Microsoft Exchange, Yahoo! Mail, и кој било друг "push account" што сте го конфигурирале на вашиот iPhone. Push account автоматски испорачува нови информации до вашиот iPhone, во моментот кога тие се појавуваат на серверот (понекогаш има и одложувања). Можете да ја исклучите функцијата Push за одложување на испораката на е-пошта и други информации, или за зачувување на животниот век на батеријата.

Кога функцијата Push е исклучена и со користење account-и што не поддржуваат Push, податоците сè уште можат да пристигнуваат, затоа што  вашиот iPhone може да провери дали има нови информации на серверот. Користете ја опцијата Fetch New Data за да нагодите колку често ќе се проверува дали има нови податоци.. .За оптимален животен век на батеријата, не „проверувајте" многу често.

**Вклучување Push:** Допрете Fetch New Data, а потоа допрете за да го вклучите Push.

**Нагодување на  интервалот на прифаќање на информациите:** Допрете Fetch New Data, а потоа изберете колку често сакате да прифаќате информации за сите account-и.

За зачувување на животниот век на батеријата, поретко користете ја оваа можност.

**Нагодување на опциите за Fetch и Push за индивидуални account-и:** Во Fetch New Data, допрете Advanced, а потоа допрете го account-от.

Исклучувањето на Push или промената на Fetch од автоматски во рачно нагодување, во Fetch New Data екранот ги менува личните нагодувања во профилот.

## Звуци и ѕвони/без звук прекинувачот

**Менувајте ги модовите ѕвони и без звук:** Префрлете го Ring/Silent (ѕвони/без звук) прекинувачот кој се наоѓа на страничниот дел на вашиот iPhone.

Кога е нагоден на без звук, вашиот iPhone не ѕвони и не испушта никакви звуци за аларми, или други  звучни ефекти. Алармите нагодени со Clock функционираат со звук.

**Нагодување на опцијата вибрации при дојдовен повик:** Изберете Sounds. За нагодувања на опцијата вибрации кога iPhone е во Silent mode, вклучете ја или исклучете ја можноста Vibrate под Silent 🔕. За нагодувања на опцијата вибрации кога iPhone е во Ring mode, вклучете ја или исклучете ја можноста Vibrate под Ring 🔔.

**Приспособување на јачинат на ѕвонењето и алертите:**

Одберете Sounds и повлечете по лизгачот. Или доколку во моментот не е пуштена песна или видео, и вие не разговарате, употребете ги копчињата што се наоѓаат странично на вашиот iPhone.

**Нагодување рингтон:** Одберете Sounds > Ringtone.

**Нагодување звучни алерти и звучни ефекти:** Одберете Sounds и вклучете ги или исклучете ги содржините под Ring 🔔.

Кога прекинувачот Ring/Silent е нагоден на Ring (Ѕвонење), вашиот iPhone ги репродуцира звуците за известувања и ефектите што се вклучени.

Можете да го нагодите вашиот iPhone да дава звуци кога вие:

- Добивате повик
- Добивате текстуална порака
- Добивате гласовна порака
- Добивате е-пошта
- Праќате е-пошта
- Имате закажано состанок и за него имате нагодено известување
- Го заклучувате вашиот iPhone
- Кога пишувате со помош на тастатурата.

## Светлост (brightness)

Светлоста на екранот влијае на животниот век на батеријата. Затемнете го екранот за да го продолжите времето пред да треба да го полните вашиот iPhone, или користете ја можноста Auto-Brightness.

**Приспособување на светлоста на екранот:** Одберете Brightness и повлечете го лизгачот.

Нагодување на автоматско приспособување на светлоста на екранот: Одберете Brightness и вклучете или исклучете Auto-Brightness. Доколку можноста Auto-Brightness е вклучена, вашиот iPhone ја приспособува светлоста на екранот на моменталните светлосни состојби со помош на вградениот амбиентален светлосен сензор.

## Wallpaper (Позадина)

Ја гледате позадинската фотографија на екранот на вашиот iPhone кога го отклучувате. Можете да одберете една од фотографиите што доаѓаат со вашиот iPhone, или да употребите фотографија што сте ја синхронизирале со iPhone од вашиот компјутер.

**Нагодување позадина:** Одберете Wallpaper и потоа одберете ја фотографијата.

## General (Општо)

Општите нагодувања вклучуваат дата и време, безбедност, мрежа и останати нагодувања кои влијаат на повеќе од една апликација. Овде исто така можете да добиете информации за вашиот iPhone, како и да го ресетирате во неговата оригинална состојба.

## Околу (About)

Одберете General > About за да ги добиете следните информации за вашиот iPhone:

- Името на вашата мобилна мрежа
- Бројот на песни, видеа и фотографии
- Вкупниот мемориски капацитет
- Слободното место
- Верзијата на софтверот
- Серискиот број и бројот на моделот
- Wi-Fi и Bluetooth адресите
- IMEI (International Mobile Equipment Identity) и ICCID (Integrated Circuit Card Identifier, или Smart Card) броевите
- Modem firmware верзијата на мобилниот предавател
- Правните информации.

## Usage (Користење)

**Погледнете ги статистичките податоци за вашето користење на iPhone:** Одберете Usage. Таму можете да прегледате:

- Користење — Колку време вашиот iPhone е активен и користен од последното целосно полнење. Вашиот iPhone е активен секогаш кога го користите — вклучувајќи притоа воспоставување и примање повици, користење е-пошта, добивање и праќање текстуални пораки, слушање музика, пребарување на интернет или користење на кои било други функции на вашиот iPhone. Вашиот iPhone е исто така активен и додека воспоставува позадински задачи, како што се, на пример, автоматско проверување и преземање е-пошта.

- Standby — Колку време вашиот iPhone бил вклучен од неговото последно полнење, вклучувајќи го и времето кога тој бил неактивен.
- Траење на последниот разговор, како и вкупна должина на сите разговори.

Ресетирајте ги статистичките податоци за вашето користење: Допрете Usage и потоа допрете Reset Statistics за да ги избришете податоците и кумулативните временски статистики. Податоците за времето за кое вашиот iPhone е отклучен и на standby mode не се ресетираат.

## Network (Мрежа)

Користете ги мрежните нагодувања за да го конфигурирате VPN (virtual private network) поврзувањето, за да пристапите до Wi-Fi нагодувањата, или да го вклучите или исклучите вашиот Data Roaming.

**Овозможување или оневозможување на 3G:** Допрете за да ја вклучите или исклучите 3G можноста.

Користењето на 3G ги вчитува интернет податоците многу побрзо во одредени случаи, но може да ја намали работата на батеријата. Доколку многу телефонирате, веројатно би требале да го исклучите 3G за да го продолжите траењето на батеријата.

**Вклучување или исклучување на Data Roaming:** Одберете General > Network и вклучете или исклучете Data Roaming.

Data Roaming го вклучува интернет пристапот, како и пристапот до визуелната говорна пошта преку мобилна податочна мрежа кога сте во област која е надвор од мрежното покривање на вашиот оператор. На пример, кога патувате, можете да го исклучите вашиот Data Roaming за да избегнете потенцијални роаминг трошоци. Инаку, Data Roaming стандардно (by default) е исклучен.

**Додавање нова VPN конфигурација:** Одбери General > Network > VPN > Add VPN Configuration.

Користењето на VPN во рамките на организациите ви дозволува да комуницирате приватни информации безбедно преку не-приватна мрежа. Потребно е да конфигурирате VPN, на пример, за да пристапите на вашата  службена е-адреса,преку вашиот iPhone.

Вашиот iPhone може да се поврзе на VPN-и што користат L2TP, PPTP, или Cisco IPSec протоколи. VPN функционира подеднакво и преку Wi-Fi и преку мобилни податочна мрежни конекции.

Консултирајте се со вашиот мрежен администратор кои нагодувања да ги употребите. Во повеќето случаи, доколку имате нагодено VPN на вашиот компјутер, можете да ги користите истите нагодувања и за вашиот iPhone. Откако еднаш ќе ги внесете VPN нагодувањата, во горниот дел од екранот, во менито Settings, се појавува VPN прекинувач од каде можете да го вклучувате или исклучувате VPN.

**Промена на VPN конфигурација:** Одберете General > Network > VPN и допрете на конфигурацијата што сакате да ја ажурирате.

**Вклучување и исклучување на VPN:** Допрете Settings и вклучете или исклучете VPN.

**Бришење на VPN конфигурација:** Одберете General > Network > VPN, и допрете на сината стрелка лево од името на конфигурацијата и потоа допрете Delete VPN, најдолу на конфигурацискиот екран.

**Користење Wi-Fi:** Погледнете "Wi-Fi" на страница 102.

## Bluetooth

Вашиот iPhone може безжично да се поврзе со Bluetooth слушалки или hands-free уреди за во автомобил. Погледнете во "Bluetooth Devices" на страница 42.

**Вклучување и исклучување Bluetooth:** Одберете General > Network > Bluetooth и вклучете го или исклучете го вашиот Bluetooth.

## Локациски услуги

Локациските услуги им овозможуваат на апликациите како што се Мапи и Камера, да собираат и да користат податоци кои ја прикажуваат вашата локација. Локациските услуги не ги споредуваат/корелираат информациите што ги собираат со вашите лични, препознатливи информации. Вашата приближна локација е одредена користејќи  достапни информации од мобилна мрежа, локалната Wi-Fi мрежа (доколку сте вклучиле Wi-Fi), и GPS (ако имате  iPhone 3G; GPS не е достапен на сите локации).

Можете да ги исклучите локациските услуги, доколку не сакате да ја користите оваа функција. Доколку ја исклучите услугата, ќе биде побарано од вас да ја вклучите следниот пат кога апликацијата ќе се обиде да ја користи оваа функција.

**Вклучување и исклучување на локациските услуги:** Одберете General > Location Services и вклучете ги или исклучете ги локациските услуги.

За да го зачувате животниот век на батеријата, исклучувајте ги локациските услуги кога не ги употребувате.

## Auto-Lock (Автоматско заклучување)

Заклучувањето на вашиот iPhone го исклучува екранот за да ја зачува батеријата, како и за да ги спречи ненамерните активности на вашиот iPhone. Вие сè уште можете да примате повици и да добивате текстуални пораки и можете да ја приспособите јачината и да го користите копчето „mic" на стерео слушалките на вашиот iPhone кога слушате музика или за време на повик.

Нагодување на времето до заклучување на вашиот iPhone: Одберете General > Auto-Lock и одберете го времето што го сакате.

## Отклучување со лозинка

Стандардно, вашиот iPhone не ви бара да внесете лозинка за да го отклучите.

**Нагодување лозинка:** Одберете General > Passcode Lock и потоа внесете 4-цифрена лозинка и повторно внесете ја истата за да ја потврдите. Со ова, вашиот iPhone ќе бара од вас да ја внесувате лозинката при отклучување.

**Исклучување на лозинката:** Одберете General > Passcode Lock и допрете Turn Passcode Off, потоа внесете ја вашата лозинка.

**Промена на лозинката:** Одберете General > Passcode Lock и допрете Change Passcode, потоа, внесете ја вашата моментална лозинка (онаа што сакате да ја промените) и потоа внесете ја новата лозинка (што сакате да ја користите во иднина). Доколку сте ја заборавиле лозинката, ќе морате да го вратите iPhone софтверот во првобитната состојба. Погледнете "Updating and Restoring iPhone Software" на страница 142.

**Нагодување на времето пред барање на лозинка:** Одберете General > Passcode Lock > Require Passcode, потоа одберете колку долго сакате вашиот iPhone да биде неактивен (idle) пред да побара да внесете лозинка и да го отклучите.

Прикажување преглед на SMS пораки кога вашиот iPhone е заклучен: Одберете General > Passcode Lock и допрете за да го вклучите прегледувањето на SMS пораките.

**Бришење податоци по десет неуспешни внесови на лозинка:**

Одберете General > Passcode Lock и допрете на Erase Data, за да го вклучите.

По десет неуспешни внесови на лозинка, нагодувањата на вашиот iPhone се ресетираат на стандардните (defaults) и сите ваши информации и медиуми од iPhone-от се отстранети со overwriting на податоците зачувани во iPhone.

*Важно:* Не можете да го користите вашиот iPhone додека се презапишуваат податоците. Овој процес одзема час до два, во зависност од меморискиот капацитет на вашиот iPhone.

## Ограничувања

Можете да нагодувате ограничувања за користење на содржините во вашиот iPod од одредени апликации од вашиот iPhone. На пример, родителите можат да забранат прегледување на експлицитна музика во плејлистите, или комплетно да го исклучат пристапот на YouTube.

Експлицитната музика или видео содржини купени од iTunes Store ќе бидат скриени. Експлицитните содржини се обележани како такви од страна на самите понудувачи на содржини (издавачките куќи) кога тие се продаваат преки iTunes Store.

Safari е оневозможен и неговата икона е отстранета од Home screen. Со ова не можете да пребарувате на интернет и да пристапите до web клипови.

YouTube е оневозможен и неговата икона е отстранета од Home screen.

iTunes Wi-Fi Music Store е оневозможена и нејзината икона е отстранета од Home screen. Не можете да прегледувате, да купувате, ниту да преземате содржини.

App Store е оневозможена и нејзината икона е отстранета од Home screen. Не можете да инсталирате апликации додека вашиот iPhone се синхронизира со iTunes.

Камерата е оневозможена и нејзината икона е отстранета од Home screen. Не можете да фотографирате.

Нагодување ограничувања:

1. Одберете General> Restrictions, потоа допрете Enable Restrictions.
2. Внесете 4-цифрена лозинка.
3. Повторно внесете ја лозинката.
4. Нагодете ги ограничувањата што ги сакате со допирање на засебните контроли за нивно вклучување и исклучување. Во стандардните нагодувања на телефонот, контролите се вклучени (нема ограничувања). Допрете на содржината за да ја исклучите и да поставите ограничување на неа.

**Исклучување на ограничувањата:** Одберете General > Restrictions, и потоа внесете ја лозинката. Допрете на Disable Restrictions, и потоа повторно внесете ја лозинката. Доколку сте ја заборавиле, морате да го вратите вашиот iPhone во првобитната софтверска состојба, преку апликацијата iTunes. Погледнете "Updating and Restoring iPhone Software" на страница 142.

## Копчето Home

Одберете General > Home Button, за да ги нагодите преференциите  при двојно кликнување на копчето Home. Можете да го нагодите вашиот iPhone така што со двојно кликнувања на копчето Home ќе ве однесе на Home screen, на Favorites (Омилени), или на вашиот iPod.

**Нагодување дали со две кликнувања на копчето Home ќе се покажат контролите на iPod:** Вклучете Show iPod Controls, за да ги прикажете контролите на iPod кога слушате музика и кликнете два пати на копчето Home. Оваа можност функционира дури и кога екранот е исклучен или кога вашиот iPhone е заклучен.

## Датум и време

Овие нагодувања се однесуваат на времето прикажано во статусната лента на врвот на екранот, како и на светските часовници и календарите.

Нагодување за  прикажување 24 или 12-часовно време: Изберете General > Date & Time и вклучете или исклучете 24-Hour Time.

**Нагодување за автоматско ажурирање на датумот и времето:** Одберете General > Date & Time и вклучете или исклучете Set Automatically.

Доколку iPhone е нагоден да го ажурира времето автоматски, точното време го добива преку мобилната дата мрежа и го ажурира за временската зона во која се наоѓате. Некои оператори не поддржуваат мрежно време на сите локации. Доколку патувате, вашиот iPhone може да не биде автоматски ажуриран на локалното време.

**Рачно нагодување датум и време:** Одберете General > Date & Time и исклучете Set Automatically. Допрете на Time Zone и внесете име на поголем град од вашата временска зона. Допрете на "Date & Time" копчето и потоа допрете на "Set Date & Time" за да ги внесете датумот и времето.

## Тастатура

Вклучување или исклучување на  Auto-Capitalization: Одберете General > Keyboard и вклучете или исклучете Auto-Capitalization.

Во стандардните нагодувања вашиот iPhone автоматски пишува голема буква на почеток на секоја нова реченица.

**Нагодување за овозможување големи букви:** Одберете General > Keyboard и вклучете или исклучете Enable Caps Lock.

Доколку функцијата „caps lock" е овозможена и вие кликнете два пати на копчето Shift ⇧ на тастатурата, сите букви што ќе ги испишувате ќе бидат големи. Копчето Shift посинува кога функцијата „caps" е вклучена.

**Вклучување и исклучување на кратенската "." :** Одберете General > Keyboard и вклучете ја или исклучете ја кратенката "." .

Кратенката  "."  ви овозможува со двојно кликање на копчето „space" да ставите точка и празен простор потоа кога пишувате. Функцијата стандардно е вклучена.

**Вклучување и исклучување на интернационална тастатура:** Одберете General > Keyboards > International Keyboards и потоа вклучете ја тастатурата што ја сакате.

Доколку е вклучена повеќе од една тастатура, допрете за да ги промените тастатурите додека пишувате. Кога допирате симбол, на кратко се појавува името на последно активираната тастатура. Погледнете на “International Keyboards” на страница 27.

## International (Интернационални нагодувања)

Користете ги интернационалните нагодувања за да го нагодите јазикот на вашиот iPhone, за да ги вклучите или исклучите тастатурите за различни јазици, за да ги нагодите времето, датумот и форматот на телефонските броеви во вашиот регион.

**Нагодување на јазикот на вашиот iPhone:** Одберете General > International > Language, потоа одберете го јазикот што сакате да го користите и потоа допрете Done.

**Вклучување и исклучување на интернационални тастатури:** Одберете General > International > Keyboards, и потоа вклучете ја тастатурата што сакате да ја користите.

Доколку е вклучена повеќе од една тастатура, допрете за да ги промените тастатурите додека пишувате. Кога допирате симбол, на кратко се појавува името на последната активирана тастатура . Погледнете на “International Keyboards” на страница 27.

**Нагодување датум, време и формат на телефонски број:** Choose General > International > Region Format, и одберете го вашиот регион.

## Ресетирање на iPhone (враќање на првобитните нагодувања)

**Враќање на сите нагодувања:** Одберете General > Reset и допрете Reset All Settings.

Ова ги ресетира (враќа во првобитна состојба) сите ваши нагодувања и преференции. Информациите како што се контактите, календарите и содржините, како што се песните и видеата, не се бришат.

**Бришење на сите содржини и нагодувања:** Поврзете го вашиот iPhone со вашиот компјутер или со кабелот за струја. Одберете General > Reset и допрете “Erase All Content and Settings.”

Оваа можност ги враќа сите ваши нагодувања на стандардните, отстранувајќи ги сите ваши информации и содржини од iPhone-от по пат на overwriting  на податоците зачувани во него.

*Важно:* Не можете да го користите вашиот iPhone додека податоците се бришат. Овој процес одзема час до два, во зависност од меморискиот капацитет на вашиот iPhone.

**Ресетирање на речникот на тастатурата:** Одберете General > Reset and tap Reset Keyboard Dictionary.

Додавате зборови кон речникот на тастатурата со одбивање на зборовите што вашиот iPhone ви ги препорачува додека пишувате. Допрете на зборот за да ја одбиете промената и за да го додадете зборот во речникот на тастатурата. Со ресетирање на речникот на тастатурата, вие ги бришете сите додадени зборови.

**Ресетирање на мрежните нагодувања:** Одберете General > Reset и допрете Reset Network Settings.

Кога ресетирате мрежни нагодувања, вашата листа од претходно користени мрежи, како и вашите VPN нагодувања се отстрануваат. Wi-Fi се исклучува и потоа повторно вклучува, дисконектирајќи ве притоа од која мрежа и да ја користите. Нагодувањата за Wi-Fi како и "Ask to Join Networks" остануваат вклучени.

**Ресетирање на изгледот на Home screen:** Одберете General > Reset и допрете Reset Home Screen Layout.

**Ресетирање на локациските предупредувања:** Одберете General > Reset и допрете Reset Location Warnings.

Локациските предупредувања се барања пратени од страна на одредени апликации (како на пример, Камера и Мапи) за користење на локациски услуги на самите апликации. Вашиот iPhone престанува со прикажување на предупредувањата, откако два пати ќе допрете OK. Допрете на Reset Location Warnings за да ги продолжите предупредувањата.

## Пошта, контакти, календари

Користете ги нагодувањата за пошта, контакти и календари, за да ги поставите или за да ги приспособите профилите на вашиот iPhone:

- Microsoft Exchange
- MobileMe
- Google email
- Yahoo! Mail
- AOL
- Останати POP и IMAP поштенски системи.

### Accounts профили

Преку Accounts можете да ги нагодувате account-тите на вашиот iPhone. Посебните нагодувања што се појавуваат, зависат од типот на account-от што го нагодувате. Вашиот провајдер или системски администратор треба да ви ги обезбеди потребните информации.

За повеќе информации околу додавањето на account-и, погледнете во "Setting Up Accounts" на страница 12.

**Промена на нагодувањата во профилот:** Одберете "Mail, Contacts, Calendars," одберете профил и потоа направете ги нагодувањата и промените што ги сакате.

Промените што ги правите во профилот, не се синхронизирани со вашиот компјутер, па така можете да ги нагодите вашите профили да работат со вашиот iPhone без да влијаат на нагодувањата на профилите на вашиот компјутер.

**Прекинување со користењето account:** Одберете "Mail, Contacts, Calendars," одберете профил и потоа исклучете ја опцијата Account.

Доколку account-от е исклучен, вашиот iPhone не го прикажува, не праќа, ниту добива е-пошта; не ги синхронизира ниту останатите информации со тој account сè додека не го вклучите повторно.

**Приспособување на напредните нагодувања:** Изберете "Mail, Contacts, Calendars," одберете account и потоа можете да направите нешто од следново:

- За нагодување дали вашите недовршени пораки, пратени или избришани пораки се зачувани на вашот iPhone или далечински на вашиот email server (само IMAP accounts), допрете Advanced и одберете Drafts Mailbox, Sent Mailbox, или Deleted Mailbox. Доколку чувате пораки на вашиот iPhone, можете да ги прегледувате дури и кога вашиот iPhone не е поврзан на интернет.
- За да нагодите време пред вашите пораки да бидат перманентно избришани од Mail на iPhone, допрете Advanced, потоа допрете Remove, и одберете го саканото време: Никогаш, или по еден ден, седмица или месец.
- За да го нагодите вашиот e-mail сервер, допрете Host Name, User Name, или Password под Incoming Mail Server или Outgoing Mail Server. Прашајте го вашиот мрежен администратор или интернет оператор за точните нагодувања.
- За да приспособите SSL и нагодување лозинка, допрете Advanced. Прашајте го вашиот мрежен администратор или интернет оператор за точните нагодувања.

**Бришење account од вашиот iPhone:** Изберете "Mail, Contacts, Calendars," одберете Account и потоа движете се надолу и допрете Delete Account.

Бришењето account значи дека повеќе нема да можете да пристапите на него од вашиот iPhone.

Сите е-пошти, контакти, календари и обележувачи, како и информациите околу нив, синхронизирани со отстранетиот account, исто така се отстрануваат од вашиот iPhone. Во секој случај, бришењето account, не ги отстранува account-от и информациите за него од вашиот компјутер.

## Пошта

Нагодувањата на поштата, освен доколку не е поинаку назначено, се однесуваат на сите account-и што ги имате нагодено на вашиот iPhone.

За да ги вклучите звучните известувања за нова или пратена е-порака, обидете се во Sounds settings.

**Нагодување на бројот на пораки прикажан на вашиот iPhone:** Изберете "Mail, Contacts, Calendars" > Show, и потоа одберете нагодување. Изберете ги последните 25, 50, 75, 100, или 200 пораки. За да преземете дополнителни пораки додека сте во вашето сандаче, движете се до дното на сандачето и допрете на "Download … more."

***Забелешка:*** За Microsoft Exchange account-тите, одберете "Mail, Contacts, Calendars" и одберете Exchange account. Допрете "Mail days to sync" и одберете го бројот на денови чија пошта сакате да ја синхронизирате со серверот.

**Нагодување колку линии од пораката се појавуваат во preview на листата:** Одберете "Mail, Contacts, Calendars" > Preview, и потоа одберете нагодување.

Можете да одберете да прегледувате и до пет линии од секоја порака. На тој начин можете да ја прегледате листата на пораки и да ви биде јасно за што станува збор во пораката.

**Нагодување на минимален фонт во порака:** Одберете "Mail, Contacts, Calendars" > Minimum Font Size, и потоа одберете Small, Medium, Large, Extra Large, или Giant.

**Нагодување  да се покажува „To" и „Cc" ознаките во листата на пораки:** Одберете "Mail, Contacts, Calendars," и потоа вклучете или исклучете Show To/Cc Label. Доколку прикажувањето на „To/Cc" ознаките е вклучено, икони To и Cc се појавуваат до секоја порака во листата што покажуваат дали пораката била пратена директно до вас или сте ја добиле како копија.

**Нагодувања за барање потврда пред да избришете порака:** Одберете "Mail, Contacts, Calendars" и вклучете или исклучете Ask Before Deleting.

Доколку опцијата „Ask Before Deleting" е вклучена, за да избришете порака, морате да допрете на следната икона 🗑 и потоа да потврдите со допирање на Delete.

Нагодување за праќање копија од секоја пратена порака: Одберете Mail, потоа вклучете или исклучете Always Bcc Myself.

**Нагодување default e-mail account:** Одберете "Mail, Contacts, Calendars" > Default Account, и потоа одберете го account-от.

Ова нагодување одредува од кој account ќе ги праќате вашите пораки, кога тоа го правите од друга апликација на вашиот iPhone (на пример, при праќање фотографија или при бирање е-адреса на компанија во Maps) За праќање порака од друг account, допрете на полето „From" во пораката и одберете друг account.

Додавање потпис на пораките: Одберете Mail > Signature, и внесете го потписот.

Можете да го нагодите вашиот iPhone да додава потпис - вашата омилена мисла, цитат, или вашето име, позиција или телефонски број, на пример - на крајот од секоја порака што ја праќате.

## Контакти

**Нагодување на редоследот  на контактите:** Одберете "Mail Contacts, Calendars," и потоа под Contacts допрете Sort Order и одберете:

- Да ги прикажува по име, допрете „First, Last".
- Да ги прикажува по презиме, допрете „Last, First".

**Нагодување на прикажувањето на контактите:** Одберете "Mail Contacts, Calendars," и под Contacts допрете Display Order и одберете:

- За да се покажуваат по име, допрете „First, Last“.
- За да се покажуваат по презиме, допрете „Last, First“.

**Преземање контакти од SIM:** Одберете “Mail, Contacts, Calendars,” и потоа допрете Import SIM Contacts.

Информациите за контактите се пренесени од SIM картичката на вашиот iPhone. Доколку иамте и MobileMe и Microsoft Exchange контакти синхронизирани со вашиот iPhone, ќе треба да изберете на кој account сакате да ги додадете контактите од SIM картичката.

## Календар

**Нагодување звучен сигнал  при добивање покана за состанок:** Одберете “Mail, Contacts, Calendars,” и под Calendar допрете “New Invitation Alerts” за да го вклучите или исклучите.

**Нагодување колку минати настани ќе се прикажуваат во календарот:** Допрете “Mail, Contacts, Calendars” > Sync, и потоа одберете го временскиот период.

**Вклучување или исклучување поддршка на временската зона во календарот:** Одберете “Mail, Contacts, Calendars” > Time Zone Support, и потоа вклучете Time Zone Support. Одберете ја временската зона за календарите со допирање на Time Zone и внес на име на поголем град од зоната.

Кога поддршката за временска зона е вклучена, календарот ги прикажува настаните во времето од зоната на градот што сте го нагодиле. Кога Time Zone Support е исклучена, Календарот ги прикажува настаните во зоната во која моментално се наоѓате, одредена од времето на мрежата.

***Важно:*** Некои оператори не поддржуваат мрежно време на сите локации. Доколку патувате, вашиот iPhone може и да не ги прикажува настаните или звучните известувања во точното локално време. Рачно за да го нагодите локалното време, погледнете “Date and Time” на страница 110.

# Телефон

Искористете ги нагодувањата на телефонот за да проследувате дојдовни повици, да го вклучите или исклучите чекањето повик, да ја промените лозинката и слично.

## Повикување од странство

**Нагодете го вашиот iPhone да го додава точниот префикс кога повикувате од странство:** Во Settings, допрете Phone, и потоа вклучете International Assist. Ова ви овозможува да воспоставувате повици во вашата земја со користење на броевите од вашите контакти или favorites, без притоа да треба да додавате префикс или повикувачки код (не е достапно во сите земји).

За повеќе информации, погледнете во “Using iPhone Abroad” на страница 45.

## Пренасочување повик

Можете да го нагодите вашиот iPhone да ги пренасочува дојдовните повици кон друг број. На пример, можеби сте на одмор и сакате сите ваши повици да бидат пренасочени на друго место. Доколку сте во област без мобилно покривање, можеби ќе сакате да ги упатите повиците до место каде што ќе бидете достапни.

**Како да го нагодите вашиот  iPhone да ги пренасочува  повиците:**

1 Одберете Phone > Call Forwarding и вклучете Call Forwarding.

2 Допрете Forwarding To и внесете го телефонскиот број до кој сакате да се пренасочат повиците.

Морате да бидете во област со мрежно покривање при нагодувањето, бидејќи во спротивно, повиците нема да бидат препратени.

## Call waiting

**Активирање и деактивирање на чекање повик:** Одберете Phone > Call Waiting, и вклучете или исклучете Call Waiting. Доколку call waiting (задржување повик) ви е исклучено, тогаш кога некој ќе ве побара, а вие зборувате на првата линија, повикот автоматски се упатува на говорна пошта.

## Прикажување My Caller ID

**Прикажување и криење на вашиот caller ID:** Одберете Phone > Show My Caller ID, и потоа вклучете го или исклучете го Show My Caller ID.

Доколку опцијата е исклучена, луѓето нема да можат да го гледаат вашето име или вашиот телефонски број додека ги барате.

## Користење на вашиот iPhone со Teletype (TTY) Machine

Во некои области, Teletype (TTY) машините се користат од глуви лица или лица со оштетен слух, за да комуницираат преку пишување и читање текст. Доколку имате iPhone TTY Adapter кабел, достапен на www.apple.com/store, можете да го користите вашиот iPhone со TTY машина.

**Поврзување на вашиот iPhone со TTY машина:** Одберете Phone, и вклучете TTY on. Потоа поврзете го вашиот iPhone со вашата TTY машина со користење на TTY адаптерот.

Информации за користење на TTY машината, побарајте во документацијата која доаѓа со машината.

За повеќе информации околу други функции на вашиот iPhone, одете на www.apple.com/accessibility .

## Менување на лозинката на говорната пошта

Лозинката на говорната пошта ви помага да ги спречите другите да пристапат на вашата говорна пошта. Сè што треба е да внесете лозинка кога се јавувате за да ги преслушате говорните пораки од друг телефон. Доколку се јавувате од вашиот iPhone, нема да ви биде потребно внесување лозинка.

**Промена на лозинката на говорната пошта:** Одберете Phone > Change Voicemail Password.

## Заклучување на вашата SIM картичка

Можете да ја заклучите вашата SIM картичка, за да не може да се користи без PIN број. За таа цел, морате да го внесете бројот секој пат кога го вклучувате и исклучувате вашиот iPhone. Некои оператори задолжително бараат SIM PIN при користење iPhone.

*Важно:* Доколку три пати внесете погрешен PIN број, картичката ќе ви се блокира и ќе треба да го контактирате вашиот оператор за да го добиете PUK бројот за да ја активирате картичката. Некои мобилни мрежи не прифаќаат итни повици доколку SIM картичка е заклучена.

**Вклучување и исклучување PIN:**

1. Одберете Phone > SIM PIN, и вклучете или исклучете SIM PIN.
2. Внесете го PIN бројот за да потврдите. Користете PIN доделен од вашиот оператор.

**Промена на PIN број на SIM картичката:**

1. Одберете Phone > SIM PIN.
2. Вклучете PIN, и допрете на Change PIN.
3. Внесете ја вашата моментална лозинка и потоа внесете ја вашата нова лозинка.
4. Внесете ја повторно новата лозинка за да потврдите и допрете на Done.

Пристап до услугите на вашиот оператор

Во зависност од вашиот оператор, можеби ќе имате пристап до некои од услугите на операторот директно од вашиот iPhone. На пример, проверка на сметката, преостанато време за разговор и сл.

**Пристап до услугите на операторот:** Одберете Phone. Потоа движете се надолу и допрете го копчето за услугите на операторот. Кога ќе побарате информација, како на пример, проверка на сметка, вашиот оператор ќе ве извести по SMS. За овие услуги и нивните наплатувања, контактирајте го вашиот оператор.

# Safari

Нагодувањата во Safari, ви овозможуваат да го одберете вашиот интернет пребарувач, опциите за безбедност и за developers , вклучување „debugging".

## Општо

Можете да ги користите Google или Yahoo! за да пребарувате на интернет.

**Одбирање интернет пребарувач:** Одберете Safari > Search Engine и одберете го пребарувачот што сакате да го користите.

## Безбедност

Стандардно, Safari е нагоден да ги покажува можностите и содржините на веб, како што се филмови, анимации и некои веб апликации. Можете да исклучите некои од овие содржини, за да го заштитите вашиот iPhone од можните безбедносни ризици на интернет.

**Промена на безбедносни нагодувања:** Одберете Safari, и потоа направете  нешто од следново:

- *За да овозможите или оневозможите JavaScript,* вклучете или исклучете JavaScript.

  JavaScript им овозможува на веб програмерите да ги контролираат елементите на веб страниците – на пример, страница што користи JavaScript може да прикаже моментално време и датум или да предизвика линкуваните страници да се појават во нов „pop-up" прозорец.

- *За да овозможите или оневозможите  plug-ins,* вклучете или исклучете Plug-ins. Тие му овозможуваат на Safari да репродуцира некои аудио или видео фајловите или да прикажува Microsoft Word и Microsoft Excel документи.
- За да дозволите или да блокирате pop-up-и, вклучете или исклучете Block Pop-ups. Блокирањето на pop-ups ги запира само оние што се појавуваат кога затворате или отворате страница при внес на адреса. Опцијата не ги блокира оние pop-ups што се отвораат кога допирате на линк.
- *За да нагодите дали Safari ќе прифаќа cookies,* допрете Accept Cookies и одберете Never, "From visited," или Always.

  „Cookie" претставува дел од информација што веб страницата ја сместува на вашиот iPhone со цел веб страницата да ве запомни кога повторно ќе ја посетите. На тој начин, веб страниците може да се  модификуваат за вас, на основа на информации кои сте ги обезбедиле.

  Некои страници може да не работат правилно доколку не дозволите да се прифаќаат „cookies".

- *За да ја избришете историјата на посетените страници,* допрете Clear History.
- *За да ги избришете сите cookies од Safari,* допрете Clear Cookies.
- *За да ги избришете страниците од пребарувачот,* допрете Clear Cache.

Меморијата на пребарувачот (browser cache) ја зачувува содржината на страниците со цел тие да се отвораат побрзо, следниот пат кога ќе ги посетите. Доколку страницата која сте ја отвориле, не прикажува нови содржини, бришењето на меморијата, може да ви помогне.

### Developer

„Debug Console" може да ви помогне да решавате грешки на веб страниците. Доколку е вклучена, конзолата автоматски се појавува кога веб страницата ќе појави грешки.

**Вклучување и исклучување на Debug конзолата:** Одберете Safari > Developer, и вклучете или исклучете Debug Console.

## iPod

Користете ги нагодувањата за iPod за да ги приспособите нагодувањата  за музичкиот и видео плејбекот на вашиот iPod.

### Музика

Музичките нагодувања се однесуваат на песни, подкасти и аудио книги.

**Нагодување iTunes да репродуцира песни на исто ниво на звук:** Во iTunes, одберете iTunes > Preferences, доколку користите Mac, или Edit > Preferences, доколку користите PC, и потоа кликнете на Playback и одберете Sound Check.

**Нагодување на вашиот iPhone да ги користи нагодувањата на јачината на звукот на iTunes (Sound Check):** Одберете iPod и вклучете Sound Check.

Можете да ги нагодувате аудио книгите да течат побргу од вообичаеното за да преслушувате побрзо или пак, побавно, за да разберете појасно.

**Нагодување на брзината на преслушување на аудио книгите:** Одберете iPod > Audiobook Speed, и одберете Slower, Normal, или Faster.

**Користете го еквилајзерот (equalizer) за менување на звукот на вашиот iPhone за да одговара на одреден звук или стил:** Одберете iPod > EQ и одберете нагодување.

**Како да нагодите лимит за јачината на музиката или видеата:** Одберете iPod > Volume Limit и повлечете го лизгачот за да ја нагодите максималната јачина.

Допрете на Lock Volume Limit за да доделите код со кој ќе го заштитите менувањето на нагодувањето.

Нагодувањето на лимитот за јачината  ја ограничува само јачината на музиката (вклучувајчи подкасти и аудио книги) и видеа (вклучувајќи изнајмени филмови), и единствено тогаш кога слушалките или звучниците се поврзани со вашиот iPhone.

> *ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:* За важни информации околу избегнување на губењето на слухот, прочитајте во Водичот за важни информации за производот на www.apple.com/support/manuals/iphone .

### Видео

Видео нагодувањата се однесуваат на видео содржините, вклучувајќи ги и изнајмените филмови. Можете да нагодите каде да продолжите со гледање на видеата што претходно сте ги започнале, да ги вклучите или да ги исклучите насловите или пак, да го нагодите вашиот iPhone да прикажува видеа на вашиот ТВ.

**Како да нагодите од каде да продолжи видеото:** Одберете iPod > Start Playing, потоа одберете дали сакате да продолжите со гледање на видеото од почеток или од таму каде што претходно сте застанале.

**Вклучување и исклучување на насловите (closed captioning):** Одберете iPod и вклучете или исклучете Closed Captioning.

### ТВ излез

Користете ги овие нагодувања за да го нагодите вашиот iPhone да прикажува видеа на вашиот телевизор. За повеќе информации околу користењето на iPhone за гледање видео содржини на ТВ, погледнете во "Watching Videos on a TV" на страница 67.

**Вклучување и исклучување на широкиот екран (widescreen):** Одберете iPod и вклучете или исклучете Widescreen.

**Нагодување на ТВ сигналот на NTSC или PAL:** Одберете iPod > TV Signal и потоа одберете NTSC или PAL.

NTSC и PAL се телевизиски преносни сигнали. NTSC прикажува 480i а PAL прикажува 576i. Вашиот телевизот може да користи еден од овие стандарди, во зависност од тоа каде сте го купиле. Доколку не сте сигурни кој сигнал го користите, проверете во документацијата што доаѓа со вашиот ТВ приемник.

## Фотографии

Користете ги овие нагодувања за да одредите како ќе се прикажуваат вашите фотографии во slideshow.

**Нагодување на временската должина на појавувањето на слајдот:** Одберете Photos > Play Each Slide For и одберете временска должина.

**Нагодете ефект за премин:** Одберете Photos > Transition и одберете ефект.

**Нагодете дали ќе се повторува slideshow:** Одберете Photos и вклучете или исклучете Repeat.

**Нагодување фотографии за да се појавуваат по случаен редослед:** Одберете Photos и вклучете или исклучете Shuffle.

# iTunes and App Store

# 9

## iTunes Wi-Fi Music Store



Можете да пребарувате, прелистувате, прегледувате, купувате и преземате песни или албуми од iTunes Wi-Fi Music Store, директно на вашиот iPhone. Содржината којашто сте ја купиле, автоматски се копира во вашата iTunes база при следното синхронизирање на вашиот iPhone со компјутерот.

За да користите iTunes Wi-Fi Music Store, вашиот iPhone мора да е приклучен на Wi-Fi мрежа којашто е поврзана на интернет. Погледнете "Connecting to the Internet" на страница 30.

Дополнително, ќе ви треба да отворите и iTunes account (сметка) во iTunes Store за да можете да купувате песни преку Wi-Fi (iTunes Wi-Fi Music Store е достапна само во одредени земји). Доколку немате iTunes Store account, отворете ја апликацијата iTunes на вашиот компјутер и одберете Store > Account за да го извршите нагодувањето.

*Забелешка:* Не можете да пристапите кон iTunes Wi-Fi Music Store преку мобилна податочна мрежа. Доколку се обидете да пристапите кон iTunes Wi-Fi Music Store, без притоа да се приклучите на Wi-Fi мрежа, можно е да се појават грешки.

### Пронаоѓање песни и албуми

Прелиствувајте ги понудените селекции за да ги прегледувате новите изданија и препораките на iTunes Wi-Fi Music Store. Прелистајте ги најдобрите десет за да ги прегледате најпопуларните песни и албуми во неколкуте музички категории. Доколку барате точно определена песна, албум или изведувач, употребете Search.

**Прелистување на понудените/достапните песни и албуми:** Допрете на Featured, потоа одберете категорија од горниот дел на екранот.




**Прелистување на најдобрите десет песни или албуми:** Допрете Top Tens, потоа одберете категорија и допрете TopSongs или Top Albums.



**Пребарување песни или албуми:** Допрете Search, допрете на полето за пребарување и внесете еден или повеќе зборови и потоа допрете Search.




**Прегледување на песните во албумот:** Допрете на албумот.

Погледнете го албумот во кој се наоѓа песната: Допрете ја песната два пати.

## Прегледување на селекциите на Starbucks

Доколку се приклучите на Wi-Fi мрежата на Starbucks во одбрани Starbucks локации (достапни единствено во САД), на долниот дел од екранот на вашиот iPhone, веднаш до Featured ќе забележите појавување на Starbucks икона. Допрете на неа за да дознаете која песна свири во моментот во кафулето и прегледувајте ги содржаните Starbucks колекции.

За листа на одбрани Starbucks локации, погледнете на www.apple.com/itunes/starbucks

**Дознајте која песна оди во моментот:** Допрете Starbucks. На горниот дел од екранот се појавува песната која моментално свири. Допрете на песната за да видите од кој албум е, како и да ги прегледате и останатите песни од албумот.




**Преглед на плејлистата што е пуштана последна, како и на останатите Starbucks плејлисти:** Допрете Starbucks, потоа одберете Recently Played или некоја од Starbucks плејлистите.

## Купување песни и албуми

Кога ќе пронајдете песна или албум кој ви се допаѓа во iTunes Wi-Fi Music Store, можете да ги купите и да ги преземете на вашиот iPhone. Можете да слушнете дел од песната пред да ја купите, за да се осигурате дека тоа е песната што ја сакате. Во одредени Starbucks локации (достапни единствено во САД), можете да преслушувате и да купувате песните коишто во моментот одат во кафулето, како и други песни од вклучените Starbucks колекции.

**Преслушување песна:** Допрете на песната.

**Купување и преземање песна или албум:**

1 Допрете на цената и потоа допрете Buy Now.

Доколку сте биле логирани на вашиот iTunes Store account во iTunes, последниот пат кога сте го синхронизирале вашиот iPhone, нема потреба да ги внесувате вашите податоци повторно. Во спротивно, ќе треба да го внесете вашиот account ID.

2 Внесете ја лозинката и допрете на OK.

Купувањето се наплаќа на вашиот account во iTunes Store. За дополнителните купувања што ќе ги направите во наредните петнаесет минути, не морате да ја внесувате својата лозинка.

Доколку претходно сте купиле една или повеќе песни од албумот, се појавува известување. Допрете Buy доколку сакате да го купите целиот албум, вклучувајќи

ги и песните што веќе еднаш сте ги купиле, или допрете Cancel доколку сакате да ги купите преостанатите песни засебно.

Некои албуми содржат бонус содржини, коишто се преземаат на iTunes базата на вашиот компјутер. Не секоја бонус содржина се презема директно на вашиот iPhone.

**Увид во статусот на преземање песна или албум:** Допрете Downloads.

За да го паузирате преземањето, допрете ја иконата со знак Pause II.

Доколку е потребно да го исклучите вашиот iPhone или да ја напуштите областа со Wi-Fi конекција, можете слободно да го паузирате преземањето. Вашиот iPhone ќе почне да презема веднаш откако повторно ќе биде приклучен на Wi-Fi мрежа со интернет конекција. Или доколку ја отворите апликацијата iTunes на вашиот компјутер, iTunes ќе го доврши преземањето во вашата iTunes база.

Купените песни се додаваат во плејлистата на Купени на вашиот iPhone. Доколку ја избришете плејлистата на купени, iTunes креира нова со вашето следно купување на содржина од iTunes Wi-Fi музичката продавница.

# App Store

Можете да пребарувате, прелистувате, рецензирате, купувате и преземате апликации од App Store директно на вашиот iPhone. Апликациите што сте ги презеле и инсталирале на вашиот iPhone се зачувуваат во вашата iTunes база веќе се следното синхронизирање со компјутерот. Исто така, можете и да инсталирате апликации што сте ги купиле или презеле преку iTunes на вашиот компјутер, кога ќе го синхронизирате со вашиот iPhone. За да ја користите App Store, вашиот iPhone мора да биде поврзан на интернет. Погледнете "Connecting to the Internet" на страница 30. Исто така, ќе ви треба и  iTunes Store account (достапно во повеќе, но не во сите земји) за да можете да преземате апликации. Доколку немате account, отворете ја апликацијата iTunes на вашиот компјутер и одберете Store > Account за да си нагодите account (сметка).

## Прелистување и пребарување

Прелистувајте ги понудените селекции за да прегледувате нови изданија и препораки на App Store.
Прелистајте ги најдобрите 25 за да видите кои се 25-те најпопуларни апликации.
Доколку барате некоја специфична апликација, користете Search.

**Пребарувајте ги понудените апликации:** Допрете Featured, а потоа одберете една од понудените категории во горниот дел од екранот.




**Пребарувајте по категорија:** Допрете Categories, а потоа одберете ја категоријата под која сакате да прегледувате листа на апликации.



**Пребарување на најдобрите 25 апликации:** Допрете Top 25, и потоа движете се низ листата со апликации.




**Пребарување апликации:** Допрете Search, допрете го полето за пребарување и внесете еден или повеќе зборови и допрете Search.



## Инфо екран

Допрете која било апликација од листата за да видите повеќе информации за неа, како на пример, нејзината цена, рецензии или други информации.
Доколку веќе сте ја инсталирале апликацијата, на местото на цената на инфо екранот се појавува известувањето “Installed”.



**Пратете линк од апликација преку е-пошта:**

На инфо екранот, допрете Tell a Friend.

**Читање рецензии:** На инфо екранот, допрете Reviews.

## Преземање апликации

Откако ќе ја пронајдете апликацијата што ја барате во App Store, можете да ја купите и да ја преземете на вашиот iPhone. Доколку апликацијата е бесплатна, можете да ја преземете без никакви трошоци, откако ќе ги обезбедите вашите податоци од iTunes профилот.

Откако еднаш ќе преземете апликација, таа автоматски се инсталира на вашиот iPhone.

**Купување и преземање апликации:**

1 Допрете ја цената (или допрете Free), и потоа допрете Buy Now.

Доколку сте биле логирани на вашиот iTunes Store account во iTunes, последниот пат кога сте го синхронизирале вашиот iPhone, нема потреба да ги внесувате вашите податоци повторно. Во спротивно, ќе треба да го внесете вашиот account ID.

2 Внесете ја лозинката и допрете на OK.

Купувањето се наплаќа на вашиот account во iTunes Store. За дополнителните купувања што ќе ги направите во наредните петнаесет минути, не морате да ја внесувате својата лозинка.

**Прегледување на статусот на преземените апликации:** Откако ќе отпочнете со преземањето апликација, на вашиот Home screen се појавува икона којашто го покажува статусот на преземањето и инсталацијата.



Доколку е потребно да го исклучите вашиот iPhone или да ја напуштите областа со мрежна поврзаност, нема проблем со преземањето доколку се прекине. Вашиот iPhone го продожува преземањето веднаш при следното приклучување на мрежна или интернет конекција.

## Бришење апликации од App Store

Можете да ги бришете апликациите што сте ги инсталирале од App Store. Доколку избришете апликација, податоците поврзани со неа повеќе нема да бидат достапни на вашиот iPhone, дури и доколку одново ја инсталирате апликацијата.

Можете одново да инсталирате која било апликација и кој било податок од вашата iTunes база доколку вашата апликација била зачувана преку синхронизирање со вашиот компјутер. Доколку се обидете да избришете апликација којашто не е зачувана на вашиот компјутер, ќе се појави известување.

**Бришење апликација од App Store:**

1 Допрете и држете на која било апликациска икона на Home screen сè додека иконата не почне да се ниша.

2 Допрете на “x” во аголот од апликацијата што сакате да ја избришете.

3 Допрете Delete, потоа притиснете го копчето Home ▢ за да го зачувате вашето средување.

За да ги избришете податоците поврзани со одредена апликација, користете “Erase All Content andSettings” во нагодувањата на вашиот iPhone. Погледнете “Resetting iPhone” на страница 111.

## Пишување рецензии или пријавување проблеми

Можете да напишете и да поднесете сопствена рецензија за одредена апликација, како и да пријавите настанат проблем околу одредена апликација, директно од вашиот iPhone.

**Пишување рецензија:**

1 На инфо екранот, допрете Reviews.

2 На екранот Review допрете ја  следната икона ✎ а потоа допрете “Write a Review.”

3 Одберете го бројот на ѕвезди (1–5) за да доделите рејтинг на апликацијата, наслов за рецензијата, како и дополнителни коментари. Доколку и претходно сте оставале критики и коментари, полето за вашиот псевдоним е веќе пополнето. Во спротивно, ќе бидете запрашани да креирате псевдоним (nickname).

4 Допрете Send.

Морате да бидете најавени на вашиот iTunes Store профил, за да можете да поставувате критики.

**Пријавување проблем:** На екранот Review допрете ја следната икона  и потоа допрете "Report a Problem".

Одберете го проблемот од листата или напишете коментар и потоа допрете Report.

## Update на апликации

Секогаш кога пристапувате до App Store, се проверува дали има update na апликациите што ги имате инсталирано. App Store исто така, автоматски ги проверува update-тите секоја недела.
Иконата на App Store го покажува вкупниот број на update-ti достапни за вашите апликации.




Доколку постои up-date за одредена апликација и вие пристапите до App Store, на екранот веднаш се појавува Update screen. Update-тите на апликациите се бесплатни и автоматски се преземаат и инсталираат штом ќе решите да ги прифатите. Апликациските надградувања се нови изданија коишто можат да бидат купени или преземени преку App Store на вашиот iPhone или со iTunes Store на вашиот компјутер.

**Update на апликација:**

1 На дното од екранот, допрете Updates.

2 Допрете на апликацијата за да видите повеќе информации околу update-от.

3 Допрете Update.

Доколку се обидувате да направите update на апликација купена од друг account на iTunesStore, ќе ви биде побарана лозинката, како и корисничкото име на account со цел да се преземе update-тот.

## Синхронизирање купени содржини

iTunes автоматски ги синхронизира песните, албумите и апликациите што сте ги купиле преку iPhone со iTunes базата кога ќе се приклучите на компјутер. Ова ви овозможува да го слушате/користите она што сте го купиле и на вашиот компјутер, како и да го зачувате на вашиот компјутер во случај да ви се избрише апликацијата или купената содржина од iPhone .

Песните се синхронизираат во "Purchased on <name of your iPhone>" playlist.

iTunes ја креира плејлистата доколку таа не постои. iTunes исто така ги копира купените содржини во Purchased playlist која iTunes ја користи за содржините купени на компјутерот, ако таа листа постои и е нагодена да се синхронизира со iPhone.

Преземените апликации се зачувуваат следниот пат кога iPhone ќе се синхронизира со iTunes.Понатаму, само податоците врзани за апликацијата се зачувуваат при синхронизирање со  iTunes.

Апликациите се синхронизираат со листата на апликации во вашата iTunes база. iTunes ја создава листата доколку таа не постои.

## Верификување на купените содржини

Можете да ја користите апликацијата iTunes за да верификувате дека сите музички содржини, видеа, апликации и останати содржини купени од iTunes Wi-Fi Music Store или пак, од App Store се во вашата iTunes база.
Ова може да биде потребно да го направите доколку преземањето било прекинато.

**Верификување на вашето купување:**

1 Осигурајте се дека вашиот компјутер е поврзан на интернет.

2 Во iTunes, одберете Store > Check for Available Downloads.

3 Внесете го вашето корисничко име и лозинка на вашиот iTunesStore account, потоа кликнете Check.

Купените содржини кои сѐ уште не се префрлени на вашиот компјутер се преземени.

Purchased playlist ги покажува сите купени содржини. Меѓутоа, поради тоа што можете да додавате или да отстранувате содржини од листата, можно е таа да не биде точна. За да ги прегледате сите купени содржини, осигурајте се дека сте signin на вашиот account и одберете Store > View My Account, и потоа кликнете на Purchase History.

## Update на вашиот account

Вашиот iPhone ги добива информациите за вашиот iTunesStore account преку iTunes. Можете да ги прегледувате или да ги менувате информациите за iTunesStore account, користејќи ја апликацијата iTunes на вашиот компјутер.

**Прегледување и промена на информациите за вашиот iTunesStore account:** Во iTunes, одберете Store > View My Account.

Морате да бидете најавени на вашиот iTunesStore account. Доколку “View My Account” не се појавува во Store менито, одберете Store > Sign in.

**Купување музика или апликации од туѓ iTunesStore account:** Најавете се на туѓиот профил (сметка) штом ќе се поврзете со iTunes Wi-Fi Music Store или кога купувате или преземате апликација од App Store.

Appendix

# A Решенија на можните проблеми

## Општо

### Појавување на сликата Low-Battery

Батеријата на вашиот iPhone е празна и има потреба од полнење до десет минути пред да почнете да го користите. За информации околу полнењето, погледнете во “Charging the Battery” на страница 32.



или



### Вашиот iPhone не реагира

- Доколку вашиот iPhone не реагира, можеби батеријата е празна. Поврзете го вашиот iPhone со компјутерот или со кабелот за струја за да го наполните. Погледнете “Charging the Battery” на страница 32.
- Притиснете и држете го копчето Home ▢ што се наоѓа под екранот најмалку шест секунди сè додека апликацијата што се ја користеле не се исклучи.
- Доколку тоа не функционира, исклучете го и повторно вклучете го вашиот iPhone. Притиснете и држете на копчето „Sleep/Wake“ на горниот дел од вашиот iPhone неколку секунди сè додека не се појави црвен лизгач и потоа повлечете го лизгачот. Потоа притиснете и држете на копчето „Sleep/Wake“ сè додека не се појави логото на Apple.
- Доколку и тоа не функционира, ресетирајте го вашиот iPhone. Притиснете и држете на копчето „Sleep/Wake“и на копчето Home ▢ барем десет секунди, додека не се појави логото на Apple.

## Вашиот iPhone сè уште не реагира и покрај ресетирањето

- Ресетирајте ги нагодувањата на вашиот iPhone. Од Home screen (основното мени), одберете Settings > General > Reset > Reset All Settings. Сите ваши нагодувања ќе бидат вратени во почетната состојба, но вашите податоци и содржини нема да бидат избришани.
- Доколку и тоа не функционира, избришете ги сите содржини од вашиот iPhone. Погледнете во "Resetting iPhone" на страница 111.
- Доколку и тоа не функционира, обновете го iPhone софтверот. Погледнете "Updating and Restoring iPhone Software" на страница 142.

## „Овој додаток не е направен да функционира со iPhone" ("This accessory is not made to work with iPhone")

Осигурајте се дека на куќиштето на поврзувачот нема нечистотии или прав.

Доколку го поврзете вашиот iPhone со додаток кој не е посебно направен за него, вашиот iPhone може да ве праша дали сакате да вклучите Airplane mode (авионски мод). Ова го прави за да елеминира какви било радио пречки од мобилните сигнали што доаѓаат од вашиот iPhone. Можеби ќе можете да го користите вашиот iPhone со додаток без разлика дали ќе вклучите Airplane mode (авионски мод) или не. Во секој случај, додатокот може да не го полни вашиот iPhone.

Доколку вклучите Airplane mode (авионски мод), нема да можете да воспоставувате повици, да праќате или примате пораки, да пристапите на интернет или да ги користите Bluetooth уредите со вашиот iPhone, сè додека не го исклучите телефонот од додатокот или додека не го исклучите авионскиот мод (Airplane mode).

## „Овој додаток не е поддржан од iPhone" ("This accessory is not supported by iPhone")

Додатокот што сте го прикачиле, може да не функционира со вашиот iPhone. Осигурајте се дека куќиштето на поврзувачот е чисто.

## Екран Connect-to-iTunes

iPhone треба да биде активиран. Поврзете го вашиот iPhone со вашиот компјутер и отворете ја апликацијата iTunes доколку не се отвори автоматски.

## iPhone е премногу топол

Доколку внатрешната температура на вашиот iPhone 3G ја надмине нормалната работна температура, може вашиот iPhone да го направи следново во обид да ја регулира температурата:

- iPhone го прекинува полнењето
- се затемнува екранот
- има слаб мрежен сигнал
- се појавува предупредување за температурата на екранот.

*Важно:* Не можете да го користите вашиот iPhone додека предупредувањето за температурата се прикажува на екранот, освен за воспоставување итен повик. Доколку ниедна од наведените мерки не успее во намалување на температурата, вашиот iPhone автоматски се деактивира (deep sleep mode) сѐ додека не се олади. Во оваа фаза, не можете да воспоставувате дури ни итни повици. Преместете го вашиот iPhone во постудена средина и почекајте неколку минути пред да се обидете повторно да го користите.

## iTunes и синхронизација

iPhone не се појавува во iTunes

- Можеби батеријата на вашиот iPhone треба да се полни. За повеќе информации околу полнењето на вашиот iPhone, погледнете "Charging the Battery" на страница 32.
- Дисконектирајте ги сите останати USB уреди од вашиот компјутер и поврзете го вашиот iPhone на друг USB 2.0 приклучок на вашиот компјутер (не на вашата тастатура).
- Исклучете го и вклучете го вашиот iPhone. Притиснете и држете го копчето „Sleep/Wake" неколку секунди додека не се појави црвениот лизгач и потоа повлечете по него. Притиснете и држете на копчето „Sleep/Wake" сѐ додека не се појави логото на Apple. Допрете Unlock и внесете го вашиот PIN доколку вашата SIM картичка е заштитена.

  *Важно:* Доколку  три пати внесете погрешен PIN, вашата SIM картичка ќе се блокира и треба да го контактирате вашиот оператор и да го внесете PUK бројот повторно за да ја активирате картичката.
- Рестартирајте го вашиот компјутер и повторно поврзете го вашиот iPhone.
- Преземете и инсталирајте (или одново инсталирајте) ја последната верзија на iTunes од www.apple.com/itunes

### Синхронизирањето не функционира

- Можеби батеријата на вашиот iPhone треба да се полни. За повеќе информации околу полнењето на вашиот iPhone, погледнете "Charging the Battery" на страница 32.
- Дисконектирајте ги сите останати USB уреди од вашиот компјутер и поврзете го вашиот iPhone на друг USB 2.0 приклучок на вашиот компјутер (не на вашата тастатура).
- Исклучете го и вклучете го вашиот iPhone. Притиснете и држете го копчето „Sleep/Wake" неколку секунди додека не се појави црвениот лизгач и потоа повлечете по него. Притиснете и држете на копчето „Sleep/Wake" сѐ додека не се појави логото на Apple. Допрете Unlock и внесете го вашиот PIN доколку вашата SIM картичка е заштитена.

*Важно:* Доколку три пати внесете погрешен PIN, вашата SIM картичка се блокира и треба да го контактирате  вашиот оператор и да го внесете PUK бројот повторно за да ја активирате картичката.

- Рестартирајте го вашиот компјутер и повторно поврзете го вашиот iPhone.
- Преземете и инсталирајте (или одново инсталирајте) ја последната верзија на iTunes од www.apple.com/itunes

## Контактите, календарите или обележувачите (bookmarks) не се синхронизираат

- Преземете и инсталирајте (или одново инсталирајте) ја последната верзија на iTunes од www.apple.com/itunes
- Доколку имате нагодено MobileMe или Microsoft Exchange account на вашиот iPhone, iTunes нема да ги синхронизира контактите, календарите или обележувачите што сте ги обележале да се синхронизираат на вашиот iPhone во Info Preference прозорецот. Мора да ги оневозможите сите содржини во MobileMe или Exchange што сакате да ги синхронизирате преку iTunes. Во Settings, допрете "Mail, Contacts, Calendars," допрете на MobileMe или Exchange account-от, потоа отселектирајте ги сите содржини што сакате да ги синхронизирате преку апликацијата iTunes. Доколку имате account и на MobileMe и на Exchange, мора да ги отселектирате содржините и на двата профила.

  *Забелешка:* Кога отселектирате контакти или календари од вашите MobileMe или Exchange профили, информациите повеќе не се достапни преку вашиот iPhone.

## Не сакате да синхронизирате информации од iPhone на компјутер

Заменете ги контактите, календарите, e-mail account-ите или обележувачите (bookmarks) на вашиот iPhone со информации од вашиот компјутер.

**Замена на iPhone информации:**

1 Отворете iTunes.

2 Како што го поврзувате вашиот iPhone со вашиот компјутер, притиснете и држете ги Command-Option копчињата (доколку користите Mac) или Shift-Control копчињата (доколку користите PC) сè додека не го забележите вашиот iPhone да се појави во iTunes страничното мени. Ова оневозможува вашиот iPhone да се синхронизира автоматски.

3 Одберете  iPhone во страничното мени на iTunes и кликнете на Info табот.

4 Во "Replace information on this iPhone," одберете Contacts, Calendars, Mail Accounts или Bookmarks. Можете да обележите и повеќе од еден доколку сакате.

5 Кликнете Apply.

Информациите од одбраните содржини се бришат од вашиот iPhone и се заменуваат со она што е на вашиот компјутер. Следното синхронизирање ќе се одвива нормално со додавање на содржините што сте ги внеле од вашиот iPhone на вашиот компјутер и обратно.

### Адресарите од Yahoo! или Google не се синхронизираат

Можно е апликацијата iTunes да не може да се поврзе со Yahoo! или Google. Осигурајте се дека сте поврзани на интернет и дека сте внесле точно корисничко име и лозинка во iTunes. Поврзете го вашиот iPhone со компјутерот, кликнете на Info табот во iTunes, кликнете „Configure" во одделот Contacts и потоа внесете ги корисничкото име и лозинката.

### Yahoo! Адресарот сѐ уште содржи контакти кои биле избришани од iPhone

Yahoo! Адресарот не дозволува контактите што содржат „Messenger ID" да бидат избришани за време на синхронизацијата. За да избришете контакт со „Messenger ID", најавете се на вашиот Yahoo! Account и онлајн избришете ги овие контакти од вашиот Yahoo! адресар.

## Телефон и говорна пошта

### Неможност за воспоставување и добивање повици

- Проверете ја иконата за мрежен сигнал на врвот од екранот. Доколку нема цртички, или доколку вели "No service," обидете се да се преместите на друга локација. Доколку сте внатре, обидете се да излезете надвор или барем поблиску до прозорецот за да влезете во мрежното покривање.
- Осигурајте се дека сте во област со мрежно покривање. Погледнете ги информациите за регионите со мрежна покриеност на веб страницата на вашиот оператор.
- Airplane mode (авионскиот мод) е исклучен. Во основното мени, одберете Settings, потоа исклучете го авионскиот мод. Доколку ова не работи, почекајте петнаесетина секунди и повторно вклучете го и исклучете го авионскиот мод.
- Исклучете го вашиот iPhone и повторно вклучете го. Притиснете и држете го копчето „Sleep/Wake" неколку секунди додека не се појави црвениот лизгач и потоа повлечете по него. Притиснете и држете на копчето „Sleep/Wake" сѐ додека не се појави логото на Apple. Допрете Unlock и внесете го вашиот PIN доколку вашата SIM картичка е заштитена.

  *Важно:* Доколку три пати внесете погрешен PIN, SIM картичката се блокира и треба да исконтактирате со вашиот оператор и да го внесете PUK бројот повторно за да ја активирате картичката.
- Можно е да има проблеми со wireless услугата. Обратете се до вашиот оператор или посетете ја неговата веб страница.
- Обновете го софтверот на вашиот iPhone. Погледнете "Updating and Restoring iPhone Software" на страница 142.

## Неможност за воспоставување повици преку Wi-Fi

iPhone не поддржува воспоставување повици преку Wi-Fi.

## Визуелната говорна поште не е достапна

Визуелната говорна пошта е овозможена преку мобилна податочна мрежа или преку Wi-Fi конекција. Бидејќи можноста „Data Roaming" е автоматски исклучена, можно е да немате пристап на интернет кога патувате во странство, освен доколку не ја вклучите можноста „Data Roaming" или доколку не се поврзете на некоја Wi-Fi мрежа. За да вклучите „Data Roaming", во Settings одберете General > Network и допрете Data Roaming. За користење на оваа функција, можат да произлезат и дополнителни трошоци.

*Важно:* Можни се дополнителни трошоци за користење на Data roaming, а за да го избегнете настанувањето дополнителни трошоци, исклучете ја можноста.

## Услугата говорна пошта се повикува при допирање на Voicemail

Доколку гласовните инструкции ви побараат, внесете ја вашата лозинка за говорна пошта. Во спротивно, почекајте додека не се појават гласовни инструкции и потоа завршете го повикот. По извесно време, функцијата Voicemail ќе биде повторно достапна.

Ова може да се појави доколку сте ја отстраниле SIM картичката од вашиот iPhone и сте ја замениле со друга.

# Safari, Text, Mail, Contacts

## Веб страниците, пораките или е-поштата не се достапни

- Проверете ја иконата за мрежен сигнал на врвот од екранот. Доколку нема цртички, или доколку вели "No service," обидете се да се преместите на друга локација. Доколку сте внатре, обидете се да излезете надвор или барем поблиску до прозорецот за да влезете во мрежното покривање.
- Осигурајте се дека сте во област со мрежно покривање. Погледнете ги информациите за регионите со мрежна покриеност на веб страницата на вашиот оператор.
- Ако мобилната мрежа не е достапна, обидете се да се поврзете со Wi-Fi мрежа.
- Осигурајте се дека Airplane mode (авионскиот мод) е исклучен. Во основното мени, одберете Settings, потоа исклучете го авионскиот мод. Доколку ова не работи, почекајте петнаесетина секунди и повторно вклучете го и исклучете го авионскиот мод.
- Осигурајте се дека броевите во вашата контакт листа на кои им праќате и од кои примате пораки го вклучуваат и бројот на регионот/земјата.
- Исклучете го вашиот iPhone и повторно вклучете го. Притиснете и држете го копчето „Sleep/Wake" неколку секунди додека не се појави црвениот лизгач и потоа повлечете по него. Притиснете и држете на копчето „Sleep/Wake" сè

додека не се појави логото на Apple. Допрете Unlock и внесете го вашиот PIN доколку вашата SIM картичка е заштитена.

Важно: Доколку три пати внесете погрешен PIN, SIM картичката се блокира и треба да исконтактирате со вашиот оператор и да го внесете PUK бројот повторно за да ја активирате картичката.

- Можно е да има проблеми со wireless услугата. Обратете се до вашиот оператор или посетете ја неговата веб страница.
- Ако патувате во странство, може да немате пристап на интернет затоа што можноста „Data Roaming“ е исклучена (по default). Вклучите ја можноста „Data Roaming“ или поврзете се на некоја Wi-Fi мрежа. За да вклучите „Data Roaming“, во Settings одберете General > Network и допрете Data Roaming. За користење на оваа функција, можат да произлезат и дополнителни трошоци.

  *Важно:* Можни се дополнителни трошоци за користење на Data roaming, а за да го избегнете настанувањето дополнителни трошоци, исклучете ја можноста.
- Обновете го софтверот на вашиот iPhone. Погледнете “Updating and Restoring iPhone Software” на страница 142.

## Прикачените фајлови на е-пошта не се отвораат

Можно е прикачениот фајл да е формат што вашиот iPhone не го поддржува. iPhone ги подржува следниве формати на прикачени фајлови:

| | |
|---|---|
| .doc | Microsoft Word |
| .docx | Microsoft Word (XML) |
| .htm | webpage |
| .html | webpage |
| .key | Keynote |
| .numbers | Numbers |
| .pages | Pages |
| .pdf | Preview, Adobe Acrobat |
| .ppt | Microsoft PowerPoint |
| .pptx | Microsoft PowerPoint (XML) |
| .txt | text |
| .vcf | contact information |
| .xls | Microsoft Excel |
| .xlsx | Microsoft Excel (XML) |

## Не можете да праќате е-пошта (Port 25 Timed Out)

Можно е да треба да ги промените „port" нагодувањата на појдовниот (outgoing) mail сервер, на некој од вашите account-и. За информации, погледнете на www.apple.com/support/iphone и пробарајте "I can receive email on iPhone but can't send it."

## Неможност за праќање текстуални пораки преку Wi-Fi

iPhone не поддржува праќање пораки преку Wi-Fi.

## GAL контактите не се појавуваат

Проверете ги Microsoft Exchange нагодувањата за да се осигурате дека сте на вистинскиот сервер. Во Settings, допрете "Mail, Contacts, Calendars" и одберете го account-от за да ги прикаже нагодувањата.

Доколку се обидете да пребарате GAL контакти во контакти, допрете Groups и потоа допрете Directories на дното од листата.

# Звук, музика и видео

## Нема звук

- Исклучете ги и повторно вклучете ги слушалките. Осигурајте се дека конекторот е правилно и до крај поврзан.
- Осигурајте се дека јачината на звукот не е сосема намалена.
- Музиката на вашиот iPhone може да е на пауза. Обидете се да го притиснете копчето „mic" на слушалките за да продолжите со слушање. Или на Home screen (основното мени), допрете iPod, допрете Now Playing, и потоа допрете на Play иконата.
- Проверете дали е поставен лимит за јачината на звукот. Од Home screen (основното мени) одберете Settings > iPod > Volume Limit. За повеќе информации, погледнете во "Music" на страница 118.
- Осигурајте се дека ја користите последната верзија на iTunes (одете на www.apple.com/itunes).

Доколку го користите куќиштето за приклучок, осигурајте се дека вашите екстерни звучници се вклучени и работат правилно.

## Со притискање на Mic копчето не продолжува музиката

Вашиот iPhone преминува во неактивна состојба откако музиката е стопирана на пет минути. Притиснете го копчето Home или страничното Sleep/Wake копче, за да го активирате вашиот iPhone.

## Слушалките не се совпаѓаат со влезот

iPhone поддржува слушалки од други призводители како и слушалки со стандарден 3.5 милиметарски стерео приклучок. Доколку имате оригинален iPhone, некои слушалки можно е да не се совпаѓаат со телефонот, бидејќи приклучокот е поголем. За оваа цел постојат дополнителни адаптери.

### Песните, видеата и останатите содржини не се пуштаат

Песната може да е кодирана во формат што вашиот iPhone не го поддржува. Форматите што следат се поддржани и можат да се репродуцираат на вашиот iPhone. Тука се вклучени и форматите за подкасти и аудио книги:

- AAC (M4A, M4B, M4P, до 320 Kbps)
- Apple Lossless (високо квалитетен компресиран форматт)
- MP3 (до 320 Kbps)
- MP3 Variable Bit Rate (VBR)
- WAV
- AA (audible.com spoken word, formats 2, 3, and 4)
- AAX (audible.com spoken word, AudibleEnhanced format)
- AIFF

Следниве видео формати се поддржани и вашиот iPhone може да ги пушта:

- H.264 (Baseline Profile Level 3.0)
- MPEG-4 (Simple Profile)

Песните кодирани со помош на Apple Lossless format имаат целосен CD-квалитет на звук, но зафаќаат двојно помалу простор во однос на AIFF или WAV форматот. Истите песни кодирани во AAC или MP3 формат, зафаќаат уште помалку простор. Кога внесувате музика од CD преку iTunes, таа стандардно (by default) се конвертира во AAC формат.

Со помош на апликацијата iTunes за Windows, можете да конвертирате и незаштитени WMA фајлови во AAC или MP3 формат. Ова може да ви биде корисно доколку имате музичка галерија кодирана во WMA формат.

iPhone не поддржува WMA, MPEG Layer 1, MPEG Layer 2 аудио фајлови, или audible.com format 1.

Доколку имате песна или видео во вашата iTunes база во формат што не е поддржан од вашиот iPhone, можете да конвертирате во некој друг формат што вашиот iPhone ќе го препознае и поддржи.

## iTunes продавници

### iTunes Wi-Fi Music Store не е достапна

За да ја користите iTunes Wi-Fi Musuc Store, вашиот iPhone мора да е приклучен кон Wi-Fi мрежа што е поврзана на интернет. Погледнете “Connecting to the Internet” на страница 30. iTunes Wi-Fi Musuc Storeне е достапна во сите земји.

### Неможност од купување музика или апликации

За да купувате песни од iTunes Wi-Fi Musuc Store (достапна само во некои земји) или апликации од App Store, мора да имате account (сметка) во iTunes Store. Отворете ја апликацијата iTunes на вашиот компјутер и одберете Store > Create Account.

## Отстранување SIM картичка

Доколку морате да го оставите вашиот iPhone на сервис или сакате да го позајмите некому, а вие морате да воспоставувате повици, можете да ја користите вашата SIM картичка од вашиот iPhone на друг мобилен телефон.

**Отстранување на SIM картичката:** Внесете го едниот крај на алатката за вадење на SIM картичката (или мала спојувалка) во отворот на држачот на SIM картичката. Цврсто притиснете и турнете право сè додека држачот не излезе кон вас.




## Back up на податоците од вашиот iPhone

iTunes креира back up (резервни копии) од нагодувањата, преземените апликации и податоци и останатите информации на вашиот iPhone. Резервните копии можете да ги искоритите за ги вратите содржините на вашиот iPhone по враќање на софтверот во првобитна положба или за да ги префрлите на некој друг iPhone.

Правењето резервни копии од iPhone или обновување на содржините од резервната копија, не е исто како обично синхронизирање на останати содржини (музика, подкасти, рингтонови, фотографии, видеа и апликации што ги преземате од и преку iTunes) со вашата iTunes база. Резервните копии вклучуваат нагодувања, преземени апликации и податоци и други информации што постојат на вашиот iPhone. Можете да обновите содржини од резервните копии преку iTunes, но ќе морате повторно да ја синхронизирате содржината на вашата iTunes база.

Апликациите преземени од App Store се зачувуваат при следното синхронизирање со iTunes. Потоа, само апликациските податоци се зачувуваат при синхронизирање со iTunes.

## Правење back up на вашите податоци

Back up може да се прави на следниве начини:

- Кога еднаш вашиот iPhone е конфигуриран да се синхронизира со одреден компјутер, iTunes автоматски прави back up од iPhone на тој компјутер додека синхронизирате. iTunes нема автоматски да прави  back up на вашиот iPhone доколку тој не е конфигуриран да се синхронизира со компјутерот. Доколку сте го конфигурирале iPhone автоматски да се синхронизира со iTunes на одреден компјутер, iTunes ќе прави back up од iPhone секој пат кога тој ќе се поврзе со тој компјутер. Автоматското синхронизирање стандардно (by default) е вклучено.

iTunes прави само по еден back up секој пат кога се поврзувате, дури и ако синхронизирате неколку пати пред да се дисконектирате.

- Доколку одберете да направите update на софтверот на вашиот iPhone, iTunes автоматски ќе направи back up од iPhone, дури и ако не е конфигуриран да се синхронизира со iTunes на тој компјутер.
- Доколку одберете да го обновите софтверот на вашиот iPhone, iTunes ве прашува дали сакате да направите back up од вашиот iPhone пред да го обновите софтверот.

Доколку користите Bluetooth слушалка или уред за во автомобил, со вашиот iPhone и доколку ги обновите нагодувањата, морате повторно да ги спарите Bluetooth уредот со вашиот iPhone, повторно за да ги користите.

## Обновување/Враќање податоци од back up

Можете да ги обновите нагодувањата, преземените апликации и останатите информации или да ја користите оваа функција за да ги префрлате содржините на друг iPhone.

**Обновување на вашиот iPhone од back up:**

1. Поврзете го вашиот iPhone со компјутерот на кој вообичаено синхронизирате.
2. Во iTunes, одберете iPhone во страничното мени и кликнете на Summary tab.
3. Кликнете Restore за да го ре-инсталирате iPhone софтверот, да ги вратите неговите стандардни нагодувања и да ги избришете податоците зачувани на него. Во iTunes, можете да обновувате од back up, без да ги бришете податоците зачувани на вашиот iPhone.

Избришаните податоци повеќе не се достапни преку вашиот iPhone преку корисничкиот интефејс, но не се перманентно избришани од вашиот iPhone сè додека над нив не се снимат нови податоци. За повеќе информации околу перманентното бришење на содржините и нагодувањата, погледнете во "Resetting iPhone" на страница 111.

Од вас ќе се побара да ја одберете опцијата да ги обновите вашите нагодувања, преземените апликации и останатите информации од back up–от и изберете го back up-от што сакате да го користите. Повеќекратните back up–и се излистани по хронолошки редослед со најскорашните на почетокот.

## Отстранување back up

Можете да отстраните back up од iPhone од back up листата во iTunes. Може да имате потреба да го отстраните back up –от, доколку, на пример, тој е направен на некој друг компјутер.

**Отстранување back up:**

1 Во iTunes, отворете iTunes Preferences.

- Windows: Одберете Edit > Preferences.
- Mac: Одберете iTunes > Preferences.

2 Кликнете Devices (iPhone не мора да биде конектиран).

3 Одберете го back up –от  што сакате да го отстраните и кликнете Delete Backup.

4 Потврдете ја вашата желба со кликање на Delete Backup.

5 Кликнете OK за да го затворите прозорецот iTunes Preferences.

За повеќе информации околу back up, вклучувајќи нагодувања и информации зачувани на back up, погледнете на support.apple.com/kb/HT1766.

## Дополнување и обновување на iPhone софтверот

Можете да ја користите апликацијата iTunes за да направите дополнување или одново да го инсталирате iPhone софтверот, за да ги обновите стандардните (default) нагодувања или за да ги избришете сите податоци од iPhone.

- Доколку правите дополнување, iPhone софтверот е надграден, но тоа не влијае на вашите преземени апликации, нагодувања и песни.
- Доколку обновувате(restore), последната верзија на iPhone софтверот е одново инсталирана, нагодувањата се обновени, а податоците зачувани на вашиот iPhone се избришани, вклучувајќи ги овде и преземените апликации, песни, видеа, контакти, фотографии, информации од календарот и сите останати податоци. Во iTunes, исто така можете да обновувате од back up без да се избришат податоците зачувани на вашиот iPhone.

Избришаните податоци повеќе не се достапни преку корисничкиот интерфејс на iPhone, но не се перманентно избришани од вашиот iPhone сè додека не се преснимат нови податоци над нив. За повеќе информации околу перманентното бришење на содржините и нагодувањата, погледнете во “Resetting iPhone” на страница 111.

**Update или restore на iPhone:**

1 Осигурајте се дека имате интернет конекција и дека сте ја инсталирале последната верзија на iTunes од www.apple.com/itunes.

2 Поврзете го вашиот iPhone со компјутерот.

3 Одберете iPhone во страничното мени на iTunes и кликнете на Summary tab.

4 Кликнете “Check for Update.” iTunes ви кажува дали има понова достапна верзија од iPhone софтверот.

5 Кликнете Update за да ја инсталирате најновата верзија на софтверот. Или кликнете Restore за да обновите.

Следете ги инструкциите на екранот за да го завршите процесот.
За повеќе информации околу овие нагодувања, погледнете на support.apple.com/kb/HT1414.

## iPhone функции за лица со посебни потреби

Следниве функции го олеснуваат користењето на Phone кај лицата со посебни потреби.

### TTY поддршка (Достапна во некои области)

Користете го вашиот iPhone во TTY мод, со TTY адаптер (достапен одделно) за да користите Teletype (TTY) машина. Погледнете во "Using iPhone with a Teletype (TTY) Machine" на страница 116.

### Помошни титлови (Closed Captioning)

Кога се достапни, вклучете ги помошните титлови за видеата. Погледнете во "Video" на страница 119.

### Минимална големина на буквите за е-пошта

За да ја зголемите читивоста, нагодете ја големината на буквите за е-пошта, и тоа на „Large, Extra Large или Giant". Погледнете во "Mail" на страница 113.

### Голема тастатура

Поедноставете го воспоставувањето повици со допирање на внесените контакти или листата на омилени броеви (favorites). Кога треба да завртите број, големата нумеричка тастатура на вашиот iPhone го олеснува тоа. Погледнете во "Phone Calls" на страница 35.

### Зголемување (Зумирање)

Двојно допрете или раширете со прстите за да ги зголемувате веб страниците, фотографиите или мапите. Погледнете во "Zooming In or Out" на страница 25.

### Визуелна говорна пошта

Контролите „play" и „pause" во визуелната говорна пошта ви овозможуваат да го контролирате плејбекот на пораките. Повлечете го плеј индикаторот по лентата и со тоа  повторувате делови од пораката коишто не можете да ги разберете. Погледнете во "Checking Voicemail" на страница 39.

### Рингтонови со можност за преземање и доделување

Можете да преземете и да доделувате посебни рингтонови на одделни лица од листата на контакти за јасна звучна идентификација на повикувач. Креирајте и преземајте дополнителни рингтонови од вашите омилени песни од iTunes Store (се продаваат одделно). Погледнете "Setting Ringtones" и "Creating Ringtones" на страница 41.

### Instant Messaging (IM) Chat

Користете го вградениот Safari веб пребарувач за да ги користите предностите на веб-базираните Internet Messaging  (IM) услуги оптимизирани за вашиот iPhone, како што се Meebo.com, BeeJive.com, и eBuddy.com кои ги поддржуваат популарните IM чет услуги како на пример AIM, MobileMe, ICQ, Yahoo, Google talk, и MSN.

## Универзален пристап во Mac OS X

Искористете ги предностите на карактеристиките на Universal Access во Mac OS X кога ја користите апликацијата iTunes за да синхронизирате информации и содржини од iTunes базата на вашиот iPhone. Во „Finder“, одберете Help > Mac Help, потоа побарајте “universal access.”

За повеќе информации околу iPhone и Mac OS X содржините за accessibility features, одете на www.apple.com/accessibility.

# Останати ресурси

B Appendix

## Безбедност, софтвер и информации за сервис

Следнава табела прикажува каде можете да најдете повеќе информации поврзани со безбедноста, софтверот и сервисните информации за вашиот iPhone:

| Ако сакате да дознаете за: | Направете го следното: |
|---|---|
| **Безбедно користење на iPhone** | Погледнете го Product Information Guide на www.apple.com/support/manuals/iphone за да ги дознате најновите безбедносни и правни информации. |
| **Сервис и поддршка, совети, форуми и преземање на Apple софтвер** | Одете на www.apple.com/support/iphone |
| **Сервис и поддршка од операторот** | Одете на www.t-mobile.com.mk |
| **Најнови информации за iPhone** | Одете на www.apple.com/iphone |
| **Користење на iTunes** | Отворете iTunes и изберете Help>iTunes Help. За онлајн упатства (достапни во некои области) одете на www.apple.com/support/itunes |
| **MobileMe** | Одете на www.me.com |
| **Користење iPhoto на Mac OS X** | Отворете iPhoto и изберете Help> iPhoto Help |
| **Користење на Address Book на Mac OS X** | Отворете Address Book и изберете Help> Address Book Help |
| **Користење на iCal на Mac OS X** | Отворете iCal и изберете Help> iCal Help |
| **Microsoft Outlook, Windows, Address Book, Adobe Photoshop Album, и Adobe Photoshop Elements** | Разгледајте ги документите што доаѓаат со апликациите. |
| **Информација за серискиот број на iPhone или International Mobile Equipment Identity (IMEI)** | Можете да го најдете серискиот број и IMEI бројот на пакувањето на iPhone. Или, на вашиот iPhone на Home Screen изберете Settings> General >About . Во iTunes на вашиот  компјутер држете го копчето Control и изберете Help > About iTunes (Windows) или iTunes > About iTunes (Mac), потоа пуштете го копчето Control. (Притиснете Space за да го стопирате скролувањето.) |
| **Овозможување гаранциски сервис** | Прво следете ги упатствата од овој документ, како и онлајн упатствата. Потоа посетете ја www.apple.com/support или погледнете го Product Information Guide на www.apple.com/support/manuals/iphone |
| **Сервис за замена на батеријата** | Одете на www.apple.com/support/iphone/service/battery |
| **Користење на iPhone во деловно опкружување** | Одете на www.apple.com/iphone/enterprise |

## Водич приспособен за iPhone

Водичот за корисници на iPhone, приспособен за гледање на iPhone е достапен на help.apple.com/iphone

**За да го погледнете  водичот на вашиот iPhone:**

Во Safari, допрете 📖, а потоа допрете на *iPhone User Guide* bookmark

**Додавање web-клип за водичот на Home screen:**

Додека го разгледувате водичот, допрете ✚ а потоа допрете "Add to Home Screen".